Центар за истражување и креирање политики



# КОН РОДОВО РАМНОПРАВНА МАКЕДОНИЈА

Проектот е финансиран од Европската Унија

Издава:
Центар за истражување и креирање политики
Цицо Поповиќ 6-2/9, 1000 Скопје Македонија
Тел/ факс: +389 2 3109932
www.crpm.org.mk | crpm@crpm.org.mk

Проектот е финансиран од Европската Унија, а реализиран од страна на Центарот за истражување и креирање политики.

Координатор на проектот: Сања Костовска

Графички уредник: Ристе Змејкоски

Техничка подготовка: Наташа Цветковска, Зоран Аврамовски

Вашите коментари и забелешки за оваа студија испраќајте ги на следниот е-маил: crpm@crpm.org.mk

„Оваа публикација е изготвена со помош на Европската Унија. Содржината на оваа публикација е единствена одговорност на Центарот за истражување и креирање политики и на никаков начин не ги рефлектира гледиштата на Европската Унија“

*ПРЕДГОВОР*

На процесот на креирање политики во Македонија, му недостига партиципативен пристап во сите фази на донесување одлуки. Ова е особено видливо во почетната фаза, кога одредена јавна политика се дефинира. Вообичаено се практикува елитистички пристап, кој не ги зема предвид ставовите на засегнатите страни кои се најмногу и директно соочени со крајниот резултат на јавната политика. Креирањето на јавни политики во најголем број случаи го запоставува и родовиот аспект на општествените проблеми.

Партиципативен пристап на креирање политики кој произведува јавни политики соодветни на потребите може да се постигне само доколку, оние кои ги донесуваат одлуките располагаат со анализа на одредена политика заснована на релевантни податоци. Оттука, родовата анализа е ефикасна алатка која веќе се користи во развиените земји со цел да го вклучи родово сензитивниот пристап, особено во почентната фаза на процесот на креирање политики, кога политиките се дефинираат и дискутираат помеѓу засегнатите страни. На глобално ниво, владите се обврзаа да го имплементираат концептот на родова анализа на национално и локално ниво, преку воведување на родово сензитивнен пристап во програмите и политиките предложени од релевантните институции.

Моменталната ситуација во Македонија е таква дека на родовиот аспект се пристапува како формален критериум во процесот на креирање политики, без притоа да има суштински импликации при имплементација на политиките. Во Македонија, ова прашање паѓа во сенка на „поатркативни“ исполитизирани теми, и најмногу се споменува во правно не обврзувачки декларативни документи. Дури и кога е интегрирано во законодавството, назначените механизми за постигнување на родова еднаквост не се имплементираат.

Оттука, публикацијата „Кон родово рамноправна Македонија“ има за цел да го надмине воочениот јаз, преку родова анализа на седум области кои се од голема важност за

*ДЕФИНИЦИИ*

За читателот:

Во текот на нашето истражување се покажа дека дефинициите за родово неутрални политики и родово сензитивни/свесни политики не се добро разбрани и дефинирани. Затоа, во овој дел следи детално објаснување за терминологијата и концептите на студијата.

**Род** е општествено создадена разлика помеѓу мажите и жените. Ова е различно од пол, што е биолошката разлика помеѓу мажите и жените.
Кога се споменува дека мажите и жените не се еднакви, не мислиме само на биологија (биолошки/полови разлики) туку исто така зборуваме и за различните улоги кои се создадени од општеството (родови разлики).[1]

**Родовите улоги** континуирано се менуваат како одговор на промените во општествените и економските услови. На пример, во кризна состојба, жените можеби би прифатиле да исполнуваат традиционално машки улоги. На пример тие би ја играле улогата на глава на семејството, вработен во фабрика или војници. Родовите улоги се менуваат во текот на денот. На пример, ако мајката остане дома од работа и се грижи за незиното болно дете, таа ја исполнува традиционалната женска родова улога. Таа иста личност,кога нејзиното дете ќе оздрави, продолжува да оди на работа надвор од домот и можеби исполнува ролја на примарен доставувач на приход за фамилијата. Во оваа улога таа има традиционално машка родова улога. Иако општеството одредува како секоја улога се менува, сепак треба да се разбере дека секоја промена на една улога влијае на друга улога. Бидејќи родот е создаден од страна на општеството и е променлив, стереотипите за машки и женски улоги може да се стават под знак прашање. Во сите општества, овие улоги еволуираат и се менуваат низ историјата на таа култура. Терминот „родова улога“ и „родов стереотип“ често се користат паралелно, овие се улогите кои се создадени од страна на традицијата.[2]

**Родово свесна проценка на политики** се наоѓа во документи кои ја проценуваат некоја одредена политика според нејзиното влијание врз разлика по полот. *Родовата анализа* е методологијата која е применета за анализа на развојни проблеми, со цел да се идентификуваат и разберат димензиите и релевантноста на прашањето поврзано со род и ограничувањата по основ на род. Анализата вклучува разбирање на разликите помеѓу машките и женските улоги, права и можности.[3] Родовата анализа е задолжителна техничка анализа во склоп на развојот на стратешки планови и развојот на политики. Аналитичката работа во склоп на родовата анализа мора да одговори барем на две прашања: (1) како родовите врски ќе допринесат за

---

1 “Advancing Gender Equality – Using CEDAW and UN Security Council resolution 1325, Training Module for Gender Equality Advocates”, UNIFEM Regional Project “Women for Conflict Prevention and Peace-Building in the Southern Caucasus”, Dec 2006.

2 Ibid

3 A Guide to Gender Integration and Analysis: Annex to ADS 200 Series

да се остварат одржливи резултати, и (2) како предложените резултати ќе влијаат на статусот на мажите и жените. За да се одговори на овие прашање мора да се земат во предвид не само различните улоги, туку исто така и поврзаноста и рамнотежата помеѓу нив и институционалните структури кои ги одржуваат.

**Родова совесност** е препознавањето дека мажите и жените исполнуваат различни улоги во општеството и дека последователно имаат различни потреби кои мора да се земат во предвид.

**Родова еднаквост** е концептот дека еднакви права и можности треба да уживаат сите жени, мажи, момчиња и девојчиња во сите аспекти на нивното живеење: општествени, политички, правни и економски.

**Родова сензитивност** е свеста дека жените и мажите исполнуваат различни улоги и имаат различни потреби за кои треба да се превземат соодветни дејствија.

**Родова рамка** е алатка за рационализирање на анализата на потребите и прашањата на мажите, жените девојчиња и момчиња (а особено нивната взаемна поврзаност во општеството). Ова е во исто време и водич за изготвување на методологии и политики.

**Родова рамнотежа** е идеалната состојба каде сите жени, мажи, девојчиња и момчиња живеат во хармонија и имаат еднакви можности и со взаемен почит.

**Родов фокус** се однесува на политики или дејствија кои се посебно дизајнирани за да соодветно одговорат на потребите на мажите, жените, девојчињата и момчињата, кога се работи за потреби дефинирани од родовиот аспект на нивниот идентитет.

**Родово слепи** се однесува на свесното или несвесното дејствување или говорење, неутрално без да се потенцираат разликите по основ на род.

**Родова предрасуда** е позитивен или негативен став или практика кон мажи или жени.

Родо**ви стереотипи** се доделувања на улоги, дејствија или одговорности на одреден род врз основа на предрасуди.

**Родова дискриминација** е разликата во однесување кон некого/некоја само поради нивниот род. Ова дискриминација допринесува за структурни нееднаквости во општеството.

**Родова десегрегација** на податоци е класифицирање на информации врз основ на полот, што нуди базни индикатори за потребите врз основ на род.

**Родова еднаквост** е еднаквиот третман, рамномерно препознавање и вреднување на машкиот и женскиот потенцијал.

**Родова анализа** е критичната проценка на прашања кои влијаат врз мажите и жените во одредени состојби или политики.

**Родово интегрирање** е кога се влијае на развојните политики и планирани програми, без оглед на секторот или типот на проект. Интегрирањето е целосно различна стратегија на креирање политики од поделбата на родови прашања по различни „женски проекти". Самиот концепт родово интегрирање се користи од страна на тие кои го гледаат женскиот развој како силно поврзан со зголемувањето на учеството на жените и нивната моќ, со цел да може да одговорат на предизвикот на родова нееднаквост. Од овој аспект, родово интегрирање подразбира трансформацијата над развојниот процес.

***Родови политики:***

**Родово неутрални политики** се стремат да инволвираат одредени групи на мажи и жени со цел да се исполнат одредени зацртани цели. Сепак овој тип на креирање политики ги остава недопрени постоечките поделби на ресурси, одговорности, можности. Во овој контекст, оваа политики а родово сензитивна, но не го менува структурниот статус кво.

**Родово специфични политики** се наменети за одреден пол и се стремат позитивно да допринесат да се да се постигнат одредени цели на политики или поефикасно да се задоволат одредени родово посебни потреби. Родово специфични политики се родово сензитивни бидејќи нивните интервенции се насочени кон специфичен пол, во рамки на постоечката дистрибуција на ресурси и одговорности. Овие интервенции се најчесто од социјален карактер но може да имаат и поголемо влијание. Разликите помеѓу женско специфичната политика и родово слепата политика се наоѓаат во анализата на родово специфичните ограничување и тие што се базирани на претходни претпоставки за соодветните улоги на жените.

**Родово трансформативни политики** се насочено кон мажите или жените (или и двата пола) и го препознаваат постоењето на родово специфични потреби и ограничувања. Сепак, тие во исто време се стремат да ги трансформираат постоечките родови односи преку редистрибуцијата на ресурси и одговорности. Родова редистрибуција е најголемиот предизвик од сите интервенции на политики бидејќи не се стреми единствено кон насочување на ресурси кон жените во постоечките општествени рамки, туку го става во прашање постоечкиот статус кво.

# СОДРЖИНА


| | | |
|---|---|---|
| 1 | Застапеност на жените во политиката<br>Автори: МЕС Сања Костовска / МА Илија Талев | 11-19 |
| 2 | Репрезентација на жените во јавната администрација<br>Автори: МЕС Сања Костовска / МА Илија Талев | 20-35 |
| 3 | Родовата еднаквост при вработувањето<br>Автор: МПА Марија Ристеска | 36-52 |
| 4 | Ефективни имотни и наследни права на жените во РМ<br>Автор: МА Анастас Вангели | 54-77 |
| 5 | Влијанието на инфраструктурата врз времето на жените во РМ<br>Автор: Ристе Змејкоски | 78-94 |
| 6 | Како да се зголеми уписот во средно на девојчиња?<br>Автор: МА Ана Мицкова - Ралева | 96-111 |
| 7 | Младите имаат право на сексуално образование<br>(Анализа за потребата од воведување на сексуалното образование од родов аспект)<br>Автор: МЕС Сања Костовска | 112-132 |

# КОН РОДОВО РАМНОПРАВНА МАКЕДОНИЈА

1

# ЗАСТАПЕНОСТ НА ЖЕНИТЕ ВО ПОЛИТИКАТА

Автори:
МЕС Сања Костовска
МА Илија Талев

СОДРЖИНА


| | | |
|---|---|---|
| *1.* | *Вовед* | 12 |
| *2.* | *Политичка застапеност на жените* | 12 |
| *3.* | *Политичка застапеност на локално ниво* | 16 |
| *4.* | *Преглед на правната рамка* | 17 |
| *5.* | *Заклучок и препораки* | 19 |

## 1. Вовед

Модерните демократии се гордеат со својот капацитет да обезбедат еднаквост за сите граѓани, без разлика на возраста, полот, религијата, етничката припадност, итн. Сепак, сите општества мораат да се справат и со прашањето на родова еднаквост, а во најголемиот број случаи тоа е долготраен процес.

Креирањето на родово сензитивна политика најдобро се постигнува преку еднакво учество на мажите и жените во процесот на креирање на политики. Ова оди заедно со концептот на давање моќ на жените, дефиниран како „ 'од долу нагоре' (bottom-up) процес за трансформација на односите на моќ меѓу половите, преку поединци или групи кои развиваат свест за женската подреденост и го градат својот капацитет за да се соочат со предизвикот. Крајната цел на давањето моќ на жените е за самите жени да бидат активни двигатели на промената."[1] Со цел резултатите од политиката да ги земат во предвид потребите и грижите на двете групи, институционалната архитектура во едно демократско општество треба да биде заснована на принципите на еднакви можности за мажите и жените.

Комбинираниот прв, втор и трет извештај на ОН од 2004 год., за државите потписнички на Конвенцијата за елиминација на сите форми на дискриминација на жените, за Република Македонија го кажува следното:

> *„Според сегашните податоци, недостатокот на застапеност во власта и во процесот на донесување на одлуки е еден од главните проблеми каде се јавува родова дискриминација, општо присутна кај сите жени, со исклучок на една незначајна помала група. За надминување на демократскиот дефицит кој произлегува од недоволната застапеност на жените во сите структури на власта, релевантните фактори во земјата треба да ги насочат напорите за решавање на проблемите поврзани со содржината и процесот на донесување одлуки, наместо да пристапуваат на дискриминацијата како на изолиран фактор."*[2]

## 2. Политичка застапеност на жените

Политичката застапеност на жените е клучен предуслов за подобро влијание и вклучување на жените во креирањето на политиките. Минималниот праг од 30% застапеност на жените на сите нивоа и сектори е прифатен меѓународен стандард. За жал, статистиката покажува дека сепак сме далеку од целосна реализација на овој процент.

И глобално, постигнувањето на еднакво ниво на жените и мажите на сите нивоа во донесувањето одлуки е долг и тежок процес. Ова се должи на неколку

1 Развојна корпорација на Ирска, Оддел за надворешни работи, „Политика за родова рамноправност", април 2004 год., достапно на http://www.irishaid.gov.ie/Uploads/Gender%20Equality%20Policy.pdf последно посетено на: 30.04.2009

2 Комитет на Обединетите нации за елиминација на сите форми на дискриминација на жените, „Комбиниран почетен, втор и трет периодичен извештај за државните партии", 5 август 2004 год., стр. 13.

причини:[3]
- Силна патријархална политичка култура
- Слабо женско движење
- Слаби или непостоечки национални механизми за промоција и обезбедување  на родова еднаквост
- Неповолен гласачки систем
- Нестабилен партиски систем
- Политички елити во кои доминираат мажи

Постојат многу фактори кои влијаат врз нивото на застапеноста на жените во политиката. Еден од најважните фактори е типот на изборен систем, кој често се јавува како главна пречка на патот на пробивањето на жените во политиката. Истражувањата[4] покажуваат дека жените повеќе напредуваат во пропорционалните изборни системи, отколку во мнозинските. Имено, во 2004 год., од 182 земји каде што имало избори, жените во мнозинските системите во просек претставуваа 8.5% од парламентарниот состав, 11.3% во комбинираните и 15.4% во пропорционалните системите.[5] Според друго истражување[6] , во пропорционалните системите бројката на избрани жени во просек е повисока за 6%. Според тоа, 13 од првите 15 земји со највисока женска застапеност имаат пропорционален систем.

Како дополнителен аргумент во оваа насока, може да се земе македонското искуство. Следејќи ги промените во гласачкиот систем, од мнозински до пропорционален, застапеноста на жените во политиката расте. Сепак, изборниот систем не е единствениот предуслов кој влијае врз родовиот баланс во политиката, туку и другите изборни правила, особено оние кои се однесуваат на видот на кандидатската листа (отворена/затворена), имаат големо влијание. Дел од експерти за избори ја поддржуваат идејата за воведување на преференцијално гласање или замена на затворените кандидатски листи со отворени листи во рамките на пропорционалниот систем.[7] Тоа би допринело до поголемо граѓанско учество во изборниот процес, како и поголема одговорност на изборните кандидати. Но, прашањето е какво би било влијанието врз родовиот баланс во политичкиот живот, доколку се воведат вакви измени? Искуството од многу земји покажува дека отворената кандидатска листа често води кон неповолна позиција за женските кандидати (освен ако жените во земјата се исклучително добро

3 Milica G. Antic and Sonja Lokar, The Balkans: from total rejection to gradual acceptance of gender quotas; Women, Quotas and Politics; edited by Drude Dahlerup; Routledge  Research in Comparative Politics; Pg.159

4  A Review of the Role of the United Nations Development Fund for Women; Beyond numbers: supporting women's political participation and promoting gender equality in post-conflict governance in Africa; January 2006; http://www humansecuritygateway.info/documents/UNIFEM_WomensParticipationInGovernance_Africa.pdf

5 Ибид.

6 Press release, Inter-Parliamentary Union, No.324, New York/Geneva, 5 March 2009, http://www.ipu.org/press-e/gen324 htm

7 Александра А. Митевска, Преференцијален гласачки систем е излез од кризата, Глобус, 18.03.2008 год. http://www.globusmagazin.com mk/?ItemID=C7FD1D38C1A337489C86A409A0C525EA;  Интервју со Гордана Силјановска, Дневник, 18.03.2006 год., http://star.dnevnik.com.mk/default.aspx?pbroj=2468&stID=34319

политички организирани).[8] Од друга страна, искуството на пропорционалните системи покажува дека „затворените“ листи често водат кон поголема застапеност на жените во политиката, во споредба со „отворените“ листи, само во случај на постоење на квота за женски кандидати.[9] Независно од моделот-„отворена“ или „затворена“ листа, позицијата на жените на кандидатските листи е клучен момент за нивен влез во политика.

На глобално ниво[10], 18.3% од местата во парламентот им припаѓаат на жени. Споредено со статистиките од 1995 год. (11.3%) ова е значаен напредок, пораст од 60%. Минималниот праг од 30% застапеност на жените во парламентот е постигнат само во 15% од парламентите низ светот. Иако овој процент не е многу висок, треба на него да се гледа како на значаен напредок во минатата деценија. Зголемувањето на женски претставници во парламентите е забележан во 60% од повторните парламентарни избори, додека стагнација или уназадување во 40% од обновените парламенти. Дури и денес, постојат парламенти каде што застапеноста на жените е под 10%. За жал, ова не се изолирани случаи, туку сочинуваат ¼ од сите парламенти во светот.

Интересно, Македонија се посочува како позитивен пример[11] и е една од земјите каде повеќе од 30% пратеници се жени. Во моментот, бројот на жените во Македонскиот парламент е 39, што претставува 32,5% од вкупниот број пратеници. Ова е резултат на измените на изборниот законик со кој политичките партии се обврзани да поднесат листи на кандидати со најмалку една третина жени-кандидати.[12] Ова не е голема промена од 2006 год., кога 36 од 120 пратеници беа жени (30%), но воспоставува позитивен тренд кој би можел значајно да влијае врз родовата политика во парламентот. На пример, неформалната група на жени-пратеници е формирана во 2003 година кога се појавува и првото позначајно зголемување на бројот на жени пратеници. Мисијата на ваквото неформално групирање е да се „постигне родова еднаквост, да се унапредат женските права и нивното активно вклучување во процесот на донесување на одлуки во земјата.“

*Табела 1. Жени и мажи во РМ – публикација на Државен завод за статистика, 2006 год.*

| | 1990-1994 | 1994-1998 | 1998-2002 | 2002-2006 | 2006-2008 | 2008-2012 |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Бр. на жени | 5 | 4 | 9 | 21 | 36 | 39 |
| % на жени | 4% | 3% | 8% | 18% | 30% | 32.5% |

8 www.un.org/womenwatch/osagi/wps/publication/Chapter3 htm
9 A Review of the Role of the United Nations Development Fund for Women; Beyond numbers: supporting women's political participation and promoting gender equality in post-conflict governance in Africa; January 2006; Pg.12 http://www humansecuritygateway.info/documents/UNIFEM_WomensParticipationInGovernance_Africa.pdf
10 Press release, Inter-Parliamentary Union, No.324, New York/Geneva, 5 March 2009, http://www.ipu.org/press-e/gen324.htm
11 Ибид.
12 Формулацијата на законот е родово неутрална. Не е споменат ниеден пол, туку се употребува терминот „помалку застапен пол“

И покрај значајното подобрување на парламентарно ниво, застапеноста на жените во политиката не треба да се гледа како техничко пополнување на квота. Тоа треба да биде тековен процес кој се движи кон постигнување и одржување на родов баланс.

Сепак, не може да се извлече заклучок само врз основа на парламентарната застапеност на жените. Оттука, релевантни информации за родовиот баланс во македонската политичка сцена се обезбедени од бројот на жени и во другите сфери на власта.

На ниво на министерствата, ја забележуваме следната ситуација:

- 2 жени министри од вкупно 22 министерски места (внатрешни работи и култура);
- 3 жени заменик-министери (образование и наука, информатичко општество и животна средина);
- 6 Државни секретари (внатрешни работи, правда, финансии, економија, локална самоуправа, транспорт и врски);

ЗАБЕЛЕШКА: Нивото на застапеност на жените на овие клучни функции е многу ниско. Неколку жени играат пресудни улоги како главни раководители во министерствата.

Слична неповолна ситуација за жените се препознава и на локално ниво. Иако има позитивен тренд во последните 4 изборни циклуси на ниво на локалните општински совети, постигнувањето на родов баланс е далеку. На локално ниво уште многу треба да се работи за да се исполни сегашниот законски пропишан минимален праг од 30%.

*Табела 2. Жени и мажи во РМ –публикација на Државен завод за статистика, 2006 год.*

| | 1996 | 2000 | 2005 | 2009 |
|---|---|---|---|---|
| Број на жени градоначалници | 0 | 3 (2%) | 3 (4%) | 0 |
| Број на жени во локалните совети | 105 (6%) | 161 (8%) | 315 (23%) | 369 (26,7%) |

Концептот на децентрализација во самата своја суштина овозможува поголема застапеност на локалните интереси и групи; сепак, не овозможи надминување на драматичниот родов јаз на ова ниво. Освен тоа, прашањата од посебен интерес за жените беа целосно маргинализирани во локалните изборни дебати, што претставува силен индикатор за ниското ниво на родова свест. Интересно, ниедна од 13 жени кои се кандидираа за градоначалник не победи во првиот круг, ниту пак некоја успеа да влезе во вториот круг на локалните избори во 2009 год.[13] Освен тоа, некои од ново избраните жени за членови на општински совети

13 Набљудувачка мисија за изборите, Претседателски и локални избори во Поранешна југословенска Република Македонија, втор круг, 5 април 2009 год.,ОБСЕ http://www.osce.org/documents/odihr/2009/04/37147_en.pdf

(особено помалку образованите жени од малцинските заедници) беа подложени на притисок да дадат оставка во корист на мажите кандидати.[14] Постојат општини, главно рурални, со една или ниедна жена во локалниот совет.

Евидентно е дека највисоките политички позиции на централно и локално ниво традиционално се „резервирани“ за мажите. На проблемот треба да се пристапи на сеопфатен и доследен начин, преку законски промени, афирмативни мерки и политики, активности за подигнување на свеста и подобрување на социо-економскиот статус на жените.

## *3. Политичка застапеност на локално ниво*

Значајно подобрување се забележува во последните три циклуси на локални избори во однос на политичката застапеност на жените. Ова најмногу се должи на промените во изборниот законик. Според тоа, истиот позитивен тренд забележан на национално ниво во однос на политичката застапеност на жените се препознава и на локално ниво, но брзината на спроведување на локално ниво е различна. На парламентарно ниво жените се застапени со повеќе од 30%, додека во повеќето општини (55 од 84) процентот е помал од 30%.[15] Во 7 општини има само една или ниедна жена во локалниот совет.

За подетален преглед на ситуацијата, беа анализирани две општини; Струга со мнозинско албанско население и Струмица, со мнозинско македонско население.

Постои видлив напредок во политичката застапеност на жените во двете општини. Афирмативните клаузули воведени во изборниот законик имаа особено позитивно влијание во случајот на Струга. Иако процентот на жените во локалниот совет е помал од 30%, се забележува драматично подобрување од 2000 год. Од друга страна, во Струмица клучниот чекор напред е направен на локалните избори во 2005 год., кога бројот на жени во локалниот совет ја достигна квотата од 30%, и продолжи да се зголемува и на последните локални избори во 2009 год.

*Табела 3*

| Општина | Број на жени во локалните совети | | |
|---|---|---|---|
| | 2000 | 2005 | 2009 |
| Струга | (5.3%)[17] | 4 (14.8 %) | 7 (25,93 %) |
| Струмица | 2 (10.5%) | 7 (30.4 %) | 8 (34,78 %) |

14 Ибид.

15 Список на локални советници избрани на последните локални избори 2009 год, http://www.zels.org.mk/

## *4. Преглед на правната рамка*

Изборниот законик ја обезбедува правната основа и правната обврска за политичките партии да делуваат во согласност со начелото на родова еднаквост за време на изборите.

**Изборниот законик** поставува минимален праг за учеството на жените на сите нивоа во политиката. Според тоа, доставената кандидатска листа за пратеници во Парламентот, за локалните совети и Советот на град Скопје, на секои три места треба да има најмалку едно место резервирано за помалку застапениот пол (член 64, став 5). Политичките партии кои нема да ги исполнат овие услови, нема да бидат регистрирани за изборите.

Сегашниот изборен законик ги замени претходните закони со кои се регулираше изборот на пратениците и локалните избори одделно. Претходните закони пропишуваа минимален критериум од најмалку 30% од кандидатите на избирачката листа да бидат резервирани за помалку застапениот пол. Воведувањето на овие афирмативни клаузули придонесе кон драматичен пораст на бројот на жени пратеници и женските претставници во локалните совети. Сепак, ситуацијата се уште е далеку од постигнување на родов баланс.

Пред воведувањето на било која афирмативна клаузула во законодавството, нивото на застапеност на жените во политиката беше многу ниско. Главната причина[17] за тоа беа политичките партии, кои женските кандидати ги ставаа на дното на изборните кандидатски листи. Според тоа, шансите на жените да бидат избрани на некоја политичка позиција беа минимални. За среќа, првичното воведувањето на афирмативните клаузули во предходното законодавството за локалните и парламентарните избори и поставувањето на квота од 30% за помалку застапениот пол (што налагаше половина од таа бројка да биде ставена во горниот дел, а остатокот во долниот дел од кандидатската листа) навистина го зголеми бројот на жените, иако не го доведе на задоволително ниво. Една од пречките беше ограниченото толкување на оваа клаузула од страна на ДИК, што им овозможи на политичките партии да го заобиколат овој член и да кандидираат помалку жени. Имено, прирачникот што го издаде ДИК за локалните избори во 2005 год. пропишуваше дека во општините каде локалните совети се составени од 15 членови, 30% изнесува 4,5 члена на советот. Толкувањето на законот од страна на ДИК имплицираше дека политичките партии мораат да номинираат 4 жени на кандидатските листи, што во реалноста е помалку од 30%. Ниското ниво на родова свест во институциите кои работат на изборите претставуваше дополнителна пречка за побрз напредок во политичката застапеност и учеството на жените.

Новиот изборен законик имаше за цел да ја пополни дупката која беше забележана во претходната законска регулатива. Според тоа, новиот закон пропишува дека на секои три места треба да има барем едно место резервирано за помалку застапениот пол. Подобрувањето на политичката застапеност на

16 29.06.2009, интервју со државен службеник, врботен во Одделот за човечки ресурси во општина Струга; во 2000 год. бројот на жени во локалните совети бил минимален, со застапеност од една или две жени од 19 советници во општинскиот совет.

17 Интервју со Савка Тодорова, претседател на СОЖМ (национална женска организација),11.06.2009 год.

жените е очигледно. Сепак, се уште постои недостатокот на политичка волја во рамките на политичките партии за кандидирање на жени на високи позиции (како градоначалници, и првите две места на кандидатските листи)[18]. Како одговор на тоа постои иницијатива[19] за воведување на квота за жени градоначалници. Иницијативата е во почетна фаза и во моментот се лобира на ниво на политички партии. До сега само една политичка партија[20] ја разгледувала иницијативата на највисоко партиско ниво, и за жал не ја поддржала. Понатаму, друга политичка партија која го разгледувала прашањето во неофицијална комуникација, сигнализирала дека не е од голем интерес да се поддржи ваков амандман на изборниот законик.

Непостоење на политичка волја, што е заедничко за повеќето политички партии се должи на фактот дека на повеќето највисоки политички позиции се мажи, и логично на тоа мажите политичари не сакаат доброволно да се откажат од својот политички простор во корист на нивните женски сопартијци.

И покрај тоа што компаративното искуство не упатува на модел на квота која би го подигнал процентот на жени на ниво на градоначалнички, сепак треба да се размисли и темелно да се разгледа оваа идеја, при што активно би била вклучена експертската јавност од оваа сфера. Она што теоријата го воочува и утврдува е дека квотата како афирмативна мерка не е апликабилна кога станува збор за политички позиции кои се избираат врз основа на мнозинскиот избирачки систем, каде има можност за избор на само една личност, како на пример позиции за градоначалник или претседател на држава. Сепак можноста за наметнување на квота во смисла на запазување на одреден процент на кандидати градоначалници да бидат од помалку застапениот пол теоретски е изводлива, но многу малку или воопшто не е предмет на дискусија на академско ниво. Од друга страна, ваквата мерка би можела да наиде на негодување од аспект на директно мешање во внатрепартиското организирање и делување, од противниците на овој тип на афирмативни мерки. Освен тоа, отворено останува и прашањето дали и колку ваква интервенција во законот (политичките партии да бидат обврзани 30% од кандидати за градоначалници да припаѓаат на помалку застапениот пол) би придонела за зголемување на процентот на жени на оваа позиција. Дури и да се интегрира ваква афирмативна клаузула во изборниот законик, повторно би можела лесно да се „изигра" со тоа што партиите би кандидирале жени за градоначалник во оние општини каде се сигурни дека нема да ги добијат изборите. При тоа би ја исполниле законската обврска, меѓутоа тоа не би имало накаков импакт, во смисла на унапредување на застапеноста на жените на највисоките градоначалнички позиции.

Има уште една дупка во изборниот законик што го нарушува родовиот баланс и е потребно да се реши. Во случај на прекинување на мандатот на пратеникот/пратеничката, односно претставникот/претставничката на локалниот совет, остатокот од мандатот го презема следниот кандидат од изборната кандидатска листа (чл.153[1]). Во духот на начелото на родова еднаквост се препорачува пратениците или претставниците на локалните совети чиј мандат престанал да не

18 Ибид.

19 Интервју со Лилјана Поповска, пратеник, 1.07.2009

20 Ибид.

се заменат со следниот кандидат од листата, како што е предвидено со законот, туку со следниот кандидат од ист пол. Со ова ќе се спречи притисокот кој се забележува на локално ниво, особено во руралните општини, каде избраните жени се принудени да дадат оставка во корист на машките кандидати кои се следни на листите.

## *5. Заклучок и препораки*

Македонското општество е преоптоварено со многу предрасуди и оттука не е најлесното место за жените да ја реализираат својата политичка амбиција . Затоа треба да се превземат мерки со цел за да се обезбеди подобра застапеност на жените.

Потенцијална препрека на која може да наидат иницијативи од ваков карактер е недостатокот на политичка волја во политичките партии да дејствуваат и придонесуваат во оваа насока. Било кои афирмативни мерки значат дека местата на кои моментално се поставени мажи мора подобро да се распоредат меѓу двата пола. Тешко е да се поверува дека некој доброволно ќе се откаже од својата позиција. Ова може да се промени само под голем притисок од страна на жените кои успеале да дојдат на висока политичка позиција, силни координативни активности од НВО секторот и од меѓународната заедница.

**Квоти за подобра политичка застапеност на ниво на градоначалници на помалку застапениот пол?!**

*Законодавните промени кои би воведеле квоти за градоначалници од помалку застапениот пол, треба сериозно да се разгледаат, при што треба да се отвори широка и трнаспарентна дебата, во која активно би биле вклучени сите засегнати страни и експертската јавност.*

**Амандман на изборниот законик, конкретно на член 153 и член 155**

*Амандманот треба да пропишува дека пратеникот или претставникот во локалните совети, чиј мандат престанал, се заменуваат со кандидат од истиот пол кои следува на кандидатската листа. Со ова ќе се спречи злоупотреба на квотата за политичката застапеност на жените, особено на локално ниво. Само ова може да го намали притисокот со кој се соочуваат жените откако се избрани за да се откажат од својот мандат во полза на машките кандидати.*

**Обука на политички партии**

*Обуките треба да се спроведуваат за сите политички партии, да се објасни важноста на родовиот баланс во политичкиот живот. Овие обуки треба да бидат насочени не само кон жените, туку и кон мажите, со оглед на тоа што обично мажите на високи позиции во партиите се одлучувачкиот фактор (и главната пречка) за жените да постигнат еднаков статус во политичкиот живот.*

2

# РЕПРЕЗЕНТАЦИЈА НА ЖЕНИТЕ ВО ЈАВАНАТА АДМИНИСТРАЦИЈА

Автори:
МЕС Сања Костовска
МА Илија Талев

## СОДРЖИНА

| | | |
|---|---|---|
| 1. | *Вовед* | 22 |
| 2. | *Застапеност на жените во јавната администрација* | 23 |
| 3. | *Застапеност во локалната администрација* | 26 |
| 4. | *Преглед на правната рамка* | 28 |
| 5. | *ЕУ стандарди во однос на еднаквите можности за жените и мажите при вработување во јавниот сектор* | 29 |
| 6. | *Заклучок и препораки* | 33 |

## 1. Вовед

Соодветен родов баланс во државните институции и јавната администрација е можеби најважниот аспект за постигнување на родова еднаквост, бидејќи учеството на жените во овие установи е клучно во процесот на родовата интеграција (gender mainstreaming) во формулирањето на јавната политика. Придобивките од постигнувањето рамноправност во оваа сфера, даваат пример за понатамошно воведување на вакви стандарди, меѓудругото и во приватниот сектор.

Според економскиот и социјалниот комитет на Обединетите нации, родова интеграција е:

> *„...процесот на оценување на импликациите врз жените и мажите на било која планирана активност, вклучувајќи го и законодавството, политиките или програмите, во сите области и на сите нивоа. Тоа е стратегија за давање на интегрална димензија на женските и машките грижи и искуства во подготовката, спроведувањето, следењето и оценувањето на политиките и програмите во сите политички, економски и социјални сфери, на тој начин што и мажите и жените можат да имаат подеднакви придобивки, а нееднаквоста да не се продолжува. Крајната цел е да се постигне родова еднаквост.“*[1]

Еднаквата застапеност и учество на жените треба да биде прво и главно обезбедено на сите нивоа на власта и јавната администрација. Понатаму, правната рамка и неформалните правила исто така треба да промовираат рамноправна застапеност во другите сектори (приватниот сектор, невладините организации, граѓанските здруженија, политичките партии итн.). Напредокот на Македонија во сферата на родовата еднаквост се води од неколку фактори: Аспирациите на Македонија за приклучување кон Европската Унија; Македонија ја ратификува Конвенцијата за елиминација на сите форми на дискриминација над жените од 1979 год., КЕСФДЖ (во 1994 год.), го потпиша Опционалниот протокол на КЕСФДЖ во 2000 год., го ратификуваше на 24 јуни 2003 год., и стапи на сила на 17 октомври 2003 год.

Покрај тоа, Македонија беше дел од Пекиншката платформа и програма за активности од 1995 год., што резултираше со подготовка на Национален план за активности за родова еднаквост од страна на Министерството за труд и социјална политика во 1999 год. Како резултат на тоа, земјата создаде национален механизам за родова еднаквост претставен преку Секторот за еднакви можности при Министерството за труд и социјална политика. Понатаму, општините почнаа да ги исполнуваат правните барања за формирање на комисии за еднакви можности. Во 2007 год. беа формирани само 30 комисии, додека во 2008 год. бројката се искачи на 79, од вкупно 85.

Оваа студија се фокусира на улогата на жените во јавната администрација во Република Македонија. Светскиот економски форум (СЕФ) од 2008 год., ја

1 „Родова интеграција – преглед“, Канцеларија на специјалниот советник за родови прашања и унапредување на жените, Обединети нации, Њујорк, 2002 год.

рангираше Македонија на 53тото место (коефициент 0.691/1.000) на листата од 130 земји каде што е спроведено истражување на тема родова еднаквост. Во 2007 год. Македонија се најде на 35тото место (коефициент 0.697) од 128 земји, а во 2006 год. беше 27ма (коефициент 0.698) од 115 земји. Отука, може да се заклучи дека всушност постои севкупно опаѓање на нивото на родова еднаквост во земјата, и покрај некои напори да се отстранат претходните правни пречки за постигнување на поголема застапеност на жените во различни сфери на општеството. Истите ќе бидат дискутирани понатаму во анализата. Според извештајот од СЕФ од 2008 год., во родовите суб-индекси Македонија се рангира на следниот начин:

- Ранг на учество во работна сила = 89, резултат 0.66
- Рамноправност на плата за слична работа = 24, резултат 0.75
- Ранг на проценет заработен приход (ППП УСД) = 86, резултат 0.48
- Законодавство, раководни позици = 64, резултат 0.37
- Ранг на професионални и технички работници = 1, резултат 1.00

Категоријата која е најрелевантна за ова истражување е четвртата, кој Македонија ја рангира на 64тото место со многу мал севкупен резултат од 0.37. Ова покажува дека жените не се на функции и повисоки позиции што би им овозможило да креираат и иницираат родово сензитивни политики. Следниот дел се осврнува на официјалните бројки и ја проценува застапеноста на жените во државните институции. За целите на ова истражување, претпоставката е дека поголемата женска застапеност може да води кон подобрена родова интеграција (gender mainstreaming) во процесите на креирање на јавни политики, а следствено на тоа и подобрување на родовата еднаквост.

## *2.Застапеност на жените во јавната администрација*

Во минатите три години, бројот на државни службеници на сите нивоа и во сите сектори на власт (извршна, законодавна, судска и локална) постојано расте. Во 2007 год., вкупниот број на државни службеници во власта беше 11,830, додека во 2008 се покачи на 13,203, што претставува зголемување од 11.6%. Во исто време, бројот на жени порасна од 6,094 во 2006 год., на 6,822 во 2008 год., што претставува зголемување од 11.95%. Ова е многу позитивен развој бидејќи се воочува пропорционално зголемување на вкупниот број на државни службеници со бројот на жени државни службеници. Понатаму, анализата има за цел да оцени дали ваквиот пропорционален раст се одржува на сите нивоа во министерствата и другите државни и локални институции.

*Табела 1. Застапеност на жените во јавната администрација*

| | 2006 | 2007 | 2008 |
|---|---|---|---|
| Жени | 6,094 | 6,424 | 6,822 |
| Мажи | 5,736 | 6,106 | 6,381 |
| Вкупно: | 11,830 | 12,530 | 13,203 |

*Извор: Регистар на државни службеници (2006, 2007 и 2008 год.), Агенција за државни службеници*

На прв поглед, јавната администрација изгледа родово балансирана, со тоа што 51% од државните службеници се жени. Понатаму, вкупниот број на жени и мажи кои се анализираат од аспект на позиција во хиреархијата на јавната администрација е повеќе или помалку рамномерен. На едно од највисоките позиции во јавната администрација „Генерален секретар“ се наоѓаат два пати повеќе жени од мажи (Анекс 1).

Сепак, сликата е поинаква кога податоците се анализираат врз основа на два индикатори:

- Етничката припадност на државните службеници
- Позицијата на жените на различни нивоа на локална администрација

Бројките се највпечатливи, кога застапеноста на жените на различно хиерархиско ниво се анализира од аспект на етничката припадност на државните службеници.[2] Само државните службеници од македонската етничка заедница се застапени во родово балансирани бројки. Интересно, на највисоките места на национално ниво, има повеќе државни службеници жени отколку мажи, кои припаѓаат на македонската етничка заедница. Кога се анализира македонската етничка заедница, бројот на жени и мажи на високите позиции во јавна администрација на централно ниво е балансиран. За жал, ова не е случај со останатите етнички заедници (види табела 4).

*Табела 2*

| | Македонци | Албанци | Турци | Роми | Власи | Срби | Босанци | останати | непознати |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Жени | 5,818 | 637 | 62 | 26 | 70 | 108 | 24 | 34 | 43 |
| Мажи | 4,641 | 1,413 | 90 | 37 | 55 | 93 | 16 | 31 | 32 |

Постои видна родова нерамноправност кај државните службеници од албанската, турската и ромската заедница. Бројките се уште повпечатливи кога бројот на жени кои припаѓаат на овие 3 заедници се анализираат од перспектива на различни нивоа на хиреархија во администрацијата[3]. На највисоките места во јавната администрација (генерален секретар и државен секретар) нема ниеден државен службеник од женски пол припадник на помалите етнички заедници. Треба да се напомене дека ова е ситуација, кој не мора да е поврзана исклучиво со полот. Без разлика на полот, овие места се пополнети со државни службеници кои припаѓаат на македонската етничка заедница (освен еден Албанец и еден Влав на место Генерален секретар и три Државни секретари Албанци; сите од нив мажи). Кога се анализираат овие 3 заедници, родовата нерамноправност се забележува на сите нивоа. Иако, на најниските места во хиерархијата бројот на жени и мажи е далеку од рамноправен, соодносот мажи/жени значајно се намалува во споредба со повисоките позиции каде соодносот е повисок во полза на мажите.

2 Годишен извештај за податоците од регистарот на државни службеници за 2008 год., Агенција за државни службеници, март 2009 год

3 Ибид.

Процентот на жени во локалната администрација е 47.6. Како и во претходниот случај (на централно ниво на јавна администрација) овој податок може да се наведе дека родовиот баланс е практично достигнат. Сепак, анализирајќи го бројот на жени државни службеници од аспект на хиерархиското ниво во локалната администрација , ситуацијата е далеку од поволна за жените, без оглед на етничката припадност. Застапеноста на жените на повисоките места во локалната администрација заостанува. Особено драматичен јаз во родовата застапеност е видлив во руралните општини.[4]

На локално ниво само бројот на жени државни службеници кои припаѓаат на македонската етничка заедница е повисок од бројот на мажи државни службеници. Сепак, дури и таму највисоките места се „резервирани" за мажите државни службеници. Вкупниот број на жени е значајно понизок кога се анализираат статистичките податоци на помалите етнички заедници.

*Табела 3*

| | Албанци | Турци | Роми | Власи | Срби | Босанци |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Жени | 86 | 9 | 4 | 6 | 13 | 3 |
| Мажи | 279 | 28 | 4 | 13 | 21 | 5 |

Заклучокот е ист, жените не се рамноправно застапени на сите нивоа во локалната административна хиерархија. Повторно, највисоките места се во рацете на мажите, а бројот на жени државни службеници се зголемува на пониските места во локалната администрација.[5]

Од друга страна, интересно е да се спореди бројот на дипломирани машки и женски студенти со застапеност на мажите и жените на различните нивоа на јавната администрација. Гледајќи го бројот на дипломирани студенти на факултетите за јавна администрација, бројот на женски дипломци е повисок од бројот на машки дипломци. Освен тоа, податоците за 2007 и 2008 год. покажуваат дека бројот на жени од двете најголеми етнички заедници, македонската и албанската, е повисок или приближен со бројот на машки дипломци. Во 2007 год., од вкупниот број, 70% од студентите кои дипломирале на овие факултети се жени, додека во 2008 год. бројот на дипломирани жени е исто така висок од 60% (види Анекс II). Со оглед на тоа што овие бројки се однесуваат на многу мала група на дипломци (од само три факултети) од една страна, а од друга страна јавната администрација се „регрутира" од поголем број факултети на кои се изучуваат општествени науки, уште неколку факултети[6] беа земени во предвид. Дури и во тој случај, процентот на женски дипломци е поголем од процентот на машки дипломци. Кога

4 Ибид., стр. 55

5 Ибид., стр. 61

6 Факултет за економија Прилеп; Факултет за администрација и менаџмент на информатички системи Битола; Економски факултет Скопје; Правен факултет Скопје; Правен Факултет Тетово; Економски факултет Скопје; Факултет за јавна администрација ЈИЕ; Правен факултет ЈИЕ; Факултет за политички науки и јавна администрација Американски колеџ; Факултет за правни науки Американски колеџ; Економски факултет, Европски универзитет; Факултет за правни науки, ФОН; Факултет за политички науки и меѓународни односи, ФОН; Економски факултет, Тетово

се анализираат поединечни етнички заедници, постои разлика по етничка линија. Бројот на женски дипломци кои припаѓаат на македонската, влашката и српската заедница е повисок од бројот на машки дипломци. Нивниот број е понизок (но не драстично) кај албанската заедница (види табела 4).

*Табела 4*

| | Вкупно мажи | Вкупно Жени |
|---|---|---|
| Вкупно Македонци2007 | 691 | 1139 |
| Вкупно Македонци 2008 | 1103 | 1945 |
| Вкупно Албанци 2007 | 133 | 106 |
| Вкупно Албанци 2008 | 232 | 190 |
| Вкупно Турци 2007 | 7 | 7 |
| Вкупно Турци 2008 | 12 | 8 |
| Вкупно Роми 2007 | 0 | 1 |
| Вкупно Роми 2008 | 4 | 2 |
| Вкупно Власи 2007 | 9 | 14 |
| Вкупно Власи 2008 | 7 | 21 |
| Вкупно Срби 2007 | 9 | 10 |
| Вкупно Срби 2008 | 10 | 22 |
| Вкупно останати 2007 | 5 | 16 |
| Вкупно останати 2008 | 10 | 29 |
| Вкупно 2007 | 854 | 1293 |
| Вкупно 2008 | 1378 | 2217 |

*Извор: Дипломирани студенти, државјани на Република Македонија по етнички групи и странски државјани, 2008 год.; Дипломирани студенти, државјани на Република Македонија по етнички групи и странски државјани, 2007 год.; Државен завод за статистика*

Отука, „недостаток на образовани жени“ не може да биде оправдување за ниската застапеност на жените на повисоки позиции во јавната администрација. Има голема застапеност на жените во активната работна сила во овој сектор, кој „мистериозно исчезнува“ на ниво на повисоките позиции во јавната администрација.

## *3. Застапеност во локалната администрација*

За подетален преглед на ситуацијата, беа анализирани две општини; Струга со мнозинско албанско население и Струмица, со мнозинско македонско население.

Ситуацијата во локалната јавна администрација е понеповолна за жените.

Во Струга само 28 од 107 државни службеници се жени, што претставува 26.2%[7]. На највисоко ниво (водечки позиции) во локалната администрација има само една жена од 5 државни службеници. Очекувано, кога се анализираат пониските нивоа во локалната администрација, бројот на жените расте. Во Струга, повеќето од жените државни службеници се вработени на најниските нивоа во локалната администрација[8].

Иако општините се охрабрени[9] да го промовираат и подобруваат родовиот баланс во општинската администрација, до сега не се преземени позитивни мерки. Не се воспоставени ниту квоти, ниту постојат афирмативни мерки при вработувањето на нови државни службеници. Главниот проблем и пречка за ваква интервенција е забележана во Законот за државни службеници, кој не дава правна основа за вакви мерки[10].

Ситуацијата изгледа подобро во Струмица. Процентот на жени во локалната администрација е околу 46%; со 39 жени од вкупно 84 државни службеници[11]. Меѓутоа, двете највисоки позиции (Општински секретар и Раководител на сектор) во општината се „резервирани“ за мажите. Жените се застапени на ниво на Раководител на оддел (5 од 12 се жени). Повеќето жени се застапени на ниво на Советник и Независен референт.

Слично како и во Струга, родовиот баланс не е критериум за стратегијата за човечки ресурси и не се зема во предвид кога се вработуваат нови државни службеници во општина Струмица.[12] Секаков афирмативен третман на помалку застапениот пол се зема како прекршување на начелото на рамноправност што може да доведе до родова дискриминација. Поимот „администрација“ од страна на одделот за човечки ресурси се подразбира како институција каде не треба да има поделби меѓу родовите, а секоја афирмативна мерка се зема како обесправување на еден од половите (повеќе застапениот). Од друга страна, општина Струмица ги исполнува своите правни обврски и подготвува годишни планови кои се однесуваат на родовиот баланс во нејзината администрација; сепак, не се преземени конкретни активности и мерки.

За жал, кај клучните луѓе кои донесуваат одлуки има недостаток на свест за потребите од родово сензитивен пристап. Родовиот пристап погрешно се интерпретира како дискриминација. Се додека постои ваквиот став, било какви афирмативни мерки ќе бидат безуспешни. Ова покажува дека обуките во врска со родовите прашања не треба да се насочуваат само кон жените, туку е поважно да допрат до мажите во засегнатите установи. Сите државни службеници треба да се едуцираат дека суштината на родовиот пристап е компатибилна, а не спротивна на начелото на рамноправност.

7 Податоци обезбедени од општина Струга, на 19.06.2009 год

8 29.06.2009 год., Интервју со државните службеници кои работат во одделот за човечки ресурси во општина Струга;

9 Закон за родова рамноправност

10 29.06.2009 год., Интервју со државните службеници кои работат во одделот за човечки ресурси во општина Струга

11 Информации обезбедени од општина Струмица, 8.07.2009 год.

12 Интервју со државните службеници кои работат во одделот за човечки ресурси во општина Струмица, 14.07.2009 год.

## *4. Преглед на правната рамка*

Има неколку закони и стратешки документи важни за промовирање на родовиот баланс во јавната администрација.

Сите релевантни прашања во однос на родовата еднаквост во рамките на јавната администрација се регулираат со:

- Законот за еднакви можности на жените и мажите
- Законот за државни службеници
- Национален план за акција за родова рамноправност за 2007-2012 год.
- Оперативен план за спроведување на националниот план за акција за родова рамноправност за 2009 год.

**Законот за еднакви можности на жените и мажите е донесен во 2006 год.** Овој закон е правната рамка за постигнување на родов баланс во различни сектори од јавната администрација. Со законот се дефинира родовата нееднаквост кога еден од половите е застапен со помалку од 40%. Законот исто така предвидува правна основа за воведување на посебни мерки за подобрување на родовата нерамноправност на сите нивоа на власта и јавната администрација (член 6 став 3).

Освен тоа, субјектите одговорни за усвојување и спроведување на мерки за еднакви можности на кои се осврнува законот[13] , се обврзани да усвојат позитивни мерки во периодичните планови за родова еднаквост. Но, за таа цел не се поставени ниту критериуми ниту подетални насоки. Ова може да предизвика проблеми од аспект на синхронизирани и координирани мерки, како и од аспект на процесот за хармонизација со ЕУ (се разгледува понатаму во анализата). За жал, не сите установи (единиците на локалната самоуправа и политичките партии) доставуваат извештаи за напредокот подготвени за постигнувањето на родова рамноправност.[14] Меѓутоа, против нив не се подигнати никакви санкции.

Општиот став во однос на овој закон е дека е премногу општ и во оваа насока има простор за подобрување. Министерството за труд и социјална политика ќе промовира иницијатива за изменување и дополнување на законот. Во овој момент, креаторите на важната политика ја евидентираа потребата за попрецизно дефинирање на клаузулите, како и потребата за воведување построги санкции[15].

Друг значен закон во овој контекст е **Законот за државни службеници**. Законот не содржи ниедна клаузула која се однесува на родовиот баланс во јавната администрација. Освен тоа, не се поставуваат механизми за подобрување на родовиот баланс во секторите каде е потребно. Со оглед на тоа што Законот за родова еднаквост има општ пристап, Законот за државни службеници исто така не дава правна основа за афирмативни мерки во оваа сфера.

**Националениот план за акција за родова рамноправност за 2007-2012** ја поставува „поделбата на моќ и учеството во донесувањето одлуки“, каде застапеноста на двата пола треба да биде во рамките на 40% до 60%, на сите нивоа и сектори на јавниот и политичкиот живот, како важен предуслов за постигнување

13 Поглавје IV од Законот за родова рамноправност

14 Интервју со Елена Грозданова, Државен советник, сектор за еднакви можности, 1.07.2009 год.

15 Ибид.

на родов баланс.[16] Посебниот дел од националниот план е посветен на „жените во процесот на одлучување“, каде афирмативните мерки се препознаени како најуспешен пристап.[17] Оттука, втората стратешка цел се однесува на суштинската застапеност на жените во извршната, законодавната и судската власт преку специјални мерки и програми. Потврдено е дека посебните мерки, како што се квотите, можат да го решат проблемот на родова нерамноправност во политичкиот живот и во јавната администрација. Покрај тоа, Третата стратешка цел се однесува посебно на зголемувањето на нивото на застапеност на жените кои припаѓаат на ромската и албанската етничка заедница и жените од руралните области, во процесот на креирањето на политики и процесот на одлучување на национално и локално ниво.

До крајот на 2009 год., не се преземени никакви афирмативни мерки. Двата **оперативни планови за 2008 и 2009 год.** за спроведување на националниот план за акција се фокусирани исклучиво на воспоставување на соодветна институционална инфраструктура, градење на капацитети и подигнување на свеста.[18]

Македонските установи немаат доволно искуство во подготовка и спроведување на афирмативни мерки во оваа област. Оттука, важно е дека се истакнати европските стандарди и начела кои се однесуваат на оваа област. Ова е многу значајно за процесот на хармонизација со ЕУ. Затоа, во следниот дел од анализата се разгледува најприфатливата рамка за позитивните мерки, гледано од перспектива на ЕУ.

## *5. ЕУ стандарди во однос на еднаквите можности за жените и мажите при вработување во јавниот сектор*

Еднаков третман за жените и мажите е една од основните вредности во ЕУ. Овој принцип е дел од Договорот на Европската Заедница од 1957 год. кога е основана Европската економска заедница. Има неколку клучни члена кои ја даваат правната основа за било кои мерки кои се преземени на ниво на ЕУ. Тие се обврзувачки за земјите-членки и им налагаат да промовираат родова еднаквост. Отука, членот 2 од Повелбата на ЕЗ ја поставува промоцијата за рамноправност меѓу жените и мажите како задача на Европската Заедницата (ЕЗ). Понатаму, ЕЗ треба да цели кон отстранување на нерамноправноста и да промовира рамноправност меѓу мажите и жените во сите свои активности (член 3). Повелбата на ЕЗ го поставува начелото за еднаков третман на мажите и жените во областа на вработувањето и ангажирањето, надвор од полето на вработување и во промоцијата на вработувањето, подобрени животни и работни услови (член 141, член 13 и член 137).

---

16 Национален акциски план за родова рамноправност за 2007-2012 год., Скопје, мај 2007 год., стр. 13 http://www.mtsp.gov.mk/WBStorage/Files/NPARR-finalen%20dokument.pdf

17 Ибид., 24

18 Оперативен план за имплементација на националниот акциски план за родова рамноправност, Министерство за труд и социјална политика, Скопје, јануари 2008 год., Оперативен план за спроведување на националниот акциски план за родова рамноправност, Министерство за труд и социјална политика, Скопје, јануари 2009 год.

Голем чекор напред е донесувањето на Директивата на Советот од 9 февруари 1976 год. за спроведување на начелото за еднаков третман на мажите и жените во однос на пристапот до вработување, стручна обука и унапредување и работни услови (76/207/ЕЕЗ).[19] Со оглед на тоа што Директивата е правен акт што им налага на земјите-членки да постигнат одреден резултат, тие не се само-извршителни односно не им налагаат исклучиви конкретни мерки за спроведување. Ова значи дека земјите-членки се обврзани да ја пренесат директивата во нивното национално законодавство, и при тоа им е оставена одредена слобода да одлучат за начинот (преку кои конкретни мерки) на кој ќе ја постигнат целта (резултатот) на Директивата.

Оттука, има различни пристапи кои се користат во земјите-членки за решавање на проблемот на рамноправност меѓу мажите и жените при вработување во јавната служба што е прашање третирано од споменатата Директива. Освен тоа, корисна насока во примената на директивата се наоѓа и во судската пракса на ЕСП (Европскиот суд за правда). Бидејќи нема унифициран модел за решавање на родовиот баланс при вработување во јавната служба, а пристапите во различни земји членки варираат од поограничено толкување до многу широко толкување на тоа што се позитивни и афирмативни мерки, работата на ЕСП успеа да постави јасни стандарди и начела на кои треба да се заснова законодавството на земјите-членки.

Оттука, Македонија, како земја-кандидат за членство во ЕУ, треба да ги земе во предвид и да ги интегрира стандардите и начелата на ЕУ во подготовката на идните политики во оваа област. Ова е суштината на процесот на хармонизација со ЕУ.

Бидејќи гореспоменатата Директива го покрива вработувањето во јавната администрација, фокусот во овој дел се става на искуството на ЕУ во однос на афирмативните мерки при вработување во јавниот сектор. Ова е важно заради фактот дека Македонија нема до сега преземени афирмативни мерки во оваа смисла, иако се поставени во стратешките документи како алатка за решавање на родовиот баланс во јавниот сектор. Искуството на ЕУ, т.е. ЕУ acquis-то и нејзината судската пракса треба да бидат главните насоки во процесот на донесувањето одлуки за било која афирмативна постапка во однос на родовата рамноправност во јавната администрација.

Ова поглавје се фокусира на најважната судска пракса, Директива 76/207/ЕЕЗ и главните начела кои ја обликуваат родовата политика во земјите-членки на ЕУ.

Има неколку случаи преку кои ЕСП ја кристализираше својата позиција во однос на дефиницијата за „прифатливи афирмативни родови мерки“ во согласност со правните придобивки на ЕУ:

- Kalanke v Freie Hansestadt Bremen[20]
- Hellmut Marschall v Land Nordrhein-Wstfalen[21]

---

19 Директивата се менува со ДИРЕКТИВАТА БР. 2002/73/ЕЗ НА ЕВРОПСКИОТ ПАРЛАМЕНТ И НА СОВЕТОТ од 23 септември 2002 год.

20 Случај C-450/93

21 Случај C-409/95

- Georg Badeck and Others[22]
- Katarina Abrahamsson and Leif Anderson v Elisabet Fogelqvist[23]

Во првиот случај, г-дин Каланке е одбиен на местото во Управата на одделот Паркови врз основа на Бременскиот закон за еднаков третман за мажите и жените во јавната служба. Г-дин Каланке и жената кандидат пријавена за тоа место биле еднакво квалификувани, но во тој конкретен оддел жените биле помалку застапени. Законот пропишувал дека „во случај на вработување (вклучувајќи и институција како државен службеник или судија)..., на жените кои имаат исти квалификации како и мажите кои се пријавуваат за истото место треба да им се даде приоритет во секторите каде се помалку застапени".

Главниот предизвик за ЕСП беше да се оцени дали оваа одредба е во согласност со Директивата 76/207/ЕЕЗ, особено со член 2, кој пропишува дека „начелото на еднаков третман значи дека нема да има било каква дискриминација врз основа на полот било директно или индиректно во однос на брачниот или семејниот статус", без да е во спротивност со мерките за промоција на еднакви можности за мажите и жените, особено оние преку кои се отстрануваат постоечките нееднаквости кои влијаат врз можностите за жените.

Клучното начело кое произлезе од пресудата на ЕСП е дека, иако Директивата 76/207 дозволува мерки кои им даваат предност на жените со цел да се подобрат нивните еднакви можности на пазарот на труд и да остварат кариера врз еднакви основи со мажите, директивата **не дозволува „апсолутен и безусловен приоритет" да им се даде на жените.**[24]

Друга важна одредба и појаснување е дадено во случајот Marschall v Land Nordrhein-Wstfalen. Треба да се истакне дека не сите правни акти кои им даваат предност на жените во областа на вработувањето и унапредувањето во секторите од јавната служба (каде бројот на жени е помал од бројот на мажи) се спротивни на Директивата. Се додека националната нормативна рамка вклучува заштитни мерки кои спречуваат апсолутен и безусловен приоритет да им се даде на жените, ќе биде во согласност со Директивата. Ова значи дека националното законодавство мора да содржи клаузула која ќе им овозможи на кандидатите од повеќе застапениот пол (обично машките кандидати) **да бидат предмет на објективна процена**. Оттука, во секој поединечен случај треба да се земат во предвид специфичните околности на кандидатот (без разлика на кој пол припаѓа). Законодавството кое промовира позитивна дискриминација за жените е во согласност со правото на Заедницата само ако не спречува било каква можност за вработување и унапредување за машките кандидати од почеток. Ова наведува дека законодавството е флексибилно и не е слепо за некои специфични околности за машките кандидати што можат да ја свртат ситуацијата во нивна корист.

Двете начела кои ги воспоставуваат случаите Каланке и Маршал се потврдуваат во следните случаи Georg Badeck и останатите и Katarina Abrahson

22 Случај C-158/97
23 Случај C-407/98
24 Penelope Kent; Nutcases European Union Law; Thomson Sweet and Maxwell, fourth edition, London, 2006, pg. 192

и Leif Anderson против Elisabet Fogelqvist. Во случајот Бадек[25] се напомнува дека Хесеновиот закон дава флексибилна афирмативна квота, т.е. не одредува унифицирани квоти за сите засегнати сектори и оддели (академски места, можности за обука, вработување во различни административни тела), туку карактеристиките на одредени сектори и оддели се пресудни за утврдување на одредени цели во однос на родовиот баланс, кои се обврзувачки. Судот признава дека законот, иако е формулиран на неутрален начин (што овозможува и мажите да имаат придобивки) сепак општо земено е во полза на жените. Законот е во согласност со Директивата, бидејќи овозможува избор на жена за работно место во ситуација кога жените се помалку застапени во одреден оддел (и покрај тоа што машки кандидат, кој е еднакво квалификуван и стручен, аплицирал за истата позиција ). Сепак, доколку се увидело дека постојат социјални фактори кои ја превагнуваат конкретната ситуацијата во полза на машкиот кандидат, него би му се дало предност. На овој начин законот избегна да даде апсолутен и безусловен приоритет жените, што би било спортивно на ЕУ стандардите.

Според многумина, кога се зборува за родовата еднаквост, Шведска се зема како земја за пример. Сепак, во случајот Katarina Abrahamsson and Leif Anderson v Elisabet Fogelqvist ЕСП заклучува дека релевантното Шведско законодавство не е во согласност со законот на Европската Заедницата, бидејќи не ги исполнува 2-те начела.

Кога се анализираат можните позитивни мерки и квоти за подобрување на родовата еднаквост во рамките на македонскиот јавен сектор, само оние најдобри практики кои се во согласност со законот на Заедницата треба да се земаат во предвид. Афирмативните мерки се корисна алатка за надминување на родовата нерамноправност. Затоа, позитивната дискриминација е прифатена како успешен пристап преку кој родовиот баланс треба да се воспостави во македонскиот контекст. Меѓутоа треба да се има предвид дека било која мерка преземена од страна на релевантните институции треба да се заснова на двете начела кои произлегуваат од судската пракса на ЕСП:

1. Законот да не им дава приоритет на жените автоматски и безусловно.
2. Кандидатите да бидат предмет на објективна процена, што ги зема во предвид специфичните лични ситуации на сите кандидати (без разлика на полот).

25 Judgment of the Court of Justice in Case C-158/97; NATIONAL RULES FACILITATING THE APPOINTMENT AND PROMOTION OF WOMEN IN THE PUBLIC SERVICE WHICH GUARANTEE AN OBJECTIVE ASSESSMENT OF CANDIDATURES ARE COMPATIBLE WITH COMMUNITY LAW PRESS RELEASE No 22/2000, 28 March 2000

## *6. Заклучок и препораки*

Во многу земји, афирмативните мерки успеале да ги надминат пречките кои го спречуваат жените до повисоките позиции во јавната администрација. Затоа, овој пристап треба сериозно да се разгледа во Македонија како еден начин кој може да води кон подобра застапеност и учество на жените во јавниот сектор. Клучно е да има широка и темелна дебата, како и транспарентен процес на усвојување на ваквите мерки или законските измени и дополнувања. Понатаму, засегнатите страни треба да бидат многу внимателни за тоа на кои компаративни искуства ќе се потпрат, при изборот на афирмативните мерки кои ќе ги преземат во областа на вработувањето во јавната администрација.  Секој иден чекор мора да се анализира и секоја одлку донесена во оваа облас мора да бида анализирана низ призма на процесот на хармонизација со ЕУ.  Ова значи дека без оглед на избраниот модел двете госпоменати начела мораат да се интегрираат и да се темел на било која позитивна постапка.

**Законодавни промени кои ќе осигураат подобра рамноправна дистрибуција на позициите, особено на повисоките позиции во јавната администрација.**

Постојат неколку начини за ова. Прво, со воведување на појасни одредби во Законот за родова еднаквост, или второ, со изменување и дополнување на Законот за државни службеници. Во секој случај треба да се постави јасен механизам за подобрување на позицијата на помалку застапениот пол. Овие два закони не треба да се контрадикторни, а со оглед на тоа што Законот за државни службеници е основна правна рамка за било која постапка за вработување на државни службеници, можеби најдобар избор е да се измени и дополни овој закон со клаузули со кои ќе се постави родово сензитивен пристап во однос на вработувањето. Во оваа насока, било кои измени и дополнувања на законите треба да се темелат на главните начела на ЕУ.

**Ефикасно следење и оценување на спроведувањето на мерките**

Механизмите интегрирани во Законот за родова еднаквост кои се однесуваат на следење и оценување на напредокот во однос на родовиот баланс во јавниот сектор треба ефикасно да се применуваат. Исто така, санкциите предвидени во случај на непочитување на правната обврска треба ефикасно да се применуваат. Сепак, услов за добра имплементација на законот, е да се воведат појасни насоки во законодавството.

*Прилог 1*

| Наслов (по хиерархиски ред) | Жени | | | Мажи | | | Вкупно | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 2006 | 2007 | 2008 | 2006 | 2007 | 2008 | 2006 | 2007 | 2008 |
| Генерален секретар | 6 | 6 | 6 | 2 | 3 | 3 | 8 | 9 | 9 |
| Државен секретар | 3 | 3 | 5 | 9 | 9 | 7 | 12 | 12 | 12 |
| Општински секретар (урбан) | 2 | 2 | 2 | 10 | 12 | 13 | 12 | 14 | 15 |
| Општински секретар (рурален) | 0 | 0 | 1 | 2 | 3 | 5 | 2 | 3 | 6 |
| Државен советник | 82 | 81 | 88 | 79 | 82 | 85 | 161 | 163 | 173 |
| Раководител на сектор | 124 | 143 | 166 | 162 | 183 | 201 | 286 | 326 | 367 |
| Помошник раководител на сектор | 101 | 114 | 133 | 73 | 83 | 92 | 174 | 197 | 225 |
| Раководител на оддел | 510 | 542 | 597 | 534 | 507 | 593 | 1044 | 1049 | 1190 |
| Советник | 1023 | 1099 | 1279 | 1215 | 1329 | 1470 | 2238 | 2428 | 2749 |
| Постар соработник | 274 | 267 | 294 | 237 | 248 | 259 | 511 | 515 | 553 |
| Соработник | 339 | 364 | 336 | 248 | 246 | 243 | 587 | 610 | 579 |
| Помлад соработник | 304 | 490 | 519 | 312 | 607 | 579 | 616 | 1104 | 1098 |
| Независен службеник | 1391 | 1433 | 1560 | 1415 | 1418 | 1486 | 2806 | 2851 | 3046 |
| Постар службеник | 634 | 585 | 577 | 498 | 475 | 446 | 1132 | 1060 | 1023 |
| Службеник | 1034 | 1021 | 1047 | 269 | 284 | 377 | 1303 | 1305 | 1424 |
| Помлад службеник | 267 | 267 | 212 | 671 | 617 | 522 | 938 | 884 | 734 |

*Прилог 2*

| | | | Факултет за јавна администрација ЈИЕ 2 | | Факултет за администрација и менаџмент на информатички системи - Битола | | Факултет за политички науки и јавна администрација Американски колеџ | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Жени | Мажи | Жени | Мажи | Жени | Мажи | Жени | Мажи |
| Македонци 2007 | 46 | 9 | / | 2 | 46 | 7 | | |
| Македонци 2008 | 94 | 41 | 20 | 13 | 67 | 19 | 7 | 9 |
| Албанци 2007 | 10 | 14 | 10 | 14 | / | / | | |
| Албанци 2008 | 46 | 45 | 44 | 44 | 2 | / | / | 1 |
| Турци 2007 | / | / | / | / | / | / | | |
| Турци 2008 | 2 | 4 | / | 3 | 1 | 1 | 1 | / |
| Роми 2007 | / | / | / | / | / | / | | |
| Роми 2008 | 1 | 3 | / | 1 | 1 | 1 | / | 1 |
| Власи 2007 | / | / | / | / | / | / | | |
| Власи 2008 | 1 | 1 | / | / | 1 | 1 | / | / |
| Срби 2007 | 1 | / | / | / | 1 | / | | |
| Срби 2008 | / | / | / | / | / | / | / | / |
| останати 2007 | 1 | 1 | / | / | 1 | 1 | | |
| останати 2008 | 1 | 1 | 1 | 1 | / | / | / | / |
| Вкупно 2007 | 58 | 24 | 10 | 16 | 48 | 8 | | |
| Вкупно 2008 | 145 | 95 | 65 | 62 | 72 | 22 | 8 | 11 |

*Извор: Дипломирани студенти, државјани на Република Македонија по етнички групи и странски државјани, 2008 год.; Дипломирани студенти, државјани на Република Македонија по етнички групи и странски државјани, 2007 год.; Државен завод за статистика*

# 3 РОДОВАТА ЕДНАКВОСТ ПРИ ВРАБОТУВАЊЕТО

Автор:
МПА Марија Ристевска

# СОДРЖИНА

| | | |
|---|---|---|
| 1. | *Вовед* | 38 |
| 2. | *Родова анализа на политика за вработување* | 39 |
| | *2.1. Закон за работни односи* | 40 |
| | *2.2. Активни мерки за вработување* | 44 |
| 3. | *Учество на мажите и жените во македонскиот пазар на труд* | 46 |
| 4. | *Заклучок* | 51 |

## 1. Вовед

Социјалистичкиот систем на поранешна Југославија воспостави неколку позитивни елементи на родова еднаквост (зголемување на образованието на жената и личната самостојност, поддршка на претставувањето на жените во политиката, промовирање на платената работа и вработувањето на жените и обезбедување на социјални услуги за нега на дете).[1] Сепак, овој систем не ја интегрираше родовата еднаквост во пошироката социјалистичка идеологија на рамноправност, сведувајќи ја на класно прашање и спречувајќи било какво признавање на разликите, како што беше и случајот со етничките разлики.[2]

Во Македонија, начелото на родова еднаквост е внесено во Уставот. Земјата стана членка на CEDAW во 1994 год., но се до 2003 год. немаше вклучено прецизна анти-дискриминирачка одредба во ниеден закон. Како резултата на хармонизацијата на домашните закони со оние на ЕУ, во 2006 год., беше донесен Законот за еднакви можности на мажите и жените [3]. Законот ги постави основите за градење на јавната инфраструктура за креирање родово сензитивна политика (со назначување на координатори за еднави можности во секое од министерствата и основање на комисиите за еднакви можности во секоја општина). Ова придонесе за зголемување на свесноста за родова еднаквост. Сепак, анализата на политиките од родов аспект сеуште ретко се употребува при развојот или оценувањето на политиката и нејзините резултати.

Постигнувањето на родова еднаквост во сите сектори е важно, особено во вработувањето. Вработувањето има големо влијание врз економската независност на жената. Жените секогаш биле продуктивни членови на општеството, но долго време не учествувале на официјалниот пазар на труд. Нивната работа во домот останува да биде неплатена и да не учествува во бруто домашниот производ на земјата. Политиките за вработување кои не се родово неутрални, туку се родово сензитивни можат да стимулираат и заедно со родово сензитивни политики во секторите: образование, социјална помош, инфраструктура и политиката на плати; да учествуваат во градењето на капацитетите на жените за учество во пазарот на труд и платена работа преку официјално вработување.

Овој документ ги анализира политиките на вработување со употреба на родово заснован метод на анализа на политиките. Подетално се разгледани следните прашања: Дали постои нееднаквост меѓу мажите и жените во вработувањето и на работното место и дали политиките придонесуваат/произведуваат нееднаквости во полето на вработувањето и на работното место?; Дали има капацитет кај мажите и

1 Види, Sabrina Petra Ramet (Edited by), Gender Politics in the Western Balkans – Women and Society in Yugoslavia and the Yugoslav Successor States, The Pennsylvania State University Press, 1999; Djordje Stankovic, Zena u Ustavima Kraljevine Jugoslavie (1918-1945) во Srbija u Modernizaciskim Procesima 19 I 20 veka, Beograd, 1998

2 Види, Sabrina Petra Ramet (Edited by),Gender Politics in the Western Balkans – Women and Society in Yugoslavia and the Yugoslav Successor States, The Pennsylvania State University, 1999; Vesna Kesic, Gender and Ethnic Identities in Transition - The Former Yugoslavia - Croatia», in Gender and Nation, Julie Mostov and Rada Ivekovic (Edited by), Longo Editore, Ravenna, 2002.

3 Закон за еднакви можности за мажите и жените (Поранешна југословенска Република Македонија), 6 јуни 2006 год., достапен на: http://www.unhcr.org/refworld/docid/44b26f664.html (посетено на 15 ноември 2009 год.)

жените да се здобијат со платено вработување во иднина?; и како јавните политики ќе се справат со ваквите состојби? Конечно, анализата нуди решенија за тоа како да се подобри родовата еднаквост во Македонија преку поставување на родово свесна рамка на јавна политика за вработување.

## *2. Родова анализа на политика за вработување*

Како дел од социјалистичка Југославија, најбројните работни места во Македонија биле во административните и државните компании. Во тоа време, нормирањето на работните односи се употребувала како еден од главните алатки за креирање и спроведување на социјалната политика. По демократската транзиција во работните односи се направени битни промени. Во новите околности, политиката на вработување веќе не е контролирана од страна на државата. Новата рамка на креирање политики во оваа област го опфаќа Законот за работни односи, Законот за вработување и осигурување и Колективните договори. Креирањето на јавни политики во останатите сродни области кои директно влијаат врз можноста на жената да учествува на пазарот на трудот и има платено вработување- како образование, добра инфраструктура која заштедува време за извршување на лични активности, нега на дете и политика на плата, исто така придонесуваат кон зголемувањето на нивото на економска независност на македонската жена.

Законот за работни односи во Македонија е донесен во 1993 год. Овој документ за креирање јавни политики помина низ неколку ревизии (во 1995, 1997, 1998, 2000 и 2001 год.) и конечно беше заменет со нов Закон за работни односи донесен во 2005 год. Во промените од 2005 год., како што е наведено погоре, воведени се специфични родово базирани реформи како дел од државната стратегија за родова интеграција и во согласност со меѓународните конвенции и Европските директиви. Новата рамка за креирање политики го смени претходниот Закон за основни права и самиот заснован на Законот за работни односи од 1989 год. Дополнително, во 1997 год. беше подготвен Закон за вработување и осигурување во случај на невработеност. Овие закони се засновани на Уставните начела во согласност со кои секој има право на вработување, на слободен избор на работно место, на заштита на работното место и на материјална помош за време на привремена невработеност[4].

За анализирање на политиката на вработување од родов аспект, подетално ги разгледавме законските одредби за работни односи барајќи родово свесни одредби (засновани на родова анализа која помага во идентификацијата и разбирањето на димензиите и суштината на родовите прашања и родово засновани ограничувања. Оваа анализа го вклучува разбирањето на разликите меѓу улогите, правата и можностите на мажите и жените[5] ).

За подготовка на оваа студија се користени различни методологии. Употребена е **анализа на јавни политики** како алатка за преиспитување на моменталните инструменти за политиката на вработување, како и **најновите официјални статистички податоци** за анализа на учество на пазарот на трудот

4 Стојаноска Доминика, Родовата еднаквост и човеков развој во Македонија во транзицијата (1991-2006 год.), докторска дисертација на меѓународна соработка и одржливи развојни политики
5 Водич до родова интеграција и анализа: Анекс на серијата АДС 200

според полова поделба, а со цел да се соберат податоци за ограничувањата за поголемо учество на жените во македонскиот пазар на трудот. Исто така, беа употребени **два квантитативни методи** – репрезентативно истражување на целата популација и следење на огласите за работа (објавени во дневните весници и на интернет страната на www.najdirabota.com.mk) во периодот од јуни – септември 2009 год. Со овие алатки се овозможува собирање на статистички информации потребни во подготовка на анализата. Употребени беа и квалитативните податоци собрани преку фокус групите организирани од страна на ЦИКП за студијата нарачана од страна на Светска банка на тема „Родови ограничувања во вработувањето“, а спроведена во 2008 год. Областите во политиката на вработување кои се детално анализирани се Законот за работни односи, политиката за плати и активните мерки за вработување. Во поглед на учеството на пазарот на труд родово анализиравме користејќи ги следните детерминанти: возраст, етничка припадност и образование.

## *2.1. Закон за работни односи*

Според Законот за работни односи секој може да озакони договор со кој се регулираат работните односи, доколку ги исполнува условите предвидени со законот и колективниот договор. Постапката за избор на кандидати се извршува преку јавен оглас за работно место, по кој следува процедура на селекција на успешните кандидати оставајќи можност на неуспешните кандидати да поднесат жалба.

Во таа смисла одредбите за вработување се делумно родово свесни. Имено, постапките за селекција на кандидати експлицитно ги забранува дискриминаторните услови врз основа на пол [6]. Сепак, начелото на рамноправност во пристапот до работно место (еднаквост на можности) не е даден во критериумите за воспоставување на работни односи. Родово свесната политика за вработување треба да има посебни одредби кои ќе забранат работодавецот да може постави прашања за брачна или семејна состојба на жените. Фактите добиени со овие прашања може да го стават лицето кое бара работа во нерамноправна положба. Македонскиот Закон за работни односи не предвидува ваква забрана. Во пракса, работодавачите прашуваат за брачната и семејната состојба на кандидатите. Над 13% од испитаните жени во Македонија признаа дека ги прашале за семејната состојба (види табела 1), а на скоро 8% не им била понудена работа заради нивните планови да основаат семејство/или да стапат во брак (види табела 2). Овие податоци се отсликуваат и во другите истражувања на ЦИКП кои ги одредуваат детерминантите за пасивноста на вработувањето во 2008 год. Работодавачите претпоставуваат дека (потенцијалните) млади мајки нема да можат да работат долго работно време затоа што треба да поминуваат време и со децата.

6 Закон за работни односи, „Службен весник“ бр. 62, 2005“, член 24, „Јавен оглас за работа не треба да сугерира дека работодавачот претпочита еден пол пред другиот, освен ако полот е неопходен за работното место кое се огласува“

*Табела 1. На разговор за работа, дали некогаш ве прашале за Вашите планови да основате семејство/да се омажите?*[7] *(се земаат во предвид само одговорите на женските испитаници)*

| | % | # |
|---|---|---|
| Да | 13.4% | 40 |
| Не; или не одговориле | 86.6% | 261 |

*Табела 2: Дали Ве одбиле за работа заради Вашите планови да основате семејство/или да се омажите? (се земаат во предвид само одговорите на женските испитаници)*

| | % | # |
|---|---|---|
| Одбиле да одговорат | 87.7% | 252 |
| Да | 7.3% | 22 |
| Не | 9.0% | 27 |

Ако се анализираат правата кои произлегуваат од договорот за вработување се гледа дека не постои посебно внимание за статусот на родовите во Законот. Така, законот родово неутрално ги третира следните категории: Максималните работни часови во една недела, ситуацијата кога овие можат да се продолжат и под кои услови, полно работно време или скратено работно време, како и платен годишен одмор (за празници, здравствени проблеми и други причини). Овој дел од законот не гарантира задржување на истото работно место по породилното отсуство, туку само по платено и неплатено отсуство на работникот (во случаи како работа во странство во дипломатски или конзуларни претставништва или посета на курсеви за специјализација, придружба на партнер кој работи во странство или извршува државни/јавни функции)[8] . За жал, истата клаузула не важи за жените кои се на породилно отсуство, каде е предвидено само правото на порано враќање на работа (член 166).

Законот, сепак, има посебна глава за заштитни мерки (глава XII) која главно се однесува на репродуктивната функција на жената. Во овој дел се регулира работниот статус на бремените работнички. Додека законот регулира платено породилно отсуство и други заштитни права, тој исто така одредува дека работничките за време на бременоста или во првата година од животот на детето не можат да работат прекувремено ниту во трета смена (член 164). Додека ваквите заштитни мерки можат да се прифатат како позитивна афирмација за бремените жени, чија „способност да ги извршуваат работните обврски може да влијае врз одредени физички и здравствени состојби во кои се наоѓаат“[9] , се оспорува корисноста на заштитните мерки за жените родители како дискриминаторска затоа што моментално оваа одредба, недавајќи им можност на сите да избираат

7 Истражувањето е спроведено во август, 2009 год., со употреба на репрезентативен примерок од 600 испитаници од кои 301 се жени, и има маргинална грешка од 4%.

8 Закон за работни односи, „Службен весник бр. 62, 2005“, член 152: Вработениот може да се врати на работа“ и да преземе активности соодветни за неговиот/нејзиниот степен на стручна подготовка“

9 Стојаноска Доминика, Родовата еднаквост и човеков развој во Македонија во транзицијата (1991-2006 год.), докторска дисертација на меѓународна соработка и одржливи развојни политики

дали ќе работат прекувремено или во трета смена, ја изложува на опасност родовата еднаквост на машките и женските работници. Ова од друга страна е предвидено како можност за „самохраните родители кои имаат дете помало од седум години или дете со физички недостаток“[10] . Законот на овој начин дозволува понатамошно создавање на нерамноправност, затоа што ако ја знаат оваа можност, работодавачите можат да одлучат да не поддржуваат вработувања на жени бидејќи нивниот ангажман ќе биде ограничен (повремено или континуирано) за прекувремена работа или трета смена по потреба. Уште повеќе, во овој член од законот се сугерира дека улогата на жената во семејството е првенствено да раѓа деца. Улогата на таткото „во одгледувањето на децата во случај на прекувремена работа или ноќна смена на мајката, во законот е комплетно занемарена“[11] .

Треба да се признае дека со ревизијата од 2005 година македонскиот Закон за работни односи, до некој степен го реформираше концептот на породилно отсуство, со тоа што дозволи „таткото на детето да има право да користи породилно отсуство ако мајката не користи, или во случај на смрт на мајката, ако мајката го напушти детето или ако има оправдани причини кои ја спречуваат да ги оствари овие права“ (член 167). Сепак, самата формулација сугерира дека главно за детето се грижи мајката. Само ако од било какви причини не сака или не може да се грижи за детето, таткото може да го заземе нејзиното место. Би било поправедно во законот да се употреби формулација како оваа „двајцата родители можат да го користат правото на платено отсуство за да се грижат за детето“. Освен тоа, промените во законот за работни односи од 2005 година ја зајакнаа улогата на жената на пазарот на трудот и нејзината економска независност со тоа што им дозволи на вработените жени да се вратат на работа пред да им заврши породилното боледување со можност да добиваат 50% социјална помош за останатиот период од породилното боледување[12] .

Во однос на политиката на плати, законот (чл.108) гарантира еднаква плата за иста работа за сите вработени, независно од нивниот пол, брачна состојба, етничка припадност, место на живеење, итн. Платите, како што е пропишано со законот, се одредуваат преку процес на колективно договарање на национално и секторско ниво, и ниво на претпријатие. Ова најмногу се однесува на јавниот сектор, каде што се уште постојат синдикати. Дури и таму моќта и улогата на жената во синдикатите е дискутабилна. Во приватниот сектор, синдикатите се ретки и слаби. Таму платите главно се одредуваат на ниво на претпријатие. За жал во Македонија жените се вработени во помалку платените сектори кои користат неквалификуван кадар. Затоа, постои значителна разлика во платите за мажите и жените во Македонија (види табела 3). Ефектот од ваквата пракса ја забележува Диего Анхел – Урдинола, кој вели: „ова не е само прашање на правичност, туку придонесува и за повисока стапка на женска сиромаштија и ги спречува жените давлезат на пазарот на трудот.“[13]

10 Закон за работни односи, „Службен весник бр. 62, 2005“, член 164, став 4

11 Стојаноска Доминика, Родовата еднаквост и човеков развој во Македонија во транзицијата (1991-2006 год.), докторска дисертација на меѓународна соработка и одржливи развојни политики

12 Многу експерти на ова гледаат како на дополнителна стимулација за жените да се врата на работа порано, бидејќи оваа нова финансиска состојба ги покрива дополнителните трошоци за нега на детето во работното време на родителите.

13 Диего Анхел Урдинола „Дали воведувањето на минимална плата во БЈР Македонија ја намалува

*Табела 3. Безусловна родова разлика во платата и работна сегрегација (само ниско квалификувани работници)*

| Сектор | Учество во вработувањето | | Просечна стапка на плата | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Мажи | Жени | Мажи | Жени | Mi/M Жi/Ж | Родова разлика |
| | (1) | (2) | (3) | (4) | (5) | (3)/(4) |
| Земјоделство/рударство/риболов | 6.01 | 2.33 | 65.3 | 40.5 | 0.04 | 41.2% |
| Производство | 26.66 | 44.41 | 55.5 | 40.2 | 0.18 | 32.0% |
| Електрична енергија/гас/вода | 5.71 | 1.55 | 78.2 | 72.3 | 0.04 | 7.6% |
| Градежништво | 14.87 | 1.76 | 101.3 | 44.6 | 0.13 | 58.5% |
| Големопродажба/малопродажба | 12.24 | 14.57 | 55.9 | 48.0 | 0.02 | 15.2% |
| Хотели/ресторани | 4.61 | 4.25 | 95.8 | 51.5 | 0.00 | 55.7% |
| Транспорт/комуникации | 8.78 | 2.32 | 62.6 | 67.1 | 0.06 | -7.1% |
| Финансиски/услуги за недвижности | 2.48 | 4.22 | 65.8 | 71.2 | 0.02 | -7.9% |
| Јавна администрација | 9.65 | 5.16 | 68.0 | 55.9 | 0.04 | 18.7% |
| Образование/здравство/социјална работа | 4.64 | 16.13 | 52.9 | 50.3 | 0.11 | 5.0% |
| Останати услуги | 4.35 | 3.31 | 60.9 | 59.2 | 0.01 | 2.9% |
| Индекс на сегрегација | | | | | 0.33 | |

*Извор: Процени направени од Диего Анхел Урдинола, користејќи ги податоците од македонскиот АРС за 2006 год. Формула за пресметување на Индекс на различност во индустријата е: D = 0.5× (Mi M) − (Жi Ж) каде M (Ж) е машко (женско) вработено население, а Mi (Жi) е машко (женско) население вработено во индустријата i.*

Оваа голема родова разлика (особено во градежништвото, хотелите/ресторанитe и земјоделството/рударството/риболовот) не е нужно објаснета со сегментацијата на трудот (каде што жените влегуваат во секторите кои нудат пониска плата) ниту во разликите во однос на образованието по пол, туку најмногу со дискриминација (мажите во слични сектори со слично образование и кои вршат иста работа имаат поголема плата од нивните колешки)[14]. Овој заклучок произлегува од анализата на податоците дадени во табела 3, каде може да се види дека разликата во платите по пол е доста висока во одделни индустрии (каде обично доминираат мажите), како што се производството и градежништвото, како и во несегрегираните

разликата во платата по пол?“, работен документ на Светска банка од 2008 год.
14 Ибид.

индустрии како големопродажба, хотели/ресторани и земјоделство. Интересно, разликата во платата по пол е мала кај вработените кои работат во услужните дејности (електростопанство, вода и гас) и транспорт и врски, сектори кои се претежно машки индустрии. Ниските плати, високите привилегирани плати, и тешките услови за вработување влијаат врз необразованите жени да останат дома.[15] Ова може да се смени ако се воведе минимална плата со која се предвидува дека ќе намали родовата разлика во платата до 23%. Но, бидејќи ова подобрување е условено со воведувањето на малку повисока минимална плата, се предвидува дека ваквата интервенција може да придонесе кон намалување на вработеноста, што само по себе би било негативен исход за жените [16].

## *2.2. Активни мерки за вработување*

Политиката за вработување дополнително се зајакнува со активните мерки за вработување (АМВ) подготвени од страна на Министерството за труд и социјална политика со техничка помош од Програмата за развој на Обединетите Нации. Овие мерки се насочени кон создавање на повеќе можности за пристап до вработувањето за следните групи: невработени; млади невработени; невработени во руралните средини; самохрани родители; хендикепирани и сираци; стечајни работници. Податоците добиени со следење на спроведувањето на активните мерки за вработување во 2007 год., дадени во табела 4, покажуваат дека двете мерки кои поддржуваат отворање на сопствен бизнис се најпопуларни (на пр. Субвенции за само-вработување и обука и советување за невработените или стечајните работници). Од друга страна, мерките за промоција на вработувањето на ранливи групи – невработени од руралните средини, самохрани родители (во Македонското општество најчесто мајки), хендикепирани и сираци – не се успешно спроведени. Со споредување на планираниот буџет со реализираниот, може да се види дека Владата има потрошено повеќе во скоро сите активно спроведени мерки за вработување освен за субвенциите за вработување на самохрани родители, хендикепирани и сираци. Уште побитно е дека само најнепопуларната мерка слабо влијаеше на ниско квалификуваните жени. Ниедна мерка не влијаеше директно врз оваа целна група. Оваа анализа на разликите повторно го наметнува тврдењето на Меѓународната Организација за Труд (ИЛО) дека АМВ се со ограничена делотворност. Причините за ова се наоѓаат во слабите капацитети за создавање на работни места од страна на фирмите, долгогодишната невработеност и малиот човечки капитал на луѓето со долгогодишна невработеност[17] .

---

15 ЦИКП, Анализа на причините за економска неактивност кај ниско образованите жени од малцинските заедници во Македонија (необјавен ракопис), подготвен од страна на Светска банка, 2008 год.

16 За овие проценки види во документот од Диего Анхел Урдинола „Дали воведувањето на минимална плата во БјР Македонија ја намалува разликата во платата по пол?", работен документ на Светска банка од 2008 год.

17 Преглед на политиката за вработување „Поранешна југословенска Република Македонија" подготвен од Меѓународната канцеларија за труд и Советот на Европа во 2006 и 2007 год.

*Табела 4. Спроведување на активни мерки за вработување во 2007 год.*

| Тип на активни мерки за вработување | Целен број | Број на учесници | Планиран буџет во МКД | Реализиран буџет за мерки во МКД |
|---|---|---|---|---|
| Јавни работи во единиците на локалната самоуправа | 1000 | 965 | 18.000.000 | 19,835.415,00 |
| Субвенции за само-вработување | 500 | 815 | 73.300.000 | 84.506.490,00 |
| Субвенции за прво вработување на млади луѓе на возраст до 27 години | НЕМА ПОДАТОЦИ | 600 | НЕМА ПОДАТОЦИ | НЕМА ПОДАТОЦИ |
| Вработување во градежниот сектор и животната средина на невработените во руралните средини | 432 | 418 | 19.900.000 | 20.180.974 |
| Субвенции за вработување на самохрани родители, хендикепирани и сираци | 800 | 339 | 8.960.000 | 3.796.800 |
| Обука за план за работа и совет за невработените и стечајните работници | 3000 | 3866 | 50.000.000 | 52.097.796 |

*Извор: Министерството за труд и социјална политика врз основа на база на податоци од Агенцијата за вработување*

## 3. Учество на мажите и жените во македонскиот пазар на труд

Истражувањето на работната сила открива дека стапките на учество во земјата се многу ниски [18]. Женското учество е многу пониско од машката активност. Податоците за работна сила за 1996 и 2005 год. покажуваат дека разликата во учеството на мажите и жените се намалила од 24.1% на 21.7% за време на таа деценија.

*Табела 5. Стапка на активност, според возраст и пол*

| | 2001 | | | 2002 | | | 2003 | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Возраст | Вкупно | М | Ж | Вкупно | М | Ж | Вкупно | М | Ж |
| Вкупно | 55.5 | 65.6 | 45.5 | 52.6 | 63.7 | 41.5 | 54.5 | 65.6 | 43.4 |
| 15-19 | 19.7 | 21.6 | 17.8 | 16.6 | 18.1 | 15.0 | 15.4 | 16.7 | 14.1 |
| 20-24 | 60.5 | 68.0 | 52.6 | 55.6 | 66.5 | 42.8 | 55.3 | 64.5 | 45.5 |
| 25-54 | 76.6 | 88.1 | 64.8 | 76.2 | 89.6 | 62.5 | 76.4 | 89.3 | 63.1 |
| 55-64 | 31.9 | 47.4 | 17.7 | 31.1 | 46.7 | 16.4 | 35.8 | 51.9 | 20.7 |
| 65-и повеќе | 9.0 | 10.8 | 7.5 | 5.9 | 6.1 | 3.8 | 5.3 | 7.2 | 3.7 |

| | 2004 | | | 2005 | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Возраст | Вкупно | М | Ж | Вкупно | М | Ж |
| Вкупно | 52.2 | 63.5 | 40.9 | 54.1 | 64.9 | 43.2 |
| 15-19 | 14.4 | 16.4 | 12.3 | 14.5 | 16.8 | 11.9 |
| 20-24 | 51.2 | 60.9 | 40.9 | 50.9 | 59.1 | 42.2 |
| 25-54 | 74.1 | 86.8 | 61.0 | 76.2 | 88.3 | 63.7 |
| 55-64 | 33.7 | 51.0 | 17.5 | 37.0 | 53.5 | 21.5 |
| 65-и повеќе | 3.7 | 5.6 | 2.1 | 7.8 | 6.7 | 3.2 |

*Извор: Анкета на работна сила, Завод за статистика*

Анализата на погорната табела покажува дека жените влегуваат на пазарот на труд подоцна од мажите (на возраст од 15-19 години женските учесници на пазарот на трудот се во помал број од машките учесници). Сепак, генерално учеството за оваа возрасна група е многу ниско. Постојат многу причини за ова, вклучувајќи го и фектот дека добар број на младите учат за да се здобијат со факултетска диплома. Родовата разлика во економската активност сепак може да се набљудува преку анализа на податоците за родово сегрегирано образование (дадено во табела 6) што покажува дека бројот на жените запишани на факултет и матурирани е поголем од бројот на мажите.

18 ИЛО известува дека македонските стапки на активност во 2004 год. се под нивото EU-15, па дури и под нивото на новите земји-членки на ЕУ (НЗЧ): 58.8%, наспрема 70% (EU-15) и 65.5% (НМС)

*Табела 6. Образование и пол (2005-2006)*

| | Број на студенти | | Застапеност по пол | | Стапки на запишување | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | жени | мажи | жени | мажи | жени | мажи |
| Основно и средно образование | 114,414 | 120,771 | 49% | 51% | 93 | 92 |
| Средно образование | 44,530 | 49,378 | 47% | 53% | 71 | 74 |
| Факултетско образование (2006/2007) | 31,052 | 25,959 | 54% | 46% | 20 | 16 |

*Извор: Државен завод за статистика 2006 год.*

Родовата разлика во учеството во пазарот на трудот расте во согласност со зголемувањето на возраста. Постои значајна разлика меѓу машкото и женското учество во најпродуктивната возраст (25-54 години), но таа е огромна кај возрасната група од 55-64 год. Овие податоци ја наметнуваат грижата дека работодавачите повеќе бараат млади вработени. Така се обесхрабруваат постарите жени да бидат и понатаму активни и да учествуваат на пазарот на трудот. Следењето на огласите за работа во периодот од јуни-септември 2009 год. покажа дека работодавачите и понатаму ја ставаат возраста како критериум за вработување, иако законот за работни односи забранува дискриминација по возраст во процесот на вработување (види Слика 1). ЦИКП воочи дека младите жени се обесправени, бидејќи многу (главно приватни) работодавачи не се спремни да вработат млади тазе мажени жени, или жени со мали деца. Физичкиот изглед се чини важен за некои работодавачи да им дадат работа на одредени кандидати. Со следењето на огласите за работа во периодот од јуни-септември 2009 год., ЦИКП утврди дека доставувањето само на фотографија (види Слика 2) е доволно да се поднесе барање за работа за значаен број на работни места (иако доставувањето на биографија е најчесто барање). Ова исто така игра обесхрабрувачка улога за многу жени да останат активни на пазарот на трудот по триесеттата година.

*Слика 1. Возраст*



*Слика 2. Што треба да вклучува апликацијата за работа?*




Пониското образование во Македонија се чини не е бариера за наоѓање работа бидејќи повеќето работодавачи бараат кандидати кои имаат само средно образование (види слика 3). Жените обично се вработуваат на работни места со мала плата, а многу работа, како на пр. кројачки и чистачки (види слика 4). Но, како што се гледа од табела 6, бројот на образовани жени расте, а со тоа изворот на пониско образован кадар на возраст од 25-54 години во иднина ќе стане проблем. Ако економијата не порасне и не понуди повеќе работни места еднакви на квалификациите на кандидатите за работа, таа ќе обесхрабри повеќе жени да останат активни на пазарот на трудот, бидејќи нема да прифатат работно место за кое имаат квалификации поголеми од потребното.

*Слика 3. Степени на образование кои се бараат*



*Слика 4. Професии*




Сепак, за да станат конкурентни на пазарот на трудот, жените на возраст од 25-54 и 55-65 години треба да ги имаат следните вештини: Познавање на англиски јазик, работа со компјутери и факултетска диплома. За да се зголеми нивната способност за да добијат платена работа, мораат да се здобијат со горенаведените вештини.

*Слика 5. Вештини*




Друга причина за ниската стапка на активност на жените може да бидат културните вредности кои влијаат врз изборот на ниско образованите жени да се ангажираат во домаќинството и домашната економска активност. Ова важи особено кај жените кои припаѓаат на етничките малцинства (Албанци, Турци и

Роми).[19] Ваквата состојба се чини се потврдува со податоците од истражувањето на работната сила спроведено во 2000 год., каде етнички сегрегираните податоци покажуваат дека стапката на учество на жените од Албанско етничко потекло е 11.3%, во споредба со 62.3% мажи од истата етничка заедница.

За жените на возраст од 55-65 години, наоѓањето работа е „невозможна мисија". Повеќето од овие жени некогаш биле активни на пазарот на трудот, но по транзицијата, кога многу од општествени претпријатија пропаднаа, останаа без работа и не можат да најдат нова работа. Истражувањето на ЦИКП за ограничувањата за работна активност кај жените покажува дека, заради возраста, овие жени дури и ја отфрлаат можноста повторно да најдат работа. Тие губат надеж.
Понатаму, домашната неплатена работа и одговорностите поврзани со нега на одреден член од семејството не им дозволува на многу жени да работат. Овие задолженија можат да се поделат на:

- Грижа за мали деца;
- Нега на болен член на семејството (најчесто постар) во домот и давање на посебно медицинско лекување.

Ваквата состојба се потврдува со истражувањето за работењето на грижа/нега, кое ЦИКП го спроведе во 2008 год. Резултатите од ова истражување покажуваат дела негата е дел од секојдневниот живот и на мажите и на жените.

*Табела 7. Распределба на домашните обврски по пол*

| Пол | | < 1 час | 1-4 часа | 5-8 часа | 8+ часа | Не трошат време | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Мажи | Вкупен | 175 | 120 | 67 | 79 | 10 | 451 |
| | % од вкупна бројка | 72.0% | 35.7% | 30.0% | 28.3% | 50.0% | 41.0% |
| | % на мажи | 39 | 26 | 15 | 17 | 2.2 | 41.0% |
| Жени | Вкупен | 68 | 216 | 155 | 200 | 10 | 649 |
| | % од вкупна бројка | 27.9% | 64.2% | 69.8% | 71.6% | 50.0% | 59.0% |
| | % на жени | 10 | 33 | 24 | 31 | 2.2 | 59.0% |
| Вкупно | Вкупно | 243 | 336 | 222 | 279 | 20 | 1100 |
| | % од вкупна бројка | 22.1% | 30.5% | 20.2% | 25.4% | 1.8% | 100.0% |

Како што може да се види од погорната табела, има само мал број од испитаното население кое не поминува време во извршување на домашните обврски, додека 76.1% од испитаните поминуваат од 1 до над 8 часа во извршување на домашните обврски. Табелата 7 покажува дека повеќето мажи (39%) поминуваат помалку од еден час во извршување на домашните обврски, во споредба со само 10%

19 Истражување на ЦИКП за бариерите за вработување по барање на Светска банка, 2008 год.

од жените. Наспроти тоа, повеќето жени поминуваат од 1-4 часа (33%) или повеќе од 8 часа (31%) во извршување на домашните обврски. Негата во домаќинството по дефиниција е неплатена работа.

## *4. Заклучок*

Во Македонија политиките за вработување се општо земено родово неутрални. Најновите ревизии на Законот за работни односи вклучуваат анти-дискриминирачки одредби, усогласувајќи се со директивите на ЕУ и CEDAW. Овие одредби, сепак, не се соодветни за ограничувањата на родовото учество на македонскиот пазар на трудот. Истражувањата и анализите претставени во овој документ покажуваат дека политиките можат да се подобрат на неколку нивоа:

а) **Дорегулирање на одредбите во Законот за работни односи со цел давање наеднакви можности за мажите и жените при вработување и кариерен развој**

1. На работодавачите треба посебно да им се забрани да прашуваат за брачната или семејната состојба на мажите и жените.
2. Законот од друга страна треба да обезбеди гаранција за враќање на истото работно место по породилно отсуство.
3. Реформите на породилното отсуство треба да се продолжат со кампања за промоција на таткото како „еднакво грижлив„ за детето. Јавна политика го зајакнува овој концепт кога ќе им се даде можност и на жените за избор дали ќе работат прекувремено или во ноќна смена ако имаат мали деца, а не само на мажите.

б) **Засилување на политиката за плати со цел поставување на основа за економска еднаквост и независност на жените**

1. Бидејќи платите се определуваат во процес на колективно преговарање меѓу синдикатите и работодавачите, треба да се инвестира во зголемување на моќта за преговарање и улогата на жената во синдикатите.
2. Посебни напори треба да се вложат во воспоставување на синдикати во приватниот сектор во ниско платените трудо-интензивни индустрии, каде што присуството на синдикатите е слабо, а конкуренцијата е голема.
3. Воведувањето на минимална плата е сложена опција. Може да доведе до реорганизација на производството во многу компании (намалувајќи го кадарот и воведувајќи производство со поголема додадена вредност) и да влијае врз зголемувањето на невработеноста.

**в) Усвојување на мерки за зголемување на родовото учество на пазарот на трудот**

1. Дестигматизација на ранливите групи на жени, како што се самохраните мајки и обезбедување на специфични активни мерки за вработување кои ќе претставуваат значаен поттик за стимулација на компаниите да ги вработуваат овие лица; но и за корисниците да се пријават за учество во програмите.
2. Зголемување на свеста за тоа кои се најпродуктивните години на една жена, податок кој одат во прилог на жените постари од 30 години.
3. Инвестиции во образованието, социјалната помош, и инфраструктура што заштедува време, со кои понатаму ќе се градат капацитетите на жените да учествуваат на пазарот на трудот и да се стекнат со платено вработување.

4

# ЕФЕКТИВНИ ИМОТНИ И НАСЛЕДНИ ПРАВА НА ЖЕНИТЕ ВО РМ

Автор:
МА Анастас Вангели

# СОДРЖИНА


| | |
|---|---|
| *1. Вовед* | 56 |
| *2. Правна рамка* | 58 |
| *3. Ефективни права* | 60 |
| *3.1 Јазот меѓу нормите и праксата* | 60 |
| *3.2 Ситуација на терен* | 61 |
| *3.2.1 Улогата на жените во семејството* | 62 |
| *3.2.2 Улогата на жените во економијата и борба за нивните економски права* | 62 |
| *3.2.3 Родов концепт во руралните средини* | 67 |
| *3.3 Фокус групи* | 70 |
| *4. Компаративна перспектива* | 73 |
| *5. Заклучоци и препораки* | 76 |

## *1. Вовед*

Општо познат факт е дека жените поседуваат од прилика само 1-2 проценти од вкупниот имот во светот и често им се скратува правото да го наследат имотот кој легитимно им припаѓа. Затоа економското зајакнување на жените, а меѓу другите прашања заштитата на имотните и наследните права на жените се признати во голем број закони и други национални правни акти, како и меѓународни конвенции, повелби и останати правни инструменти[1]. Општиот заклучок од сите овие правни акти е дека „жените имаат право да не бидат дискриминирани; имаат право на соодветен животен стандард; имаат право на соодветно вдомување; имаат право да уживаат финансиска независност и да заработуваат за живот; а затоа имаат право сопственост, управување, поседување и отуѓување на имот“[2] .

Сепак, имотните и наследните права на жените се област во која успехот треба да се постигне. До сега, само во мал опсег се вклучени во масивниот корпус на човекови права и не се признаваат како независни човекови права. Затоа, справувањето со овој проблем сеуште налага поширока анализа на општата состојба на женските права.

Главните предизвици за овој предмет со кои се соочуваат борците за човекови права се:

> *„несоодветните закони и системи на примена; недостаток на свест дека законите постојат и недоволно разбирање за опциите за правно надополнување и резолуции за расправа; распространетоста на традиционалните ставови и практики, од кои многу директно се противат на уставните закони и воспоставените граѓански права“[3]*

Ефективните имотни и наследни права на жените во Македонија во минатото не беа сметани за значајна тема за истражување. Всушност, постојат само неколку извори кои можат да бидат корисни за оваа анализа. Меѓутоа, пред да се продолжи понатаму, мораме да го земеме в предвид специфичниот македонски контекст во однос на овој проблем.

Македонија го носи товарот на едно двојно југоисточно европско наследство кој значајно влијае врз оформувањето на културниот контекст и на вообичаените

1 Како и Меѓународните конвенции за економски, социјални и културни права и за граѓански и политички права; Платформата за активности донесена на Четвртата светска конференција на жените од 1995 год.; Конвенцијата на Обединетите нации за правата на детето; резолуцијата 2002/49 на Комисијата на Обединетите нации за човекови права; и Конвенцијата за елиминација на сите форми на дискриминација на жените. Според Надиа Стеинзор, „Права на жената на сопственост и наследство: Подобрување на животот во време на промени“, март 2003 год. Види и „Феминизација на сиромаштијата: Улогата на граѓанските организации на женските групи во нивната заштита“, граѓански свет, <http://www.civicworld.org mk/default-en.asp?ItemID=B979098D8445844FA683DF184E50120F&arc=1>, последен пат отворена на 25.10.2009год.

2 УНЦХС, „Правата на жените на земја, дом и имот во пост-конфликтни ситуации и за време на реконструкција: Глобален преглед“, УНЦХС (Најроби), 1999, стр. 22, според цитатот во Ибид

3 Стеинзор, оп. Цит.

практики за имот и наследство: првото е петвековното отоманско наследство, а второто е пост-југословенското наследство.

Првенствено, во Отоманското законодавство, мажите и жените се сметале за еднакви.

> *„На жените им се гарантира целосна надлежност во нивното справување и постапки, а поседуваат значајни права во рамките на институцијата брак: право на алиментација; имунитет од должностите за да придонесуваат во семејниот буџет; апсолутно право да го отуѓуваат својот имот; слобода да прифаќаат секакво вработување (за кои условите не се штетни по Шеријатскиот законик или морал); и под одредени услови, право на развод. Освен тоа, исламот го поддржува образованието на жените. Ваквата правна рамка била усвоена во Отоманската империја, како што е запишано во законските и судските записи.“*[4]

Сепак, овие правни критериуми постигнати во отоманско време не допринесувале многу кон сликата на родовата еднаквост, бидејќи постоеле многу други норми кои се мешале во ваквата идеална слика на Империјата. Во однос на предметот на сопственост и наследство, во отоманско доба, „мажите имале право на двојно повеќе наследство од жените“[5] . Постоеле и одредби во врска со секое малцинство одделно да договара граѓански, семеен и наследен закон. Во согласност со Коранот, сепак, Турските власти строго ја почитувале приватноста на народот. Не се мешале во приватните и семејните работи, како и во домашните, што значи немало механизми за заштита во случај на злоупотреба. Мажите имале легално право физички да ги казнат (тепаат) своите жени како крајна алтернатива во случај на непочитување и непослушност, иако имало и клаузули во кои се велело дека мажите немаат право да ги малтретираат жените.

Во периодот на Југославија, од друга страна, ситуацијата на жените значајно се подобрила. Додека во меѓу воените години имало општо непочитување на човечките вклучително и на женските права, социјалниот статус на жените бил особено подобрен по Втората светска војна. Учеството на некои жени во антифашистичката борба за време на војната влијаело врз одлуката да им се гарантира еднаков статус во новиот поредок. Дополнително, инклузивната политика и промоцијата на рамноправност без разлика на полот или етничката припадност од страна на Комунистичката партија придонела кон напредок на женските права. Општите начела на рамноправност подоцна се прифатени во законодавството на независна Македонија по распадот на Југословенската федерација во раните 1990-ти години.

Произлегувајќи од овие два поразлични контексти, денешната ситуација на жените во Македонија е обележана со одлики наследени од двата. Од една страна, отоманското наследство и остави на Македонија патријархални и патримонијални

4 Адал, Бердал, „Идејата за човековите права од гледна точка на Отоманската империја“, квартален извештај за човекови права 26 (2004), стр. 454-482
5 Ибид.

општествени модели. Од друга страна, моделот на институционална еднаквост, наследен од Југославија, природно наметнува родова еднаквост. Всушност, динамиката на спроведувањето на женските права, особено имотните и наследните права, во голема мера е обележана со подудирање од страна на двете наследства.

## *2. Правна рамка*

Во Македонскиот правен систем постои родова еднаквост во однос на сите типови на човекови права, вклучувајќи ги и економските. Во член 9 од Уставот се тврди дека „сите граѓани на Република Македонија се еднакви во поглед на нивните права и лични слободи, без разлика на пол, раса, боја на кожата“ итн.[6]

Понатаму, постојат четири закони во Македонскиот правен систем кои се многу важни за анализа на имотните и наследните права на жените: Законот за семејство, Законот за сопственост и други стварни права, Законот за наследување и Законот за еднакви можности за мажите и жените. Од овие четири клучни закони, првите три се на сила уште од осамостојувањето на земјата и поминале само низ мали промени кои не се значајни за предметот на истражување. Законот за еднакви можности, од друга страна, е донесен во 2006 година и се уште се спроведува.

Според Законот за семејство, неопходен услов за постоење на семејство е заедница на родители кои имаат деца[7]. Семејството функционира на начин што сите врски во него се засноваат на рамноправност и заедништво[8]. Освен рамноправноста, во сите врски меѓу партнерите (понатаму во законот дефинирани како хетеросексуален брачен пар), и двајцата имаат еднакви права кон своите деца.[9] Важно е да се забележи дека во Законот за семејство се вели дека вонбрачните парови кои живеат заедно повеќе од една година се **третираат исто како брачните парови** во поглед на нивните права на сопственост (дополнително регулирано со Законот за сопственост)[10]. Во однос на економските права, исто така се вели дека секој има право да си избере вработување независно од својот сопруг[11], но дека двата партнери придонесуваат и се грижат за семејството во согласност со своите можности[12]. Во однос на секое детално прашање во однос на сопственоста и наследството, законот се фокусира повеќе кон правата на децата отколку кон правата на вдовецот или вдовицата, но не се даваат посебни забелешки на родовиот фактор ниту во двете ситуации.

Кога станува збор за Законот за сопственост и Законот за наследство, може јасно да се види дека и двата инсистираат на рамноправност и правична застапеност

6 Види Устав на Република Македонија, http://www.president.gov mk/UserFiles/File/Ustav%20na%20RM/Ustav_na_RM%20nov.pdf, последен пат отворена на 25.10.2009 год.
7 Член 2, Закон за семејство на Република Македонија http://pravo.org mk/documentDetail.php?id=500&gid=20&tid=1&page=documentlaws.php, последен пат пристапено на 25.10.2009 год.
8 Член 3 и член 6, Ибид
9 Член 8 и член 9, Ибид.
10 Член 13, Ибид. Во исто време, законот не ги специфицира методите за мерење, ако еден пар живее заедно една година или не.
11 Член 32, Ибид.
12 Член 33, Ибид.

бидејќи не се споменува родот како фактор, било кој специфичен третман на жената или било што во врска со темата[13]. Без понатамошна класификација, се вели дека сите луѓе, без разлика дали домашни или странски државјани имаат право да стекнат сопственост[14] и дека има исти и универзални услови во однос на било кое граѓанско право на наследство[15].

Единствен дискутабилен дел од Законот за наследство е оној кој се однесува на исклучување на наследниците по тестамент на покојниот. Според Законот за наследство, сите потенцијални наследници, дури и ако се деца на покојниот чија сопственост треба да се дели, можат да бидат исклучени од процедурата за наследство под одредени околности[16]. Тоа е норма што е спротивна на правото во континентална Европа, каде голем дел од сопственоста (50% и повеќе) е резервиран за децата и задолжително мора да се подели еднакво меѓу нив (што е познато и како „присилно наследство"). Во 26 од 27 земји-членки на Европската унија, незаконски е да се исклучуваат децата од наследство или значајно да се намали нивниот дел. Единствената слична законска пракса на Македонската се среќава во англо-саксонското право (со исклучок на Шкотска), каде наследниците се определуваат со тестамент на покојниот[17]. Ваквата норма во македонското законодавство нема директно влијание врз женските наследни права, но индиректно предвидува можност за легална маргинализација на ќерките во распределбата на семејниот имот.

Најважниот правен акт во однос на женското зајакнување и постигнувањето на родовата еднаквост е Законот за еднакви можности. Целта на Законот е „промоција (...) на еднакви можности за мажите и жените во политичкиот, економскиот, социјалниот, образовниот и останатите области од општествениот живот"[18]. Законот воведува нови правни термини, како **еднакви можности, еднаков третман, дискриминација, директна и индиректна дискриминација, малтретирање и сексуално малтретирање**[19]. Исто така посочува на неколку средства за постигнување на еднакви можности и исто така предложува дека секој елемент од власта, но и останатите субјекти, како медиумите и учесниците во граѓанското општество треба да имаат важна улога во спроведувањето. Сепак, законот нема специфично одредби по имотните и наследните права.

Она што може да се заклучи од прегледот на основните правни акти за оваа проблематика е дека не постои никаква специфична регулатива што се однесува на имотните и наследните права на жените. Жените и мажите се сметаат за еднакви според сите закони кои се однесуваат на оваа проблематика, а нема никаква разлика во однос на полот во поглед на имотните и наследните права.

13 Види Закон за сопственост на Република Македонија, http://pravo.org mk/documentDetail.php?id=43&gid=76&tid=1&page=documentlaws.php и Закон за наследство на Република Македонија http://pravo.org mk/documentDetail.php?id=377&gid=76&tid=1&page=documentlaws.php, последен пат отворена на 25.10.2009 год

14 Член 2, Закон за сопстеност, оп. Цит.

15 Види Закон за наследство на Република Македонија, оп. Цит.

16 Види Ибид, член 46-29

17 Види „Ако има тестамент има и расправа", Економист, 15.10.2009 год.

18 Член 2, Закон за еднакви можности меѓу мажите и жените на Република Македонија http://pravo.org mk/documentDetail.php?id=697&gid=20&tid=1&page=documentlaws.php, 25.10.2009 год.

19 Член 3, Ибид.

Бидејќи е јасно дека македонското законодавство немаат специфична регулатива, се уште предвидува основни услови за родова еднаквост, што може да се види од неоспорната рамноправност која се прокламира во секој акт што е на било кој начин поврзан со имотните и наследните права на жените[20].

## 3. Ефективни права

### 3.1 Јазот меѓу нормите и праксата

Забележителен впечаток за различни следења на процесот на демократизација во Македонија е дека постои значајно несовпаѓање на нормата и праксата – додека македонските закони се донесени, нема соодветно извршување. Слабото надгледување на човековите права се забележува во многу извештаи не оваа тема. Неспроведувањето на законите е клучна точка, на пример во извештајот од Канцеларијата на високиот комесар за човекови права[21] и Извештајот за човекови права на Стејт депарментот на САД[22] .

Важно е да се спомене дека Европската унија игра важна улога во премостувањето на јазот меѓу статутарните норми и праксата. Една од клучните вредности и главните столбови за постоење на Европската унија е промоција, пракса, заштита и унапредување на сите видови човекови права и граѓански слободи, а една од најважните потполиња во рамките на темата за човекови права, е она за женските права.

Официјалната надворешна политика на Македонија, уште од прогласувањето независност, е ориентирана кон приклучувањето на Европската Унија. Од 2004 година, на земјата и е доделен статус на земја кандидат за полноправно членство. Нејзиниот напредок во исполнувањето на наметнатите политички и економски критериуми на ЕУ се прегледани од страна на Европската комисија. Една од неколкуте области во кои се следи напредокот е унапредувањето на правата на жената. Во извештаите за напредокот на земјата од минатите три години, Комисијата даде неколку забелешки во однос на оваа тема. Некои од забелешките

20 Освен тоа, види „Правата на жените во Поранешна Југословенска Република Македонија", извештај даден на Комитетот за човекови права, 2007 год. http://www2.ohchr.org/english/bodies/hrc/docs/ngos/Macedonia-omct.pdf, последен пат отворена на 25.10.2009 год. Авторите велат: „Во Македонија, и Уставот и националните закони гарантираат целосна рамноправност меѓу мажите и жените. Фактот дека законот не прави разлика меѓу правниот капацитет на мажите и жените значи дека нема правно ограничување за жените да поседуваат имот, да започнуваат судски процес, да добиваат кредити, итн."

21 Ибид.

22 2008 Извештај за човекови права на Стејт Департментот на САД: Македонија, февруари, 2009 год., http://www.state.gov/g/drl/rls/hrrpt/2008/eur/119091 htm, последен пат отворена на 25.10.2009 год. Во извештајот меѓу другото се вели: „Иако законот налага мажите и жените да бидат еднакво платени за иста работа, платната дискриминација над жените останува первазивна, особено во приватниот сектор. Додека законот забранува отпуштање на жените за време на породилно отсуство, дискриминацијата над бремените жени продолжува во пракса. (...)Жените од делови од етничката албанска и ромска заедница немале еднакви можности за вработување и образование од традиционални и верски рестрикции на нивното школување и учество во општеството. Во некои етнички албански заедници, праксата мажите да гласаат во име на женските членови на семејството ги негира женските права."

беа во врска со женските економски права.

Така, на пример, во извештајот од 2007 год., беше нагласен „само бавниот“ ритам во спроведувањето на законот за еднакви права за мажите и жените. Беше кажано дека постои јаз меѓу нормата и праксата, бидејќи „дефинициите предвидени во законот се уште не се целосно усогласени со правните придобивки на Заедницата“. Уште една забелешка беше дадена за недостатокот на институции и формални тела кои ќе обезбедат спроведување на законот. Понатаму, беше препорачано власта да се фокусира на проблемот на женските права и да работи на изнаоѓање решение за дискриминирачката пракса особено во руралните области, но исто така да се најде начин за зголемување на учеството на жените на пазарот на трудот. Ефектите и понатаму „изостануваат во областа на вработувањето“[23].

Во извештајот за 2008 год. Комисијата дала слични забелешки. Вели дека „се направени само ограничени напори за промоција на женските права во руралните области и за зголемување на женското учество на пазарот на трудот“. Впечатоците на Комисијата се дека се уште постои структурен недостаток во административните капацитети во оваа област. Исто така се посочува на отпорноста на дискриминирачките обичаи, традиции и стереотипи против жените, а особено жените од етничките малцинства[24].

Во најновиот годишен извештај од октомври 2009 год., некои од клучните забелешки се уште постојат. Во однос на женските економски права, се вели дека „недостасува стратешки пристап за еднакви можности“ и се препорачува „да се вложат понатамошни напори за развој на административните капацитети за родовата еднаквост“. Истовремено, се нагласува дека „учеството на жените во работната сила и понатаму е многу ниско“[25].

### *3.2 Ситуација на терен*

Целосно да се разберат условите за имотните и наследните права на жените, треба да се земат во предвид некои од основните услови во македонското општество. Овие услови се:

- општата улога на жените на микрониво (во нивните семејства)
- улогата на жените во македонската економија и борбата за исполнување на нивните економски права,
- разликите помеѓу различните средини (урбани/рурални).

---

23 Види Поранешна Југословенска Република Македонија: извештај за напредок за 2007 год., стратегија за проширување на Европската Комисија и главни предизвици 2007-2008 год., http://ec.europa.eu/enlargement/pdf/key_documents/2007/nov/fyrom_progress_reports_en.pdf, последен пат отворена на 25.10.2009 год.

24 Види Поранешна југословенска Република Македонија: извештај за напредок за 2008 год., стратегија за проширување на Европската Комисија и главни предизвици 2008-2009 год., http://ec.europa.eu/enlargement/pdf/press_corner/key-documents/reports_nov_2008/the_former_yugoslav_republic_of_macedonia_progress_report_en.pdf, последен пат отворена на 25.10.2009 год.

25 Види Поранешна југословенска Република Македонија: извештај за напредок за 2009 год., стратегија за проширување на Европската Комисија и главни предизвици 2009-2010 год., http://ec.europa.eu/enlargement/pdf/key_documents/2009/mk_rapport_2009_en.pdf, последен пат отворена на 25.10.2009 год

### 3.2.1 Улогата на жените во семејството

Со оценување на улогата на жените на микрониво, може јасно да се одредат основите на обичаите за сопственост и наследство во општеството. Начинот на кој прашањата за сопственост, материјален придонес и распределување, и наследство се решаваат на основно ниво во суштина зависи од меѓучовечките односи, кон зависат од објективни фактори, како што се личната слобода и нивото на образование.

Општ впечаток за македонскиот случај е дека семејниот поредок генерално се базира на патријархалната/патримонијалната традиција во која жените се потчинети. Еден важен факт е дека жените во Македонија се мажат порано од мажите. Во просек, жените во Македонија за прв пат се мажат на возраст од 25 години, додека мажите се женат на 28[26].

Просечната возраст на која за прв пат се мажат жените е под светскиот просек (28,1 година)[27] и значително под просекот на жените од најразвиените земји[28]. Истовремено, просекот кај мажите е поблиску до светскиот просек (30,3 години)[29].

Во исто време, нивото на образование на жените е пониско (иако кај помладите групи на луѓе е скоро еднакво), а стапката на неписменост е малку поголема од кај мажите, што може да влијае врз улогата на жените во донесувањето на одлуки во рамките на семејството. Во однос на правата на имот и наследство, ваквата состојба може да се земе како цврста основа за хипотезата дека праксата за сопственост и наследство во Македонија многу потсетува на традиционалниот патримонијален модел во кој доминацијата на мажите останува неоспорна.

### 3.2.2 Улогата на жените во економијата и борба за нивните економски права

Според последното истражување на пазарот на трудот спроведено од страна на Државниот завод за статистика, 61% од активното население се мажи, додека 39% се жени. Меѓу неактивното население 35,4% се мажи, а 64,6% се жени[30]. За да се смета за активно, според методологијата на Заводот, едно лице треба да биде на возраст меѓу 15-79 години; вработено (кое работи законски за профит) или невработено (не работи, но активно бара работа и е подготвено веднаш да прифати работа). Според тоа, да биде неактивно значи лицето или да не е во рамките на одредена возраст (15-79), или да е пензионирано, или да не бара активно работа. Имајќи во предвид дека во Македонија има демографски баланс во распространетоста по пол и дека правниот систем се бори за еднакви

26 Види: Државен завод за статистика „Жени и мажи во Македонија“, Скопје, 2008, стр. 14

27 Види NationMaster People’s Statistics, Age at first marriage for women (most recent) by country, <http://www.nationmaster.com/graph/peo_age_at_fir_mar_for_wom-people-age-first-marriage-women>, last accessed 25.10.2009

28 For example, women from Sweden and Denmark get married after 30, see ibid.

29 Види NationMaster People’s Statistics, Age at first marriage for men (most recent) by country, <http://www.nationmaster.com/graph/peo_age_at_fir_mar_for_men-people-age-first-marriage-men>, last accessed 25.10.2009

30 State Statistical Office, “A Survey on the Labour Market”, Skopje 2009

можности, единствениот валиден аргумент за диспропорцијата во однос на стапката на активност е дека жените не ги исполнуваат критериумите за постојано барање работа и спремност во секое време да прифатат било каква работа во најкраток можен рок.

Во исто време, според едно друго истражување од страна на Државниот завод за статистика, стапката на активност по полова распространетост значајно варира во зависност од руралниот/урбаниот фактор. Додека стапката на активност кај мажите во руралните средини е малку пониска од онаа во урбаните средини, тоа не е случај кај жените. Додека просечната стапка на активност кај жените во урбана средина во возрасната група од 30 до 50 години е над 70% во истата возрасна група, кај жените во руралните средини е помалку од 50%. Во однос на вкупните вредности, додека повеќе од 45% од жените во урбаните средини се сметаат за активни, помалку од 40% од жените го имаат овој статус во руралните средини.

*Графикон 1. Стапка на активност кај урбаното и руралното население по возраст*




*Извор: Државен завод за статистика, „Жените и мажите во Македонија“, Скопје, 2008 год., стр. 46.*

Во рамките на активното население, од друга страна, постои соодност и кај вработените (61,4% мажи, 38,6% жени) и невработеното население (60,1% мажи, 39,9% жени)[31].

*Табела 1. Население на возраст од 15-79 по економска активност и пол, втор квартал, 2009 год.*

| | Вкупно население | Структура по пол |
|---|---|---|
| Вкупно активно население | 933 878 | |
| Мажи | 569 643 | 61 |
| Жени | 364 235 | 39 |
| Вкупно вработено население | 636 156 | |
| Мажи | 390 747 | 61.4 |
| Жени | 245 409 | 38.6 |
| Вкупно невработено население | 297 722 | |
| Мажи | 178 896 | 60.1 |
| Жени | 118 826 | 39.9 |
| Вкупно неактивно население | 703 950 | |
| Мажи | 249 424 | 35.4 |
| Жени | 454 526 | 64.6 |

*Извор: Државен завод за статистика, „Истражување на пазарот на труд“, Скопје, 2009 год.*

Сепак постои голем јаз кај економскиот статус на вработените. На пример, 79% од работодавачите се мажи (8% од вкупното вработено машко население, во споредба со само 3% од вработените жени). Понатаму, има повеќе неплатени семејни работници кои се жени (60% од вкупниот број на неплатени семејни работници се жени; а 17% од женското население се неплатени семејни работници)[32]. Во поглед на професијата, многу е неверојатно во однос на останатите тенденции на пазарот на труд дека има повеќе жени професионалци отколку мажи (а истовремено, повеќето жени се професионалци) Сепак, во сите останати типови на професии доминираат мажите[33].

Друго значајно истражување спроведено на оваа тема е спроведено од страна на Женската секција на Сојузот на синдикати на Македонија во 2005 год. Според нивното истражување, само 4% од вработените жени се бизнисмени. Скоро 89% од жените кои работат во големи корпорации не се вклучени во процесот на одлучување. Исто така, некои наоди од ова истражување покажуваат дека повеќето

31 Ибид

32 Види „Жени и мажи“, оп. цит. 49

33 Види „Жени и мажи“, оп. цит., стр. 54

жени се откажуваат од своите идеи за градење кариера во полза на нивните мажи. Жените исто така се соочуваат со потешкотии дур и кога сакаат да започнат свој бизнис, бидејќи **повеќето од имотот е во легална сопственост на нивните сопрузи**, а праксата за наследство е таква што поголемиот дел од имотот им се остава во наследство на машките, отколку на женските птотмци. За многумина, перцепцијата е дека не е морално жената да започне бизнис ако нејзиниот сопруг е невработен. Освен тоа, се смета дека жените не се доволно квалифицирани да бидат шефови, во однос на мажите. Во окото на јавноста, единствената сфера каде жените имаат добри шанси за комерцијален успех се во јавната сфера.

Оние жени кои имаат редовна работа се мизерно платени. Додека мажите просечно заработуваат три пати повеќе од жените, само 11% од вработените жени имаат право на натпросечна плата. Една од главните причини за оваа појава е дека голем дел од вработените жени (скоро една четвртина) работат во текстилната индустрија, која се смета дека припаѓа во најмалку платените и најтешки професии. Во целост, околу 90% од вкупниот број на текстилни работници се жени[34]. (види рамка )

Она што може да се заклучи од прегледот на улогата на жените во економијата е дека тие се во голема мера подредени на од мажите. Фактите покажуваат дека имаат помал придонес, но и помал пристап

Еден многу илустративен пример за економската положба на жената во Македонија е случајот со Штип, центарот на текстилната индустрија:

„Текстилните компании се најголемите работодавачи во Штип. Повеќето вработени во овој сектор се жени. Половина од жените на возраст под 40 години произведуваат облека. Предвидена бројка од 5,000 жени работат во 58-те штипски текстилни компании, додека други 1,000 жени работат во останатите сектори. Денеска, производителите кои бараат жени за работа во текстилната индустрија имаат потешкотии да најдат соодветни кандидати: млади, обучени и искусни шијачки на македонска облека за Европа. Со ова се зголемуваат платите за штипските работнички, а просечната изнесува 150-200 евра. Производителите тврдат дека платите во овој сектор се многу високи во Штип, а највисоки во Македонија. (...) Штиптекс, најстариот приватен производител на текстил во Македонија, (...) има германски партнери кои повремено доаѓаат во Македонија да нарачаат различни видови на облека од локалните производители и од Штиптекс. (...) Кога ќе се направи нарачката, крајните рокови за производство се кратки и работата е напорна. Често се бара да се работи прекувремено. Маиците се произведуваат во големи хали на приземје, каде 200 жени се наредени во пет долги редови. Пред нив има машини за шиење, жените формираат фабричка лента во која секој е фокусиран на една специфична задача. Секоја линија има околу педесет жени кои работат на парче облека, т.е. на одделни делови од женска маица. (...)

Бритекс произведува околу 300,000 парчиња облека годишно во 4 линии. Сепак,

34Магдалена Михајлоска, „Водењето бизнис е се уште машка работа“, Капитал бр. 279, март 2005 год. http://www kapital.com mk/DesktopDefault.aspx?tabindex=19&tabid=65&EditionID=452&ArticleID=9145, последен пат отворено на 25.10.2009 год.

до пазарот на труд отколку мажите, имаат општо полоши работни места и директно заработуваат значително помали плати. Тоа влијае врз нивната способност за се здобијат со приватен имот. Овие услови исто така создаваат скоро ненадминлива бариера во поглед на капиталните инвестиции, како што се земјиште, дом, други останати форми на недвижен имот, возила итн. Во ваква ситуација, без разлика на правичноста на правната рамка, ефективните права на имот на жените не можат да се спроведат во пракса.

управникот призна дека „компанијата нема простор“ и дека „халата е преполна, а тука треба да бидат сместени само три ленти.“ (...) има околу 130 вработени. 90 проценти од вработените се жени, повеќето на возраст од 35 години. Околу 95 проценти од производството се заснова на нарачки од странски компании со седиште во Холандија, Белгија, Германија и Грција, а нарачката се организира преку фирма-посредник (...).“

Центар за истражување и креирање политики, „Македонска облека за Европа“, политичка студија, 2006 год. Скопје

Во 2007 год., во извештајот за Правата на жената во Македонија се вели дека:

> *„Нема потреба од воведување на мерки за отстранување на сегашната честа практика да се остави имотот на машките наследници, и покрај фактот дека според законот за наследство и машките и женските деца имаат еднакво право на наследство. (...)*
> *Сопственоста, т.е. имотот обично се регистрира на име на мажот (...) и покрај тоа што правно и мажите и жените имаат еднакви права во поглед на сопственост на имотот, оваа рамноправност ретко се практикува. Жените исто така често се ставени во инфериорна позиција кога станува збор за донесување финансиски одлуки. Причините (...) можат да се најдат во традицијата, обичаите и во одредени објективни околности.“*[35]

Освен тоа, според истражувањето спроведено од страна на Супервизиската мисија на Агенцијата за катастарски работи на Македонија, во 55% од имотните листови фигурира само еден сопственик, додека во 45% од случаите на сопственост има поделба меѓу 2 и повеќе лица. Во 73% од случаите каде што сопственоста гласи на 1 лице, сопственикот е маж, а во само 27% од случаите сопственик е жена. Извештајот од Надзорот на катастарот исто така посочува на наследните традиции кај муслиманите во Македонија, етнички и Албанци, Турци и Роми, кои влијаат врз непропорционалната распределба на имотот. За многумина, кај овие заедници, мажите се главни наследници на имотот на семејството, а на жените во главно им е одземено правото на наследство[36].

35 Правата на жените во Поранешна Југословенска Република Македонија“, оп. цит.
36 Агенција за катастар на недвижности на Република Македонија, Преглед на мерките за социјална заштита.Надзорна мисија 2009 год.

### 3.2.3 Родов концепт во руралните средини

Нагласувањето на разликите меѓу правото на жените на сопственост и наследство според географијата е многу важно за ова истражување. Додека перцепцијата за урбаните средини е дека се далеку поразвиени и жените поеманципирани, на руралните средини секогаш се гледа како на помалку „ориентални“. Онаму каде патримонијалниот систем е најсилен претпоставката е дека руралното население е помалку образовано и помалку изложено на културна размена. Податоците од Државниот завод за статистика покажуваат дека жената е подобра во поглед на терцијарните професии кои се тесно врзани со урбаните средини, додека полошо се снаоѓаат во руралните области.

Едно истражување спроведено од страна на Сојузот на организациите на жените во Македонија, правата на жените на сопственост и наследство во руралните средини се на многу ниско ниво[37].

Во поглед на прераспределбата на семејниот буџет, повеќе од една третина од испитаниците рекле дека тоа е прашање за кое подеднакво одлучуваат сите членови на семејството. Други 30% рекле дека одлуката е оставена на сите возрасни членови на семејството, а 15% рекле дека одлуката е само на најстариот член. Сепак, додека 13% рекле дека одлуките во однос на семејниот буџет ги носи најстариот машки член на семејството, други 2,5% рекле дека одлуката зависи од возрасните машки членови на семејството, а само 2,1% рекле дека тој вид на одлуки ги носат возрасните жени во семејството.

*Табела 2. Одговори на прашањето „Кој одлучува за распределбата на вкупниот месечен приход во домаќинството?“, по пол*

| | Нај-стариот член на семејството | Нај-стариот машки член | Возра-сните машки членови | Возра-сните женски членови | Сите машки членови | Сите членови подеднакво |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Мажи | 78 | 63 | 19 | 7 | 158 | 177 |
| Жени | 77 | 68 | 6 | 14 | 146 | 187 |
| Вкупно | 155 | 131 | 25 | 21 | 304 | 346 |
| Структура | 15,5% | 13,1% | 2,5% | 2,1% | 30,4% | 34,6% |

*Извор: Родов концепт во руралните средини, Сојуз на организациите на жените во Република Македонија, 2003 год.,*

37 Родов концепт во руралните средини, Сојуз на организациите на жените во Република Македонија, 2003 год.

*Табела 3. Одговори на прашањето „Кој одлучува за распределбата на вкупниот месечен приход во домаќинството?", по етничка припадност*

| | Најстариот член на семејството | Нај-стариот машки член | Возра-сните машки членови | Возра-сните женски членови | Сите возрасни членови | Сите членови подеднакво |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Македонци | 52 | 59 | 10 | 17 | 289 | 311 |
| Албанци | 80 | 53 | 13 | Нема податоци | 5 | 12 |
| Роми | 2 | 10 | 1 | 3 | 4 | 2 |
| Срби | 8 | 2 | Нема податоци | 1 | 4 | 24 |
| Турци | 10 | 2 | Нема податоци | Нема податоци | Нема податоци | 14 |
| Власи | 2 | Нема податоци | Нема податоци | Нема податоци | 2 | 1 |
| Останати | 1 | 5 | 1 | Нема податоци | Нема податоци | Нема податоци |
| Вкупно | 155 | 131 | 25 | 21 | 304 | 346 |
| Структура | 15,5% | 13,1% | 2,5% | 2,1% | 30,4% | 34,6% |

*Извор: Родов концепт во руралните средини, Сојуз на организациите на жените во Република Македонија, 2003 год.*

Со ваквиот незначаен дел се потврдува хипотезата дека традиционалната семејна структура преовладува во руралните средини во Македонија. Родовите разлики не се одразуваат во одговорите, бидејќи излегува дека и машките и женските испитаници дале горе-долу слични одговори. Освен тоа, моделот на одговори на ова прашање не беше под влијание ниту на возраста, нивото на образование, ниту на статусот на вработување на испитаниците. Сепак, испитаниците Албанци и Турци изјавија дека најчесто најстариот член на семејството има најголеми права над семејниот буџет.

Истражувањето исто така покажа дека гласовите на мажите се сметаат за многу позначајни од оние на жените. На прашањето „Кој одлучува за марката, бојата и дизајнот кога семејството планира да купи нови апарати за домаќинството?", 36% од испитаниците одговориле дека за ова се одлучува со гласање на повеќето членови на семејството. Сепак, 39% одговориле дека тоа е „мажот во семејството", додека само помалку од 8% рекле дека тоа е „жената". Слично, околу 6% рекле дека тоа е таткото, 1% рекле дека тоа е мајката, а 8% рекле дека децата донесуваат одлука за тоа каков апарат ќе се купи. Одговорите на ова прашање не зависат од полот, возраста, етничката припадност и нивото на образование на испитаниците.

Во однос на перцепцијата за сопственост и владение, разликите меѓу мажите и жените се очигледни. На прашањето дали повеќе би сакале да се декларираат како сопственици на ново стекнатиот имот во семејството, скоро 60% од машките испитаници одговориле позитивно, додека 20% одговориле

со не, а други 20% рекле дека не им е важно. Кај жените, само 16% одговориле позитивно, 47% одговориле негативно, а останатите рекле дека не им е важно. Одговорите на овие прашања јасно покажуваат дека за мажите лично поважно е да се декларираат како сопственици, додека жените се апатични и незаинтересирани за оваа проблематика.

*Табела 4. Одговорот на прашањето „Дали повеќе сакате да се декларирате како сопственик на ново стекнатиот имот на семејството?"*

| | Да | Не | Исто е |
|---|---|---|---|
| Мажи | 301 | 105 | 96 |
| Жени | 80 | 237 | 181 |
| Вкупно | 381 | 342 | 277 |
| Проценти | 38.1 | 34.2 | 27.7 |

*Извор: Родов концепт во руралните средини, Сојуз на организациите на жени во Република Македонија, 2003 год.*

Освен тоа, поставени беа и неколку прашања за фактичката сопственост во семејствата на испитаниците. Излегува дека мажите поседуваат далеку повеќе имот од жените. Во поглед на местото за живеење, скоро 63% од испитаниците рекле дека во нивното домаќинство, сопругот е сопственик на станот/куќата каде живее семејството, а дополнителни 28% рекле дека таткото е сопственик. Само 5% рекле дека сопственик на станот/куќата е сопругата, а 1,8% рекле дека тоа е мајката. 53,7% одговориле дека сопругот, а 39% рекле дека таткото е сопственик на земјата која му припаѓа на семејството, додека помалку од 2% рекле дека тоа е мајката, а помалку од 2% рекле дека тоа е сопругата. Кога станува збор за пари, повеќе од 61% рекле дека сопругот е сопственик на семејната заштеда, 16% рекле дека тоа е таткото, додека 4% одговориле дека тоа е сопругата, а 2% рекле дека тоа е мајката. За сопругот се вели дека е сопственик на возилото во своето домаќинство според приближно 54% од испитаниците, а според 14% тоа е таткото. Од друга страна, помалку од половина процент рекле дека мајката е сопственик на автомобилот во домаќинството, а помалку од 2% рекле дека тоа е сопругата. Резултатите во однос на сопственоста на средства за земјоделско производство се највпечатливи: додека скоро 56% од испитаниците рекле дека сопругот, а скоро 21% рекле дека таткото е сопственик на средства за производство, помалку од половина процент рекле дека тоа е сопругата, а помалку од еден процент рекле дека тоа е мајката.

*Табела 5. Одговорите на прашањето „Кој во вашето домаќинство е сопственик на механизацијата која се користи во земјоделството?"*

| | Број | Проценти |
|---|---|---|
| Сопруг | 558 | 55.8 |
| Сопруга | 3 | .3 |
| Мајка | 8 | .8 |
| Татко | 209 | 20.9 |

| | | |
|---|---|---|
| Останати | 30 | 3.0 |
| Нема одговор | 192 | 19.2 |
| Вкупно | 1000 | 100.0 |

*Извор: Родов концепт во руралните средини, Сојуз на организации на жени во Република Македонија, 2003 год.*

Општ заклучок од ова истражување според авторите е дека во руралните средини во Македонија:

> *„традиционалниот тип на домаќинство доминира, а жените во овој вид на домаќинство имаат инфериорна улога; жените во руралните средини имаат незначајно влијание во распределбата на вкупниот месечен приход и во одлуките за набавка на средства за домаќинството; (...) можностите на жените за донесување одлуки се незначителни не само во домаќинството, туку и пошироко во општеството; (...) во руралните домаќинства постои поделба на машки и женски активности, а истиот став е присутен и кај мажите и кај жените без оглед на нивното образование, возраст или работен статус ( (...) што е особено присутно во албанските домаќинства).“*[38]

Во руралните средини постои длабоко вкоренет патримонијален систем на вредности во кој улогата на мажот е неоспорна. Покрај тоа што доминираат во процесот на одлучување во семејството, мажите се сопственици на земјата, куќата и механизацијата. Истовремено, жената индиректно го поддржува и продолжува патримонијалниот поредок, бидејќи не изгледаат многу заинтересирани да ја подобрат нивната економска состојба.

## *3.3 Фокус групи*

За целите на оваа анализа, Центарот за истражување и креирање политики спроведе четири фокус групи во македонските градови Струга и Струмица. Во зависност на полот и етничката припадност, перцепцијата на испитаниците наликуваше, но и се разликуваше една од друга.

Општина Струга е место со мнозинско албанско население и со главно патримонијален културен модел. За време на средбите на фокус групите, тројцата машки испитаници од албанско потекло беа самоуверени и сигурни, но и нефлексибилни во врска со темата. Тие општо рекоа дека имаат наследено имот од своето семејство. По нивно мислење, фактот дека имотот доаѓа од нивното семејство е доволна причина за нивните жени да бидат потчинети во поглед на тоа немањето било какво имотно право, дури и во случај на развод. Според нивното мислење, прифатливо е на жената да и биде одземено секое учество во донесувањето одлуки во однос на финансиските прашања, бидејќи не се смета дека придонесува во семејниот имот. Освен тоа, повеќето од нив рекле дека повеќе

38 Ибид.

би сакале синовите да го наследат имотот, што би бил легитимен чин, бидејќи би се базирал на традицијата дека машките наследници имаат поголема важност. Во однос на нивното гледиште на пошироката заедница, го имаат истиот став дека мажите се сметаат за доминантни врз жените. Повеќе или помалку експлицитно, сите велат дека се сложуваат со овие норми. Во нивните одговори, тие употребуваа неколку клучни зборови, како: „традиција“ што се однесува на моделот на наследување по машката лоза во семејството; клучниот збор „приоритет“ се употребува за да се опише статусот на синот и неговата иднина, како и грижата за неговата благосостојба; а фразата „нашиот менталитет“ беше употребена неколку пати како изговор или самооправдување за некои од изразените ставови кои водат до заклучок дека доминантниот културен модел понекогаш може да се доживее и како товар.

Во втората фокус група во Струга кои учествуваа вкупно седум жени и од македонско и од албанско етничко потекло. Сите од нив, општо рекоа дека не поседуваат никаков имот, освен во случај каде ја наследиле куќата од своите родители, бидејќи биле единствено дете во семејството. Сите испитанички исто така рекле дека би сакале доволно да заработуваат и да имаат свој имот, но скоро ниедна од нив не работи или не добива добра плата. За разлика од машките испитаници, тие рекле дека би сакале колку е можно подеднакво да го поделат имотот меѓу своите деца. Сепак, дале малку поразлични одговори на прашањата во врска со донесувањето одлуки во семејството и нивната улога во тој процес. Одговорите варираа од спремност на компромис или дури и потчинување на волјата на мажот, до милитантна одбрана на женските права и негирање на машката доминација како анахронична. Нивната перцепција на општествените норми и спремноста да се откажат од имотот под притисок од околината исто така варираше, од тотална апатија и подготвеност комплетно да се следат интересите на сопругот од една страна, до многу еманципиран и независен став кој гласи дека една личност има природно право на својот имот на другата. Мора да се нагласи дека попрогресивни одговори даваше малцинството, додека останатите одговори ги дало мнозинството од испитаничкиите. Во целост, попрогресивни одговори дадоа испитаничките од македонско етничко потекло. Одговорите на албанските жени биле помалку конзервативни и го поддржувале доминантниот културен модел.

Во Струмица, општина со мнозинско македонско население, првата фокус група беше составена од четворица мажи од македонско и турско етничко потекло. Значајно е дека изјавиле дека немаат никаков имот, бидејќи некои од нив живеат во семејни куќи во сопственост на нивните татковци или плаќаат кирија. Во однос на нивното мислење за семејните односи во врска со имотот, беа скоро едногласни во ставот дека е вообичаено мажот да биде сопственик на имотот и да се грижи за жената, за која се мисли дека има помал потенцијал за економски успех. Тој став исто така посочува дека во поглед на наследството, дека машките наследници се поприоритетни. Како што објасни еден од испитаниците, традиционалната перцепција е дека со оглед на тоа што жените добиваат одреден имот со мажењето, наследувањето на имотот од семејството би значело дека добиваат двојно повеќе од мажите. Посекојдневно кажано, не е праведно нивните ќерки да добијат имот и од сопругот и од таткото, додека во исто време нивниот брат е оставен само со половина од семејниот капитал. Ваквиот став, кој го делат испитаниците без

разлика на нивната етничка припадност, исто така укажува дека наследството се смета за најважен начин за стекнување имот. Во тој поглед, еден испитаник понатаму изјави дека децата се економски зависни од нивните родители. Тој изјави дека во поразвиените земји, младите луѓе имаат можност да станат финансиски независни релативно рано во животот. Затоа, претпоставува, на запад семејниот имот и наследувањето не се толку важни и се далеку поедноставен проблем.

За време на дискусијата, исто така можеше да се забележи дека испитаниците се свесни за важноста на одржување одредено ниво на рамноправност кај членовите на семејството. Изгледаа спремни да се солидаризираат со ќерките/сестрите/жените воопшто кога би имало потреба од тоа. Сепак, еден од турските испитаници, даде малку различно тврдење, велејќи дека повеќе би префрлил некој свој имот на внукот од братот, отколку на својата ќерка. Причината зад овој став е дека, како што кажа, повеќе му верува на внукот отколку на зетот. Ова јасно укажува дека во неговата перцепција, жените не се сметаат за независни, туку целосно зависни од мажите (пренесувањето на имотот на ќерките значи префрлување на имот на зетот). Во однос на процесот на одлучување за имотната проблематика, една значајна изјава даде еден македонски испитаник, кој рече дека „нема да биде добро ако (тој и брат му) ги вклучат и жените“ во одлучувањето. Општо, испитаниците ги засноваа своите мислења на пресудни, или барем многу важни во овој процес, иако покажаа знаци на подготвеност на компромис и беа малку амбивалентни во поглед на давањето на имотот. Сепак, во случај на развод, општо не се спремни да ги задоволат потребите на сопругите. Во целост, мислењето на мажите од Струмица не е многу различно од мислењето на мажите од Струга, иако се дава многу помалку значење на општествените норми и традиции.

Втората фокус група од Струмица се состоеше од пет жени од различно етничко потекло (Македонки, Србинки и Турчинки). Сите тие немаа имот и рекоа дека она што го стекнале во бракот се смета за заедничко со нивните мажи. Сепак, праксата во нивните семејства е дека мажите се оние кои се сметаат за легални сопственици на семејниот имот. Освен тоа, сите испитаници немаат голема волја да наследат имот од нивните семејства и сите на некој начин ја оправдуваат праксата на оставање на поголемиот дел од имотот на машките наследници. Една од нив дури рече и дека „е подобро да има брат цел живот, отколку да се кара за земја“. Сепак, еден од нив подоцна рече дека инсистира на рамноправност во поглед на поделбата на имотот треба да се однесува и на наследството, додека друга рече дека и покрај тоа што праксата на фаворизирање на машките наследници не е праведна, ќе го задржи своето достоинство со тоа што нема да побара да и се даде скромен дел од вкупната вредност на имотот. Во однос на своите деца, една од испитаничките рече дека повеќе би оставила поголем дел од имотот на нејзиниот син отколку на нејзината ќерка, бидејќи нејзе ќе ја заштити нејзиниот сопруг. Мислењето на останатите, од друга страна, повеќе се однесуваше на идејата за еднаков третман на нивните деца и средствата тоа да се постигне. Во поглед на донесувањето одлуки за имотните прашања, постои општо мислење дека праксата во нивните семејства е да се донесуваат взаемно прифатливи одлуки, иако една од испитаничките рече дека нејзиниот глас се слуша во нејзиното домаќинство. Во однос на последиците од хипотетички развод, некои од испитаничките се колебаа дали да одговорат на прашањата, додека другите рекоа дека ќе побараат дел од

семејниот имот, кој би бил поголем од оној на сопругот или повеќе би пробале да го остават на децата. Општо, нивните гледишта беа слични со оние кои ги дадоа жените од Струга.

Фокус групите општо ја потврдија хипотезата дека правата на жената на сопственост и наследство не се општо применети во Македонија; но исто така даваат прецизен увид во меѓу-односите помеѓу културата и традицијата од една страна и праксата од друга страна. Меѓу другото, во фокус групите, излезе дека религијата и етничката припадност се важна страна. Фактот дека во секое истражување за правата на жените, категоријата Муслиман (и етничката категорија Албанци, Турци и Роми) се јавува како потенцијално различна категорија, е предизвикан од културните спецификации на нивната заедница. Кај посветените Муслимани, моделите на наследство и сопственост се многу сложени, бидејќи постојат посебни формули на поделба во зависност од големината на семејството и возраста на потенцијалниот наследник. Тоа не значи дискриминирачки став кон жените ниту одземање на нивните економски права.

Сепак, во повеќето случаи во муслиманските семејства во Македонија, префрлувањето на имотот оди по машка линија во семејството (од дедото, по таткото, до синот). Можноста за исклучување на некои наследници од наследството со Законот за наследство, како што е анализирано во одделот за правната рамка, овозможува оваа тенденција лелгално да се оствари. Исклучувањето на ќерките од наследството првенствено се гледа во однос на албанските и турските учесници во фокус групите, кои дале некои илустративни примери за оваа проблематика. Исто така, од жените општо не се очекува да придонесат во процесот на собирање на семеен имот и затоа се лишени од било какви права во однос на справувањето со имотот. Бидејќи се навикнати на второстепена улога во семејството и не се стимулирани повторно да размислат, во повеќето случаи го прифаќаат и потоа само го поддржуваат патримонијализмот.  По нивната логика, она што го носат (дури и не го заработуваат) нивните сопрузи, не им припаѓа ним - тие се само корисници. Сепак, еден ден, имотот ќе им припадне на нивните деца; а во повеќето случаи син(овите) ќе го наследат најголемиот дел, во согласност со традицијата. Ќерката(ите) треба да се оженат со некој кој ќе го инвестира своето наследство во создавање на ново семејство; и така се одржува кругот. Ваквиот став беше забележан не само кај албанските и турските машки учесници, но исто така и кај некои жени, вклучувајќи ги и етничките Македонки од Струмица.

## *4. Компаративна перспектива*

Во Европа, истражувања блиски до оваа тема се прават на прашањето за имотните и наследните права на муслиманските жени, бидејќи општо гледиште е дека муслиманската жена е во далеку полоша положба од останатите.

Добар случај за дискусија во овој контекст е Турција. Како земја кандидат за полноправно членство во Европската унија, Турција ги презема истите постапки во поглед на усвојување на законодавството и политиката и поминува низ слични процеси на следење од страна на Европската комисија. Сепак, во најновиот извештај, Комисијата посочува дека родовата еднаквост останува главен предизвик во Турција, а телото за родова еднаквост треба да се воспостави. Женското учество

во пазарот на труд е се уште на многу ниско ниво, па се уште дури и вработените жени најчесто завршуваат во сивиот сектор што ја прави нивната ситуација чувствителна. Дополнително, за истата количина и квалитет на работа, жените добиваат значително пониски плати, а пристапот на жените до образование е најнизок меѓу земјите-членки на ЕУ и ОЕЦД. Иако Турција усвои неколку важни закони за подобрување на родовата еднаквост, останатите бројки, како стапката на вработеност на жените или стапката на писменост на жените се уште се на најниско ниво во Европа. Во однос на имотните и наследните права, мажите и жените станаа рамноправни дури во 2002 год. со донесувањето на Законот на еднакви можности[39] . Како заклучок, лесно е да се дискутира дека заштитата и примената на правата на жените, вклучувајќи ги и правата на жените за сопственост и наследство, во Македонија е далеку поуспешно, отколку во Турција.

„Исламот уредува право со кое на жената и се одзема и пред Исламот и по него (дури и во овој век), правото на независна сопственост. Според исламскиот закон, правото на жената на нејзини пари, имот, или друга сопственост е целосно потврдено. Ова право не подлежи на промени, без разлика дали жената е мажена или не. Таа го задржува целосното право да го купува, продава, става под хипотека или отстапува дел или целиот свој имот. Не се сугерира никаде во Законот дека жената е второстепена само затоа што е женско. Исто така вреди да се забележи дека ова право се однесува на нејзиниот имот пред бракот, како и на она што ќе го стекне отпосле. во однос на правото на жената да бара вработување, треба да се каже прво дека исламот ја гледа нејзината улога во општеството како мајка и сопруга како најсвета и најнеопходна. (...) Покрај тоа, Исламот им го врати на жените правото на наследство, откако таа самата беше предмет на наследство во некои култури. Нејзиниот дел е целосно нејзин и никој не може да си даде право на него, вклучувајќи ги и таткото и сопругот. (...) Исламот и гарантира на жената еднакви права на спогодба, претприемништво, заработувачка и независно поседување. Нејзиниот живот, нејзината сопственост, нејзината чест се свети колку и оние на мажот. Овие права го откриваат целосниот идентитет на жената. (...) Според тоа,

Сепак Западниот Балкан, Турција и општо Европа не се главниот фокус за истражувањата на оваа проблематика. Повеќето од истражувањата спроведени за ефективните имотни и наследни права на жените се спроведени надвор од Европа, во региони каде правата на жените општо се слаби. Фокусот на истражувачите бил во Африка, југоисточна Азија и средниот исток.

Во суб-сахарска Африка на пример, условите се под сите меѓународни стандарди. Општо мислење е дека само мажите се сметаат за потенцијални сопственици на имотот. Односот меѓу мажите и жените се смета за врска меѓу заштитник/старател и штитеник, без разлика дали станува збор за однос татко-ќерка, маж-жена или зет. Жената има право да наследи имот само ако нејзиниот сопруг или татко почине, иако постојат многу случаи каде жената е одбиена од страна на

39 Види Турција: извештај за напредок за 2009 год., стратегија за проширување на Европската Комисија и главни предизвици 2009-2010 год., http://ec.europa.eu/enlargement/pdf/key_documents/2009/tr_rapport_2009_en.pdf, последен пат отворена на 25.10.2009 год.

може да се каже дека менталитетот кој ги презира жените, ги исклучува од општеството и ги смета за второстепени граѓани е чуден пагански став за кој нема место во Исламот.

Нора Картелова, Ситуацијата на муслиманската жена. Муслиманската жена на Балканот Muslim women in Balkans: помеѓу Повелбата на ЕУ за фундаментални права и Коранот, Извештај на Европскиот парламент 2008 год.

семејството и исфрлена од брачната куќа по починувањето на нејзиниот „заштитник". Во вакви случаи тие често се оддаваат на проституција. Раната смрт предизвикана од пандемии на ХИВ/СИДА само го усложнува проблемот. Владите инсистираат дека правата на жените, а особено во однос на сопственоста, се приватна работа и треба приватно да се решаваат, надвор од надлежноста на државните институции. Друг проблем е несвесноста на општеството за ситуацијата, бидејќи тивко ги прифаќаат строгите обичаи со оправдување дека е вродено во нивната културна матрица; уште повеќе, се употребува како аргумент од страна на различни страни кои сакаат да се борат за имотот на вдовицата. Бидејќи во многу племиња постои полигамија, по смртта на еден маж има отворен натпревар за неговото наследство, а успехот на една од неговите жени се случува само на сметка на друга жена[40].

Ситуацијата во јужна и југоисточна Азија не е подобра. Најголемата грижа е дискриминирачката пракса во поглед на имотните и наследните права; во некои земји (Камбоџа, Непал, Бангладеш) законите отворено промовираат двојни стандарди во однос на економските права на мажите и жените. Онаму каде полигамијата е легална, нема стандардна постапка за праведно распределување на имотот и на наследството, доколку постои. **Ќерките некогаш се принудени да го вратат наследството на семејството веднаш по мажачката**. Од друга страна, нема закон за регулирање на улогата на таткото после разводот: од мажите обично не се бара да се грижат за децата по разводот или повообичаено напуштањето, што само води до зголемување на бројот на самохрани мајки во крајно тешка економска положба. Верската и традиционалната пракса често преовладуваат над законите; на пример во предоминантно муслиманските земји како Бангладеш, синовите имаат право да наследат двојно повеќе имот од ќерките; во Хиндуските закони во Индија, наследството на вдовиците и ќерките по смртта на таткото им се одзема[41].

40 Види Права на жените на сопственост и наследство: Подобрување на животот во промени, оп. цит. Исто види Донесување на еднаквоста дома: Промоција и заштита на правата на жените на наследство – субсахарна Африка, КОХРЕ, 2004 год.

41 Види Права на жените на сопственост и наследство..., оп. цит Исто види Права на жените на сопственост на имот и наследство за социјална заштита – искуство од јужна Азија, УНИФЕМ 2006 год.

## *5. Заклучоци и препораки*

По сите дискусии на тема на ефективните имотни и наследни права на жените во Македонија, можат да се извлечат следните точки:

- Македонија има развиено правна рамка за родова еднаквост што промовира целосна еднаквост меѓу мажите и жените во однос на нивните права, вклучувајќи ги економските права, имотните и наследните права, со една спорна точка (правото да се исклучи некој, дури и децата, од процесот за наследство).
- Постои огромен јаз меѓу нормите и праксата, бидејќи повеќето правни акти остануваат неспроведени, а заштитата на женските права не е успешна.
- Фактичката ситуација е дека мажите доминираат над жените: Повеќето имоти се во сопственост на мажите, а жените се дискриминирани од процесот на наследство.
- Разликите меѓу мажите и жените се особено видливи во руралните средини. Некои културни спецификации, на прво место муслиманската традиција се важен фактор во начинот на кој се применуваат имотните и наследните права.

Според нашето мислење, недостатоците можат да се пресретнат со преземање на следните чекори:

Намалување на колизијата меѓу примената на обичаите и законите преку, првенствено спроведување на детално истражување на темите каде традицијата и религијата негативно влијаат на правата на жените на сопственост и наследство; објавување на работата на истражувањето и барање на повратни информации; можност повторно да се интерпретираат културните кодекси на начин кој ќе даде можност за отворање кон идејата за правата на жените (на пример, враќањето на основите на Исламот како што беше забележано во претходната секција од анализата, може да резултира со менување на состојбите кај Муслиманите); исто така, дискутабилната точка во Законот за наследство за исклучување треба да се ревидира и прилагоди на Европските континентални закони;

Да се надмине недостатокот од обезбедување на извршна страна со:

а) **вклучување на жените и мажите**; *бидејќи пристапот од горе надолу е неефикасен, институциите треба да се стремат кон нови форми за учеснички активности; прво да се ислушаат жените, а потоа да се исполнат нивните барања; исто така, и мажите треба да се едуцираат за правата на жените.*

б) **интеграција на капацитетите**; *потенцијалните релевантни фактори во овој момент се расчленети и дури и не се свесни дека интересите им се преклопуваат; различни владини, невладини, судски и пазарни ентитети кои ги допираат правата на жените, правата на сопственост, правата на наследство, семејни прашања, земја, дом, еднакви можности, треба*

*да се донесат потврдни активности со цел да се создадат нови политики, да се обезбеди поефикасна примена на политиката;*

Надминувањето на **инфериорноста на жената во руралните средини** (бидејќи нивната состојба е потешка)со обезбедување пристап до образование,обуки и донесување одлуки на основно ниво;обезбедување на полесен пристап до пазарот на труд; обезбедување на полесен пристап до државните институции и програми со преземање на афирмативни активности;давање можност на жените за бизнис и вклучување на пазарот преку поддршка на микрокредитирање или едноставно давање заеми за жените;**вклучување на мажите во овие процеси** -организирање работилници за парови, и групи составени и од мажи и од жени итн.

Учествување и навремено дејствување против нерамноправното практикување на обичаите со **давање на посредувачки услуги**; назначување на обучени судски и правни експерти кои ќе обезбедат правна помош во случаи каде се оспоруваат правата на жените за сопственост и наследство;

**Премостување на „јазичните“ разлики**. Воведување на родово сензитивен пристап на локално ниво; лобирање за воведување на родово сензитивен јазик во институциите на сите нивоа; воведување на родов аспект во училиштата; стимулирање на граѓанските иницијативи кои ќе го опфатат родовиот аспект; едукација на машките локални лидери на оваа тема.

5

# ВЛИЈАНИЕТО НА ИНФРАСТРУКТУРАТА ВРЗ ВРЕМЕТО НА ЖЕНИТЕ ВО РМ

Автор:
Ристе Змејкоски

# СОДРЖИНА


*1. Вовед* 80

*2. Опис на проблемот* 81

*3. Методолошки осврт* 83

*4. Инфраструктурата и жената во руралните средини* 83

*4.1 Наместо десетина минути по асфалтиран пат, половина час по земјен пат!* 83

*4.1.1 Алтернативен или јавен транспорт* 84

*4.2 На училиште само до четрвто одделение?* 85

*4.3 Ниту детето во градинка, ниту мајката на работа.* 87

*4.4 Струја има, за вода кој како ќе се снајде* 88

*4.5 Посета на доктор само во краен случај* 89

*5. Заклучок-лошата инфраструктура непотребно им одзема премногу време на жените* 91

*6. Препораки* 92

## *1. Вовед*

„Под еднакви можности се подразбира еднакво учество на жените и мажите во сите области од јавнот и приватниот сектор, еднаков статус и еднаков третман во остварувањето на сите права и развивањето на индивидуалните потенцијали преу кои лицата придонесуваат во општествениот развој, како и еднакви придобивки од резултатите од тој развој.“ Вака гласи членот 4 од **Законот за еднакви можности на жените и мажите**. Сепак реалноста е сосема поинаква.

Ефектот кој што инфраструктурата го има врз жената во руралните подрачја не само што не и дозволува квалитетно да учествува во области од јавниот и приватниот сектор, туку не и дозволува ни целосно да ги развива своите потенцијали и своите права. Не ретко жената во руралните средини како последица на лоша и неефикасна инфраструктура е ставена и во нееднаква позиција со мажот.

Оваа анализа има за цел да истражи какво е влијанието на постојната инфраструктура врз времето на жената во руралните средини во Македонија, да ги утврди позитивните и негативните влијанија кој инфраструктурата ги создала врз времето на жената и да даде препораки како тие негативности би можеле да се надминат. Во Македонија од вкупно 84 општини, голем број од нив, според некои проценки половината, се рурални. Оваа анализа се фокусира на две рурални подрачја, Струмичкото и Струшкото рурално подрачје, како и на уште неколку села од други општини.

Во анализата под „инфраструктура“ се осврнуваме на основните инфраструктурни параметри кои се најтесно поврзани со животот на жената од аспект на извршување на некаква секојдневна потреба. Анализата не се фокусира на генералните дефиниции за инфраструктура како систем во целина туку на неколку конкретни инфраструкрни подрачја, како што се:

- Патната инфраструктура
- Образовната инфраструктура (пристап до училишта и универзитети)
- Градинките како дел од инфраструктурата
- Водоводната и електричната инфраструктура (снабдување со вода и електрична енергија)
- Здравствената инфраструктура (пристап до амбуланти и здравствени ординации)

Анализата е **прва од ваков вид** направена во Македонија и посочува на реални и познати проблеми со кои се соочуваат жените од руралните подрачја. Истата утрвдува дека несериозниот пристап кон проблемите од овој карактер влијае, односно го намалува квалитетот на животот на жената од руралните подрачја. Индирекно квалитетот на постојната инфраструктура врз времето на жената во руралните средини во Македонија влијае на голем број на необразовани и неписмени жени, жени невработени заради грижа за семејството и децата и слично. Но што е најважно, анализата утврдува дека жените од руралните средини како проблем се соочуваат со инфраструктурата чие што користење **одзема премногу од нивното време** и истата ја става во категорија на временски неефикасна инфраструктура.

## *2. Опис на проблемот*

Користењето на инфраструктурата во земјите во развој знае да одземе многу повеќе време одколку што нормално би било потребно за да се заврши некоја потреба од секојдневниот живот зависна од користење на инфраструктура. Едноставно, користејќи неквалитетна инфраструктура жителите побавно ги извршуваат своите секојдневни обврски. Овој проблем е особено изразен во руралните подрачја.

Следствено, лошата инфраструктура во одредени држави е директен фактор за растот на сиромаштија. Со оглед на тоа што нејзиното користење одзема многу време, често пати граѓаните, а посебно жените кои што секојдневно се соочуваат и живеат со ваква инфраструктура, припаѓаат на посиромашните слоеви. Ова го докажува и една студија направена во Лесото, место во Подсахарска Африка. Студијата утврдува дека подобрувањето на инфраструктурата, како на пример подобрувањето на пристапот до вода или транспорт, би имало позитивен ефект кај жените со тоа што тие со подобрената инфраструктура би имале повеќе време кое што би можеле да го искористат за намалување на нивната сиромаштија[1].

Анализата направена во Македонија утврди дека заради временски неефикасна инфраструктура дел од жените во некои рурални подрачја **не се вработуваат**. Немајќи градинка во својата близина тие своето време го поминуваат во грижа за своите деца. Понатаму помладите девојки **не го продолжуваат своето образование** затоа што немаат училиште во нивната околина, а за да стигнат до најблиското училиште им е потребно премногу време; **посетата на гинеколог знае да им одземе цел еден ден**, а некогаш и два дена, затоа што немаат амбуланта или гинеколошка ординација во нивната околина. Конкретни примери за овие проблеми ќе сретнете низ текот на целата анализа.

Жените од руралните подрачја ширум светот како голем проблем ја посочуваат и стапката на ивестиции во инфраструктурата. Според нив инвестициите се многу мали и малку влијаат во заштедата на нивното време. Но инфраструктурата имала силно влијание многу жени да решат да мигрираат, односно да го сменат своето место на живеење.

Според анкета споредена на репрезентативен примерок од страна на Центарот за истражување и креирање политики, во периодот април-мај 2009, на прашањето- „Што треба да се направи за да населението остане во вашата општина?„- 32% од испитаниците, од нив повеќе од половина жени, одговориле дека подобрувањето на инфраструктурата е многу важно прашање за да остане населението во општината. Кога на оваа бројка на испитаници се додадат оние кои одговориле дека подобрувањето на инфракструктурата е „прилично важно„, и „важно„, се добива јасен индикатор дека **големо мнозинство од населението** (75.5%) **е суштински заинтересирано за подобрување на инфраструктурата**. Од нив половината се жени. Детално одговорите на ова прашање се прикажани во Табелата 1.

1 Infrastructure influences whether poor women in Lesotho have time to earn money, Institute of Development Policy and Management University of Manchester

*Табела 1. Одговор: Да се подобри инфраструктурната опременост*

| | Испитаници од машки пол | Испитаници од женски пол | Вкупно |
|---|---|---|---|
| Воопшто неважно | 4,1% | 4% | 8,5% |
| Не толку важно | 7,5% | 8% | 15% |
| Прилично | 12% | 11% | 23% |
| Важно | 10,5% | 9% | 20% |
| Многу важно | 14,5% | 18% | 32,5% |

Во анкетата испитаниците одговараа и на прашањето- „Што треба да се подобри од инфраструктурата во вашето место на живеење?„ Во табела 2 подолу се прикажани одговорите на сите 1100 испитаници во процентуална вредност по категории.

*Табела 2. Што треба да се подобри од инфраструктурата во вашето место на живеење?*

| Што треба да се подобри од инфраструктурата во вашето место на живеење? | |
|---|---|
| Не одговара | 47,5% |
| Патна инфраструктура | 24,3% |
| Водоснабдување/ електрична енергија | 15,8% |
| Образовни институции | 5,0% |
| Здравствени институции | 4,7% |
| Друго | 1,8% |
| Не знам | 0,9% |

Иако огромен број на испитаници не посочиле што конкретно треба да се подобри од инфраструктурата во нивното место на живеење, тие што одговориле на прашањето сметаат дека има најмногу потреба да се подобри онаа инфраструктура која што директно или индиректно е поврзана со непотребно долго/бавно извршување на секојдневни работи и задолженија односно одредена количина на потрошено време. На пример, лошата патна инфраструктура бара повеќе време за да се стигне од едно до друго место. Немањето на образовни и здравствени институции во блиската околина бара повеќе време од жителите за посета на истите и така натаму.

## 3. Методолошки осврт

За целите на анализата беа користени повеќе истражувачки методи. Голем дел од податоците се базираат на фокус групи, интервјуа, статистички податоци, анкети и податоци од терен. Конкретно Центарот за истражување и креирање политики спроведе две фокус групи, кои опфатија 14 учесници, од општините Струга и Струмица. Фокус групите беа сочинети од припаднички на женскиот пол од различни возрасни групи, етничка припадност. Најважно е да се спомене дека учесничките на фокус групите беа претставнички кои живеат **и во рурални и во урбанизирани подрачја**, како и со различен брачен статус. Тие имаа за цел директно да го претстават проблемот на временски неефикасната инфраструктура со кои се соочуваат жените.

Во овие општини беше спроведени и истражување кое имаше за цел да ги утврди инфраструкурните капацитети на истите. Истражувањето се фокусираше на следниве прашања:

1. Територија и население во општината
2. Пристап до патна инфраструктура и транспорт
3. Пристап до вода и електрична енергија
4. Пристап до училишта, амбуланти, градинки и сл.

Дополнителни податоци беа добиени и од страна на претставнички на 2 женски граѓански организации кои имаат претходно практично искуство во родовата проблематика, со акцент на жени од рурални средини.

Како извор на податоци беа користени и статистички и анкетни извештаи.

## 4. Инфраструктурата и жената во руралните средини

### 4.1 Наместо десетина минути по асфалтиран пат, половина час по земјен пат!

Патната инфраструктура, односно состојбата со патиштата, е особено битен елемент за нормалното функционирање на жената од руралните средини. Руралните средини во Македонија се на многу пониско инфраструктурно ниво на опременост и нема многу од услугите достапни на жителите на поголеми градови. Од тука природна е потребата жителите од овие средини да гравитираат кон урбаните места. Се разбира дека особена важност е патната инфраструктура да биде добра и нејзиното користење да не одзема премногу време. Во развиените држави, 80% од заштедите на време од користење на инфраструктурата припаѓаат на заштеди од време кои се добиваат од користење на ефикасна патна инфраструктура.[2] Со тоа се истакнува значењето на добрата патна инфраструктура во однос на заштеденото или изгубеното време.

2 The Valuation of Travel Time Savings in Least Developed Countries: Theoretical and Empirical Challenges and Results From a Field Study/ Farhad Ahmet and Kirit G Vaidya/ Aston University Birmingham

Да ја земеме за пример **општина Струга**. Општината се состои од градот Струга и уште 26 околни села. Дел од жителите од неколку села од Струшко сеуште се соочуваат со неефикасна патна инфраструктура, земјени патишта или патишта со дупки, чие што користење одзема повеќе време или употреба на специјализирани моторни возила, џипови, теренски возила и слично, чие што купување е далеку поскапо од тоа на обични автомоболи. Таква е состојбата со патиштата кон/до селата Калишта, Тетеишта, Заграчани, Октиси, Лабуништа, Биџево и други.

Сличен е примерот и со општина Струмица и нејзините 24 околни села. Тука постои асфалтиран патен пристап до сите села, но сеуште некои села се де факто отсечени од нормален патен сообраќај. Станува збор за селата Белотино, Бајково и Барбарево, до каде што сеуште единствениот пристап е преку земјен пат. И тука единствениот начин да дојдете/појдете до тие села е со употреба на специјализирани моторни возила, џипови, теренски возила и слично.

Но не се само лошите патишта проблем со кои се соочуваат жените при нивно користење. Жените од руралните средини најчесто немаат возачка дозвола што ги прави да бидат директно зависни од мажот или од јавниот транспорт, доколку се во можност да го користат или ако воопшто постои како опција. На пример, просечната жена која што живее во Струмичките села е **или домаќинка или невработена** и истата не поседува возачка дозвола. Ист е случајот со речиси сите жени од руралните средини ширум Македонија. Само **2,4% од жените кои живеат во руралните средини се сопственички на автомобил**. За разлика од нив 67,9% од сопствениците на возила во руралните средини се припадници на машкиот пол.[3]

### 4.1.1 Алтернативен или јавен транспорт

Јавниот транспорт во руралните подрачја постои во форма на такси и приватни организирани мини автобуси/комбиња. Принципот на транспорт со мини автобус/ комбе е таков што возачот чека да се соберат сите патници, односно сите расположиви места да бидат пополнети. Затоа, такси превозот е побрз од тој со мини комбиња, но чини многу повеќе. Тоа често знае да влијае дестимулирачки врз жените и истите да се решат да изгубат цел еден ден во чекање мини комбе со цел да не патуваат со такси и да не платат премногу пари. Такси превозот од Струмица до најблиското село Дабиле чини 80 денари, но до најдалечното село, Ново Село, чини 300 денари. Во Струга пак, цената на превоз до најблиското село Драслајце е 40 денари, но до најдалечното може да се стигне само со минибус и тоа чини 200 денари.

Проблемот со непотребно/премногу потрошено време се јавува при користење на алтернативниот превоз со мини комбиња. Претежно селата се поврзани со само две до три линии дневно и комбето попатно собира патници, што го прави патувањето премногу долго. Доколку се испушти едното комбе премногу е голем периодот на чекање до наредното. Од друга страна пак, истите тие комбиња ги поврзуваат селата до одреден период во денот. Вообичаено е нивната услуга да заврши пред да се стемни, потоа жителите се препуштени само

3 Види кај Весна Димитриевска, Истражување: Родов концепт во рурални средини во Република Македонија, СОЖМ: Скопје, 2003, страна 23.

на такси превозот кој е (пре)скап. Ова е чест случај каде сообраќајната развиеност и патната инфраструктурата го определува начинот на живот на жената. Таа своето време мора да го организира според инфраструктурните можности, а не според своите потреби.

Транспортот е проблем за жените затоа што некаде имаат само по две линии односно два термини за патување, наутро и попладне, но само до тие дестинации до каде што превозниците има транспорт. Во некои села мора да чекаат да се организира комбе за да патуваат, односно тоа нема фиксен термин на поаѓање туку дури не се соберат доволно патници истото на поаѓа, а може да тргне и предвреме. Тие се многу зависни од транпортот, немаат ни возачки ни основно образование, тие се „функционално неписмени“[4] . Вака организираната патна инфраструктура и транспорт секојдневно и одземаат многу повеќе време на жената отколку во нормални услови.

## *4.2 На училиште само до четрвто одделение?*

Многу села во Македонија а посебно во Струшкиот и Струмичкиот крај имаат училиште каде се одржува настава за паралелки од прво до четврто одделение. Потоа се собираат деца од повеќе села и се прави паралелка во регионално училиште. За да продолжат со своето образование **децата треба да одат до другото село**, односно до она село каде што се наоѓа училиштето каде што можат да го продолжат образованието до осмо одделение. До блиските села децата одат пешки на училиште. Но децата го продолжуваат своето школување во некое соседно село само во најдобар случај. Всушност, можноста за образование за многу деца зависи од далечината на селата.

Имено, сеуште има села каде што девојките не го продолжуваат своето школување затоа што училиштето каде што можат да го надградат своето образование на повисок степен **е временски многу одалечено од нивното матично село**, но и заради **локалните стереотипи и менталитетот** (срамота е девојче само да се враќа особено зимно време кога порано се стемнува, страв некој да не го заведе итн.). Жените од руралните средини се со ниска стапка на писменост што е последица од непостоење на образовни институции каде тие да го продолжат своето образование. Доколку во нивната средина не постои образовна институција од повисок степен тие најчесто не го продолжуваат образованието. Делумно како последица на ваквата состојба, од вкупниот број на неписмени во Република Македонија, две третини припаѓаат на женската популација. Тука има улога и културата на живеење и традицијата на постоење на стереотипи. Зборуваме за непостоење на основно училиште и во тие случаи **родителите не ги пуштаат своите девојчиња** на училиште затоа што истото е на голема далечина од местото на живеење. Иста е причината и кај жените од руралните средини кои немаат средно образование.[5]

4 Интервју со Ѓунер Небиу, претседателка на Женската граѓанска иницијатива „Антико“, 10 Август, 2009, Скопје.

5 Интервју со Сафка Тодоровска, претседателка на СОЖМ ( Сојуз на женски организации на Македонија), Скопје, 12 Август, 2009.

Сеуште е рано за да се оценат ефектите од Законот за задолжително средно образование, но основното образование иако е задолжително и навидум бесплатно сепак генерира проблеми кај учениците. Главен проблем за учениците и ученичките од руралните средини **е далечината на училиштето кога треба да одат во друго село и времето кое им е потребно за да стигнат до училиштето.** Ова се пред се и главните услови од кои зависи дали тие воопшто ќе го продолжат своето образование. За дел од овие деца еден школски ден одзема многу повеќе време одколку на просечен ученик од руралните средини и го доведува во прашање неговото натамошно образование.

> *„Три села се во околината. Децата пешки доаѓаат од сите села, (одат) по речиси 20 минути. Но има слуаи каде што децата за да стигнат на училипште во Дабиле стануваат во 5 или 6 сабајле, чекаат автобус и се малтретираат. На некои деца наставата им завршува во 11 или 12 саатот. После часовите се оставени да дремат по улиците и шетаат низ селото затоа што немаат како да се вратат, мора да го чекаат автобусот во 1 саат затоа што е бесплатен.“*[6]

Превозот претставува сериозен проблем за нив доколку не биде обезбеден од државата заради далечината на селата и непостоење на поблиско средно училиште каде што би можеле да стигнат без трошок за транспорт и до кое што би им требало помалку време за да стигнат.

> *„Децата имаат проблем да стигнат до учишилите иако е тоа бесплатно и задолжително затоа што немаат транспорт до него. Таксистите требаше да ги возат без пари но не им плаќаа и прекинаа да ги возат децата. Некој села се оддалечени 5 километри но некој се одалечени и 30 километри... На пример до Смоларе, Ново село, Дрвошек...Далечината на школите од регионот на Струмица е сериозен проблем за учениците да стигнат до школите ако превозот не им е бесплатен. Имаше пример за дисперзирана средношколска паралелка во Ново Село но неуспешно заврши.“*[7]

Овој проблем е особено истакнат во руралните средини со доминантно муслиманско население. Но мора да се спомене дека голема улога во продолжувањето на образованието до сега имале и стереотипите за позицијата на жената во руралните домаќинства.

6 Извадок од разговор со учесничка на фокус група од Струмица, 19 Август, 2009.
7 Извадок од разговор со учесничка на фокус група од Струмица, 19 Август, 2009.

## *4.3 Ниту детето во градинка, ниту мајката на работа.*

Чувањето и грижата за децата во руралните општини е обврска која што типично е во целост оставена на жената. Таа покрај сите други домашни обврски е задолжена да се грижи и за децата. Немањето детски градинки во руралните средини е сериозен проблем кој што најмногу се одразува врз времето на жената. Невозможна е било каква заштеда на време затоа што таа во целост е посветена на домашните обврски.

Во руралните средини во општина Струмица, и во Струга, не постои **ниту една детска градинка**. Единствените градинки кои се наоѓаат се лоцирани во градот. Носењето деца во градинка од руралните места во градот е подеднакво временски неефикасно како и целодневната грижа за нив во домот. Тоа подразбира дека децата остануваат дома. Во најголем број фамилии од руралните средини, 41,5%, грижата за децата е препуштена на мајката. Во 47,7% тоа е заедничка обврски помеѓу мажот и жената, додека само во 1,6% од фамилиите во руралните средини оваа обврска му припаѓа на мажот[8].

*„Нема ни една градинка во руралните подрачја во Струмица. Ако имаат баби, бабите ќе ги гледаат, ако не мајката ќе ги гледа. Ако не кој е поголем ќе го гледа помалото дете. Тука одгледувањето на децата е 100 посто обврска на жената. Жената се грижи и за исхрана за децата, и да ги спреми и да ги испрати на училиште и покрај нив и за другите обврски.“*[9]

Како и во Струмичките и Струшките рурални региони, иста е ситуацијата во речиси сите останите рурални региони во Македонија. Општина Теарце е една од поголемите рурални општини од Македонија. На нејзина територија има 13 населени места/села: Брезно, Варвара, Глоѓи, Доброште, Јелошник, Лешок, Непроштено, Нераште, Одри, Првце, Пршовце, Слатино и Теарце, а во ниту едно од нив нема градинка. Најблиската градинка на жителите на овие населени места им е во Тетово.

*„Непостоење на градинка и го скратува правото на жената да се вработи. Таа мора да остане во домот да се грижи за децата. На пример, жените во Теарце најчесто остануваат дома и се грижат за својте деца затоа што најблиската градинка е дури во Тетово. Тоа се случува и со жените од другите рурални средини. Непостењето на адекватна инфраструктура и директно и индиректно влијае врз квалитетот на животот на жената. Како последица на непостоење на соодветна инфраструктура како и на локалните стереотипи, мажите се повеќе ангажирани во профитната работа, додека жените се тие кои остануваат дома да ги извршуваат домашните обврски и грижата за семејството“*[10]

8 Види кај Весна Димитриевска, Истражување: Родов концепт во рурални средини во Република Македонија, СОЖМ: Скопје, 2003.

9 Извадок од разговор со учесничка на фокус група од Струмица.

10 Интервју со Ѓунер Небиу, претседателка на Женската граѓанска иницијатива „Антико“, 10 Август,

Отворањето на градинки или дневни центри за деца во руралните средини ќе има многу голем и позитивен ефект врз заштедата на времето кај жените од овие подрачја.

## *4.4 Струја има, за вода кој како ќе се снајде*

Снабдувањето со вода во руралните средини во Република Македонија сеуште е проблем во голем број на општини. И тоа како и другите видови на инфраструктура негативно се одразува врз времето на жената. Немањето на вода, или на квалитетна вода, значително го менува квалитетот на животот на овие жени и истовремено непотребно им одзема голем дел од нивното време во текот на денот истата да ја набават. Проблемот е уште поголем ако фамилијата живее во повисоко ридско-планинско село.

> *„Јас живеам во село каде што мојата куќа се наоѓа малку погоре и поделеку од другите куќи. Кај мене лично се случило да нема вода. И таквата состојба е многу тешка и стресна. Целиот терет паѓа врз нас. Целиот ден да го поминеш без вода е тешка работа...Мажите доаѓаат и сакат да ги најдат сите работи на место. Чудно е малку кај другите куќи во селото да има вода а кај нас не, но ние мислиме дека е до притисокот. Сме се обратиле до локалните власти и тие ни препорачуваат да си купиме добри хидрофори.“*[11]

Недостатокот на снабдувањето со вода од локален водоводен систем најмногу се одразува врз жената затоа што **таа во најголем дел е задолжена за домашните обврски**. Со оглед на тоа што најголем дел од нив се поврзани со користење на вода на жената и треба многу повеќе време за да ги заврши својте домашни обврски. Во 87,1% од фамилиите кои живеат во руралните подрачја во Македонија подготвувањето на храната е обврска на жената, а одржувањето на хигиената е исто така обврска која што во 84,5% од фамилиите е обврска на жената.[12] Немањето соодветен пристап до вода секако дека влијае врз времето кое е потребно да се извршат овие обврски.

> *„Имам цел ден проблеми со водата. Цел ден водата е потреба, за готвење, за перење, за чистење. Без вода, не само јас што се мачам туку одземам и од времето на децата затоа што **и тие мораат да ми помагаат**. Така обврските не можам да ги завршам. Обврските не можам да ги завршам како што треба, ниту ни чистењето не е како што треба без вода. За себе немам време воопшто...“*[13]

---

2009, Скопје.

11 Извадок од разговор со учесничка на фокус група од Струга.

12 Види кај Весна Димитриевска, Истражување: Родов концепт во рурални средини во Република Македонија, СОЖМ: Скопје, 2003.

13 Интервју со жена од село Боговица, Струга, 19 Август, 2009. Во/до ова село нема водоснабдување.

Недостатокот на водоснабдување е особено голем проблем за жените кои се од земјоделски фамилии. Тие губат многу време и во домот, но и кога станува збор за наводнување на нивата. Жените од земјоделските фамилии се повеќе оптеретени и затрупани со обврски, затоа што на нивата/полето имаат исти обврски како со мажот, но во домот имаат многу повеќе. Оние ниви кои не може да се наводнуваат преку системи за наводнување се наводнуваат со пумпи или хидрофори. Ретко кој од земјоделците има поставено систем на наводнување „капка по капка„ затоа што тој за нив е многу скап. Наводнувањето на нивата со хидрофори одзема многу повеќе време од колку наводнувањето преку систем за наводнување. Една од земјоделките во Дабиле коментираше како: „нивата ја наводнував со пумпи и тоа ми одземаше многу време, затоа што наводнувањето со системот оди побрзо... и на месечина вадев, цела вечер останував за да се заврши работата“[14]

За разлика од присапот до вода, снабдувањето со електрична енергија според учесниците во истражувањето за оваа анализа е на задоволително ниво. Според нив, постојат повремени и краткотрајни прекини во снабдувањето кои не се одразуваат премногу на текот на нивните обврски.

### *4.5 Посета на доктор само во краен случај*

Немањето на амбуланта во своето село или приватна ординација влијае жените од руралните средини да имаат многу мали познавања од општите здравствени прашања и тие да одат на лекар само доколку постои многу итна здравствена потреба. Превентивните прегледи за овие жени речиси и да не постојат затоа што одењето на доктор одзема премногу време, а тоа од друга страна создава и финансиски проблем. Заради лошата материјална состојба еден обичен лекарски преглед за овие жени е луксуз.

> *„Жените од околните села околу Крушево мора да одат до Прилеп затоа што Крушево иако е град нема гинеколошка ординација. Тоа чини многу време и пари.* ***Транспортот е проблем*** *затоа што некаде имаат само по две линии наутро и попладне за таму каде што има транспорт. Во некои села мора да чекаат да се* ***организира комбе за да патуваат****, односно тоа нема фиксен термин на поаѓање туку дури не се соберат доволно патници истото не поаѓа, а може да тргне и предвреме. Тие посетуваат гинеколог и амбуланта само во крајна нужда, превентивно не одат на лекар затоа што немаат во нивната околина.“*[15]

Немањето институции на здравствена заштита во голем дел од селата, ги прави жените од руралните средини да бидат неедкави и во остварувањето на некои од нивните со закон загарантирани права. На пример, на жените законски им е овозможено право на бесплатен преглед за рано откривање на ракот на дојката. Но истиот тој преглед за овие жени е далеку од бесплатен и посетата на лекар би

14 Интервју со земјоделка од село Дабиле, Струмица, 20 Август, 2009.
15 Интервју со Ѓунер Небиу, претседателка на Женската граѓанска иницијатива „Антико“

ги чинела многу време и пари затоа што гинеколошки ординации е вообичаено да работат само во градовите.

Во оние места каде што има селски амбуланти тие не секогаш работат секој ден, или со полно работно време. Во случај кога селската амбуланта не работи, пациентите се принудени и за најмала потреба да патуваат до најблиската амбуланта, а тоа често знае до биде патување од селото до градот. Патувањето знае да биде голем проблем за овие луѓе, може да им одземе дополнително повеќе време, додека се организира транспортот, да се чека комбе или такси и слично. Но, голем проблем за жителите од руралните средини е тоа што **овие амбуланти немаат медицински возила или возила за брза помош** така што итните случаи се превезуваат или со сопствени возила или такси или се чека премногу време да дојде возило од градската болница што не ретко влијае на здравствената состојба на човекот на кого му е потребна итна интервенција или нега.

*„Нема гинеколог, има само општ лекар кој што работи во скратен распоред на работно време, така да во овој поглед условите се катастрофални. За обична контрола чекаме се денови, а да не зборуваме за некоја обична ампула која воопшто не се наоѓа во селската амбуланта. За ситно нешто треба да се обратиме до градската болница. Транспортно средство нема- сами треба да се грижиме за таа работа. Замислете некој во болна состојба што би можел да направи во овој случај.“*[16]

Еден лекарски преглед на гинеколог на жените од руралните средини може да им одземе и цел еден ден и да ги чини многу пари. Со оглед на тоа што тие се многу зависни од јавниот транспорт, доколку нивниот сопруг нема возило, тогаш немаат алтернатива како да допатуваат до градот.

*„Гинекологот на жените од селата им е далеку и претежно одат со такси. Во еден правец тоа чини од 300-400 денари. За еден преглед треба да потрошат околу 1000 денари и да изгубат еден час во патување. Но тоа е само за пат. Еден лекарски преглед може да одземе и повеќе време ако се решиш да одиш со комбе. Комбето чека патници. Чека да се наполни со патници за да тргне кон Струмица. Цело комбе со луѓе. Нема ни возен ред за комбињата. Зависи од патници кога како ќе се договорат. Но од подалечните села има и комбиња кои што поаѓаат во во неколку термини од денот и тоа на жените од тие делови им е единствен начин да стигнат до градот. Проблем е што тие возат само до три часот. После три часот нема ваков превоз со комбе, а таксито е релативно доста скапо, може да чини и 500 денри да речеме од Старо Коњаре. Многу фали и брза помош да руралните подрачја, бар две коли. Постојаната брза помош или не не покрива или не можат да стигнат.“*[17]

16 Извадок од разговор со учесничка на фокус група од Струга
17 Интервју со земјоделка од село Дабиле, Струмица.

## *5. Заклучок-лошата инфраструктура непотребно им одзема премногу време на жените*

Жените од руралните средини се соочуваат со сериозни проблеми од „инфраструктурен карактер.„ Анализата утврди дека инфраструктурата или немањето на соодветна инфраструктура на овие жени им одзема премногу време во нивното секојдневно живеење и исполнување на семејните обврски. Заштедите на време како резултат на добра инфраструктура во голем дел од руралните средни речиси се невозможни.

Главните проблеми кои ги посочија претставничките на руралните средини кои учествуваа во истражувањето се наведени во анализата. Така, генерален проблем за сите е **патната инфраструктура**. Таа не добро ги поврзува сите села, а особено претставува проблем поврзувањето со селата кои се наоѓаат во ридско- планисннките предели. Исто така во многу делови патната инфраструктура е застарена и со дупки. Користењето на истата одзема многу повеќе време и бара итно модернизирање и обновување.

Отежнатиот пристап до образовните институции од жените во руралните подрачја направил тие да бидат функционално неписмени. Најголем дел од повозрасните жени од овие региони **едвај имаат завршено основно образование**, а голем дел од нив се со т.н. четврти степен. Како последица на немање на училишта во своето или поблиските села и денес сеуште имаме примери кога млади девојки не го продолжуват своето основно или средно образование.

Голем проблем за жените кои остануваат да живеат во село со својата фамилија е **немањето на градинка**. Тие максимално се посветени на децата и немаат многу време за други обврски, освен за уште некоја обврска во домот.

**Водоснабдувањето претставува значителен проблем** за жените земјоделки и за жените од високите ридкси села. Нив им е потребно многу повеќе време за да се снабдат со вода пред да ги извршат останатите обврски во домот. Со оглед на тоа што голем дел од домашните обврски се поврзани со користење на вода, времето кое што е потребно за да се заврши некоја обврска е многу поголемо од вообичаено.

Жените од руралните средини посетуваат **гинеколог само доколку проблемот е сериозен**. Тие многу малку одат на превентивни или редовни прегледи заради оддалеченоста на најблиската гинеколошта ординација. Всушност, може да се каже дури и дека неефикасниот јавен транспорт и работата на селските амбуланти само на одредено време и со минимален кадар и медицинска опрема се закана по нивното здравје.

## *6. Препораки*

Имајќи ги во предвид проблемите на жените од руралните средини, основните препораки како да се дојде до временски ефикасна инфраструктура се однесуваат на **подобрување на инфраструктурата** во нивните средини. Само со поквалитетна инфраструктура тие ќе имаат можност да заштедат дел од своето време кое што сега значајно и непотребно се одлива во дополнителни напори при користење на дел од инфраструктурата. Препораките од оваа анализа главно се однесуваат на централната и на локалните власти. Поголемиот дел од секторите/надлежностите кои се опфатени со препораките се во нивна надлежност. Но за реализирање на истите потребна е и голема иницијативност од локалното население.

**Генералните препораки се следниве:**

**Подобрување на патната инфраструктура**. *Подобрената патна инфраструктура ќе им овозможи побрз и полесен пристап на жените од руралните средини до градот. Ова подразбира не само поставување на нови патишта туку и модернизирање и одржување на локалната патна инфраструктура која што ги поврзува селата со градовите, како и самите села меѓу.*

**Воспоставување на јавен транспорт за руралните општини.** *Задолжително да се утврди детален и прецизен јавен транспорт во сите рурални општини. Така жените не би губеле време во чекање да се наполни комбе со патници. Прецизниот јавен транспорт ќе им помогне на жените од руралните подрачја временски да се орагнизираат подобро и да заштедат било какви загуби на време од јавниот транспорт.*

**Отворање на дисперзирани паралелки за основно и отварање на студенски домови за учениците во средно образование**. *Школувањето на децата од руралните средини во градот одзема премногу време. Поедноставно е оваа точка да се уреди со образовна стратегија за децата од руралните средини и притоа да се земат и во предвид загубите во време кои ги имаат децата со постојниот образовен систем.*

**Ефикасен превоз од селата кон регионалните училишта**

**Отворање на дисперзирани регионални градинки или дневни центри за грижа на децата од руралните ср***едини. Анализата утврди дека жените во руралните подрачја, без разлика дали се мајки или баби, имаат големи загуби во нивното време кога во куќата имаат мали деца. Отворањето на дисперзирани градинки или дневни центри на регионално ниво ќе ги намали загубите во време кај овие групи жени и ќе им овозможи да засноваат работен однос или пак да вршат други активности кои во спротивно се незамисливи да се реализираат.*

**Поставување на водоводна мрежа до сите села**. *Стабилната и постојана водоводна мрежа ќе ги намали загубите на време на руралната жена во домот.*

**Јакнење на капацитетите на селските или регионалните амбуланти.** *Локалните ординации мора да имаат прецизно работно време и да им нудат постојана услуга на жителите од руралните средини. Доколку вака работат помала ќе биде потребата на жените од рураните средини да патуваат до град само за посетна на докотор.*

**Отворање на гинеколошки амбуланти во регионалните амбуланти** *или повремени но редовни посети на гинеколог на селските и регионалните амбуланти. Во ниту едно село во Македонија а некаде ни на ниво на општина нема гинеколошки амбуланти и жените губат премногу време во патување до најблиската, или пак се решаваат да не посетуваат гинеколог воопшто. Отворањето на регионални ординации или пак повремените посети на гинеколог ќе заштедат многу од времето на жените од руралните средини кога е во прашање постетата на гинеколог и ќе влијаат превентивно од аспект на пдобрување на здравјето на жените во руралните средини.*

## Прилог 1- Реални потреби за подобрување на инфраструктурата

На прашање „какви промени би направиле во вашите општини„, жените од 4 рурални општини во Македонија секоја втора промена која би ја направиле е од инфраструктурен карактер. Само за илустрација подолу во табелите се прикажани промените кои жените во своите рурални општини би сакале да ги направат. Опфатени се општините Липково, Крушево (с. Борино, с. Саждево, с. Јакреново, с. Белушино), Теарце и Могила (с.Мусинци)

*Табела 3. Промени кои жените би сакале да ги направат во своите општини*

| Липково | Крушево (с. Борино, с. Саждево, с. Јакреново, с. Белушино) |
| --- | --- |
| -Да се зголеми бројот на жените во политиката<br>-Да се подобри инфраструктурата во општината<br>-Уредување на јавни површини и паркови<br>-Подобри и поопремени училишта<br>-Бесплатно студирање<br>-Подобра здравствена заштита во склоп на ни вните заедници<br>-Да има стоматолог во склоп на амбулантата<br>-Да се зголеми бројот на средните класи во гимназија | -Да се отвори амбуланта<br>-Да се отвори градинка<br>-Реновирање на училиштето<br>-Да се основа дом за стари лица<br>-Да се подобри водоводот и канализацијата<br>-Да има редовен превоз<br>-Подигање на свеста на жените за образование на нивните женски деца<br>-Да се основа центар за информирање<br>-Да се посетуваат предавања за здравство, фокус на репродуктивно здравје |
| **Теарце** | **Могила (с.Мусинци)** |
| -Да се зголеми бројот на жените во раководните органи<br>-Да се подобри хигиената<br>-Да се отврои градинка за деца<br>-Да се отврои кафуле за жени<br>-Да се уредат парковите<br>-Да се изгради дом за стари лица<br>-Да се постават стази за пешаци и велосипедисти<br>-Да се отврои кино<br>-Да се изгради базен<br>-Да се држат предавања за здравство, фокус на гинекологија | -Редовно снабдување со вода<br>-Определување на локација за депонија<br>-Потреба од соодветен простор за социјални активности<br>-Реновирање на училиштето |

6

# КАКО ДА СЕ ЗГОЛЕМИ УПИСОТ НА ДЕВОЈЧИЊА ВО СРЕДНОТО ОБРАЗОВАНИЕ?

Автор:
МА Ана Мицкова - Ралева

# СОДРЖИНА


| | |
|---|---|
| ***1. Вовед*** | 98 |
| ***2. Македонски контекст*** | 99 |
| ***3. Анализа на состојбата*** | 100 |
| *3.1. Запишување на девојчиња во средно образование* | 100 |
| *3.2. Проодност во средното образование* | 102 |
| ***4. Причини за ниската стапка на запишување во средно училиште на девојчињата*** | 103 |
| *4.1. Традиционални норми (поврзани со етничка и религиозна припадост)* | 103 |
| *4.2. Неповолна инфраструктура* | 106 |
| *4.3. Финансиски ограничувања* | 106 |
| *4.4. Непознавање на јазиците на мнозинската група* | 108 |
| ***5. Национални политики за родова еднаквост во образованието и нивно спроведување*** | 108 |
| ***6. Препораки*** | 110 |

# I. Вовед

Една од главните цели на УНЕСКО се однесува на елиминирање на половите разлики во основното и средното образование до 2005 година и постигнување на родова еднаквост во образованието до 2015 година. Иако Македонија општо се смета за земја што обезбедува еднакви образовни можности за мажите и жените, сепак се соочува со нееднаквости кога се зборува за вклучување на девојчињата во средно образование. Оваа тема станува се повеќе значајна со одредбите за задолжително средно образование. Следствено, оваа анализа е насочена кон откривање на главните пречки за еднакво вклучување на девојчињата во средно образование и разгледување на механизмите за постигнување на поголема родова еднаквост.

***Придобивки од поголемото вклучување на жените во образованието***

*„...нема поефективна алатка за развој од образование на девојчињата.“*
*Кофи А. Анан*

Кога зборуваме за родова нееднаквост во образовниот систем, традиционално девојчињата се тие кои страдаат од помало вклучување иако придобивките од нивното поголемо вклучување во образованието се неспорни. Извештајот кој го подготви УНИЦЕФ[1] ги издвојува главните резултати од различните студии во кои се истакнуваат придобивките од поголемото вклучување на девојчињата во образованието и се донесува заклучок дека образованието на девојчињата се пресликува во неколку показатели за развој:

1. **Зголемен економски развој**. Студиите покажуваат дека регионите кои подолго време инвестираат во образованието на девојчињата имаат тенденција да покажат повисоко ниво на економски развој.

2. **Образование за следната генерација**. Образованите девојчиња кои стануваат мајки имаат повеќе изгледи да го продолжат кругот на образование со тоа што ќе ги праќаат своите деца на училиште.

3. **Ефект на мултиплицирање**. Образованието има влијание на областите кои не се директно поврзани со учењето, преку продолжување на позитивното влијание во повеќето аспекти во животот на нивното дете, како што е подобрувањето на неговите здравствени навики и станувањето помалку осетливо на злоупотреба и насилство.

4. **Поздрави семејства**. Општествата со образовани девојчиња имаат тенденција да бидат подобро урамнотежени во поглед на големината на семејството и семејните ресурси. Следствено, децата на пообразованите жени имаат тенденција да бидат подобро нахранети и помалку да се разболуваат[2].

1 The State of the World’s Children 2004: Girls, education and development, UNICEF, 2003
2 Ибид, р. 17-19

Може да се заклучи дека родовата еднаквост во образованието не е само женско прашање, туку и прашање на развој.[3] Сепак, исто така е потврдено дека решавањето на проблемот на поголема вклученост на девојчињата во образованието бара специфични мерки, различни од активностите за зголемување на целокупната транзиција низ образованието.

## 2. Македонски контекст

Македонското општество е меѓу подобрите кога станува збор за родова еднаквост во основното образование. Сепак, кога ќе се спореди со останатите Европски (па дури и Централно и источно Европски) земји, Македонија е во пониският ранг во однос на родовата еднаквост во средното образование (графикон 1). Според Заводот за статистика на УНЕСКО, **индексот на родова еднаквост (ИРЕ)**[4] во основното образование во 2007 год. изнесувал 1.00, **во средното 0.95** и во високото 1.27. Ова покажува дека двата пола се најрамноправно застапени во основното образование, во средното образование момчињата се малку повеќе застапени од девојчињата, додека во високото образование состојбата е спротивна.

На прв поглед, ваквата ситуација не изгледа многу загрижувачка. Сепак, бидејќи средното образование стана задолжително од училишната година 2008/09, очекувањата се да се запишат 100% од учениците кои завршиле основно образование и оттука се очекува да се добие еднаква родова застапеност. Сепак, ова се уште не е случај. Иако ваквата политика генерално го подигна нивото на запишување, не влијаеше подеднакво на девојчињата и момчињата.

*Графикон 1. Индекс на родова еднаквост во средното образование, 2007 год.*




*Извор: Завод за статистика на УНЕСКО (UNESCO Institute for Statistics)*

3 Girls' Education in the 21st Century: Gender Equality, Empowerment, and Economic Growth, UNGEI, 2009

4 Соднос меѓу женски и машки стапки на запишување (Ж/М), каде: ИРЕ под 1 значи нерамноправност во корист на момчињата; ИРЕ = 1 значи рамноправност (машките и женските показатели се еднакви), ИРЕ над 1 значи нерамноправност во полза на девојчињата или жените.

# *3. Анализа на состојбата*

## *3.1. Запишување на девојчиња во средно образование*

Политиката за задолжително средно образование генерално резултираше со севкупно зголемување на запишувањето на учениците од скоро 4% (Графикон 2), но додека зголемувањето кај момчињата резултираше со запишување од околу 100%, од вкупната женска популација која завршила основно образование, само околу 89% продолжиле во средно образование (Графикон 3).

*Графикон 2. Процент на запишани ученици во средно училиште (од оние кои завршиле основно училиште) 2004/5-2008/9 год*




*Извор: Државен завод за статистика; Училишта и ученици на почетокот и крајот на училишната година, 2005, 2006, 2007, 2008; пресметки на авторот*

*Графикон 3. Процент на машки и женски ученици запишани во средно училиште (од оние кои завршиле основно училиште) за 2005-2008 год.*




*Извор: Државен завод за статистика; Училишта и ученици на почетокот и крајот на училишната година, 2005, 2006, 2007, 2008; пресметки на авторот*

Овие бројки покажуваат дека одредбата за задолжително средно образование во првата година од спроведувањето немаше 100% влијание врз запишувањето на девојчињата. Прашањето е – кои се овие 11% девојчиња што не продолжиле во средно училиште и кои се причините за прекинувањето на нивното задолжително образование. Овие прашања понатаму ќе се разгледуваат во анализата преку разгледување на националниот контекст, но и со фокусирање на две општини како студии на случај – Струга и Струмица.

Во Струмица (и соседните општини: Василево, Босилово и Ново Село), за време на школската 2008/09 год., Државниот просветен инспекторат регистрирал 123 деца кои не продолжиле од основно во средно образование. 81 од нив се машки, а 42 женски, што наведува дека родовата еднаквост во овие општини е на страна на женските. Повеќето од овие деца живеат во руралните области околу Струмица, но некои исто така доаѓаат од 'Турското маало' од градот Струмица.[5]

Во Струга, од друга страна, 122 ученици не продолжиле во средно образование во 2008/09 год., што е околу 10% од полу-матурантите. Околу две третини од нив се женски и доаѓаат од руралните области околу Струга.[6]

Податоците покажуваат загрижувачки тренд кој најверојатно е под влијание на социо-економскиот и етничкиот состав на општините. Имено, Струмица е една од најразвиените земјоделски области, во која децата уште од рана возраст се вклучуваат во семејните земјоделски активности. Машките деца почесто се користат како неплатени семејни работници отколку женските; според тоа тие се попотребни за обезбедување на семејниот приход, со што некои од нив се спречени да го продолжат образованието.

Струга, од друга страна, е општина која е најмногу населена со муслиманско население (главно Албанци, но и Турци), од кои најтрадиционалните се со тенденција да ги мажат женските деца многу рано, обично по завршувањето на основното училиште. Според тоа, овие девојчиња не можат да продолжат во средно училиште, а често тоа не е се смета ни како опција за нив.

5 Државен инспекторат за образование - Струмица
6 Државен инспекторат за образование - Струмица

## *3.2. Проодност во средното образование*

Интересно, додека девојчињата од одредени општествени и етнички групи помалку се запишуваат во средно училиште, имаат повисока стапка на проодност од момчињата и пониска стапка на предвремено напуштање на училиштето. Според тоа, спротивно на верувањето посочено во Националниот акциски план за родова еднаквост, главниот проблем е запишувањето на девојчињата на училиште, додека проодноста низ средното училиште е помал проблем.

*Графикон 4. Стапки на проодност на девојчиња и момчиња во средното образование (2006/07 - 2007/08 год.)*




*Извор: Државен завод за статистика; Училишта и ученици на почетокот и крајот на училишната година, 2007, 2008, пресметки на авторот*

*Забелешка: Во графиконот се вклучени податоци за девојчиња и момчиња што се запишале во една година /клас во 2006/07 год. и продолжиле во следната 2007/08 год.

Девојчињата поретко го прекинуваат образованието во споредба со машките. Податоците покажуваат дека кога еднаш ќе се запишат во средно училиште, девојчињата имаат подобри можности за завршување на образованието. Според тоа, **главните заложби треба да се насочат кон охрабрување на девојчињата да продолжат од основно во средно образование**.

## 4. Причини за ниската стапка на запишување во средно училиште на девојчињата

Врз девојчињата не секогаш влијаат истите причини за незапишување во средно училиште кои влијаат врз момчињата. Одредени општествени и економски аспекти различно се одразуваат на девојчињата, најмногу како резултат на патријархалните норми кои се уште доминираат во многу семејства. Овие аспекти се подетално разгледани подолу.

### 4.1. Традиционални норми (поврзани со етничка и религиозна припадост)

Многу студии посочуваат дека кај општествено исклучените групи (како не-мнозинските заедници) *веројатноста* да ги пратат ќерките во училиште е *помала*, и *поголема е веројатноста* да им дозволат да го напуштат училиштето порано во споредба со синовите.[7]

Ваквата ситуација може да се забележи кај традиционалното муслиманско не-мнозинско население во Македонија. Додека процентот на девојчињата кои завршуваат основно образование во последните 3-4 години е 48%, и нема карактеристични отстапувања меѓу девојчињата од различни етнички заедници; случајот со средното образование е различен. Девојчињата се помалку застапени во средното образование, особено кога станува збор за девојчиња од традиционално муслиманските заедници (на пр. албански, турски, ромски). Иако нивната застапеност во средните училишта порасна во последните 7-8 години, таа се уште е пониска од процентот на машките (табела 1).

*Табела 1. % на девојчиња во средно образование според етничка припадност*

| | Македонци | Албанци | Турци | Роми |
|---|---|---|---|---|
| 1999/2000 | 51 | 41,1 | 36,8 | 39,8 |
| 2000/2001 | 50,8 | 42,1 | 38 | 43,3 |
| 2001/2002 | 50,7 | 43,8 | 42,3 | 37,4 |
| 2006/2007 | 49,7 | 42,0 | 40,7 | 44,4 |
| 2007/2008 | 49,7 | 44,3 | 41,8 | 46,4 |

*Извор: Државен завод за статистика: Училишта и ученици на крајот на школската година, 2001, 2002, 2003, 2008, 2009 год*

Ситуацијата исто така е загрижувачка кога станува збор за завршување на средното образование, особено за ромските девојчиња. Конкретно, само околу една третина од ромските деца кои завршуваат средно образование се женски (табела 2).

7 The Double Disadvantage of Gender and Social Exclusion in Education, M. E. Lockheed in Girls' Education in the 21st Century in Gender Equality, Empowerment, and Economic Growth
M. Tembon and L. Fort (Eds.)

*Табела 2. % на девојчиња кои завршиле средно образование според етничка припадност*

| | 2002/03 | 2006/07 | 2007/08 |
|---|---|---|---|
| Македонци | 51.1 | 50,0 | 50.2 |
| Албанци | 40.8 | 43.3 | 44.6 |
| Турци | 41.9 | 41.2 | 41.7 |
| Роми | 34.2 | 35.1 | 35.8 |

*Извор: Државен завод за статистика: Училишта и ученици на крајот на школската година, 2003, 2008, 2009 год.*

Традиционалните норми со кои се соочуваат овие девојчиња, кои ги спречуваат да се запишат и/или да го завршат средното образование се испреплетени, но следните се најдоминантни:

- **Традиција на рано стапување во брак**

Иако повеќето традиционални муслимански заедници го имаат напуштено обичајот на рано стапување во брак, во некои делумно изолирани рурални и приградски заедници, ова се уште е вообичаена пракса. Девојчињата обично се мажат по завршување на основното училиште. Бидејќи одговорностите на мажените жени не оставаат многу простор за други активности, и мажените жени не треба да имаат контакт со други мажи, тие не продолжуваат во средно училиште. Бракот исто така доаѓа со одговорноста за раѓање деца и тоа уште повеќе ја ограничува можноста за продолжување на школувањето (Студија на случај 1).

**Студија на случај 1**
*Жена и мајка наместо ученичка*

> ‘Шеснаесетгодишната Анка А. веќе извесно време живее во куќата на својот сопруг, со кого планира да започне нов живот по свадбата што ја планираат за јули. Таа уште од поодамна во своите мисли се гледа како добра сопруга и мајка, која не би сакала да ја наруши вековната традиција кај Ромите присутна уште од многу одамна. Но, навидум Анка изгледа како девојченце. Таа пред една година, кога завршила осмо одделение, завршила и со своето школување. За себе вели дека учењето не ја интересира, а единствено нешто што би сакала да научи е како да стане фризерка.
>
> Слична е и судбината што ги чека нејзините врснички кои се одлучуваат толку рано да запловат во брачните води, ставајќи точка на школувањето, кое би можело да им биде виза да постигнат нешто во животот.’

*Извор: Задолжителното средно се уште е утопија, Глобус, Број 62 24.06.2008*

- **Верување дека на девојчињата во секојдневниот живот не им е потребно образование**

Верувањето дека жената првенствено треба да биде добра домаќинка и затоа не треба да заврши средно образование се уште е вообичаено кај некои традиционални заедници. Додека мажите треба да го издржуваат семејството, а образованието ги зголемува можностите за подобра работа, улогата на жената е да седи дома и да се грижи за домаќинството.

- **Грижа да им се дозволи на адолесцентките да одат на училиште заедно со машки**

На почетокот на средното образование девојчињата влегуваат во периодот на адолесценција, што доаѓа заедно со потребата за врски со спротивниот пол. Сепак, во споменатите заедници, романтичните и сексуалните врски со спротивниот пол се строго забранети пред девојчето да се омажи, а одењето на училиште во адолесцентските години се смета дека може да ги поттикне ваквите врски. Затоа, родителите се загрижени дека девојчињата можат да бидат заведени од страна на учениците од спротивниот пол и на направат нешто несоодветно (Студија на случај 2). Некои девојчиња се случува да го напуштат средното образование, бидејќи не се чувствуваат пријатно да учат во заедница со машки.[8]

**Студија на случај 2**
*Школувањето не е неопходно, поважен е добар брак*

Блерта од струшкото село Короишта го завршила основното образование во родното село и била редовна ученичка, иако со слаб успех. Живее во семејство на самохрана мајка со уште 3 браќа/сестри. Мајката вели дека Блерта не го продолжила школувањето поради финансиски проблеми и проблеми со превозот, но признава дека девојчето не би требало да го продолжи школувањето, дури и под услов да има средно училиште во близина. Таа се плаши дека во училиштето би можела да биде заведена од момчиња и под ниту еден услов не би ја пуштила да продолжи со образованието. Смета дека образованието нема да и биде неопходно, туку подобро би било да се омажи и да започне семеен живот.

Семејството добило судско известување дека ќе треба да плати казна доколку не се запише во средно училиште, но мајката признава дека немаат средства да ја платат казната.

8 Интервју со Садудин Садики, психолог од Техничкото училиште во Гостивар, 1.06.2009 год.

## *4.2. Неповолна инфраструктура*

Девојчињата што живеат во оддалечените рурални средини се соочуваат со потешкотии во поглед на близината на училиштата, кои за нив претставуваат поголема потешкотија отколку за машките. Средните училишта за нив не се лесно достапни затоа што треба многу да патуваат до училиштето или да се сместуваат во интернат (Студија на случај 3). Сепак, за некои традиционални муслимански семејства, сместувањето во интернат не е валидна опција, бидејќи сметаат дека не е соодветно за адолесцентките да се мешаат со машки.

**Студија на случај 3**
*Ограничените превозни можности го ограничуваат пристапот до училиштето*

Хајрие е девојче од селото Седларево, во близина на Тетово. Таа била една од најдобрите ученици во основното училиште, кое се наоѓа во нејзиното село. Сепак, и покрај нејзината и желбата на нејзините родители, не можела да се запише во средно училиште затоа што селото каде што живее е сместено во тешко достапна планинска област, особено во зимскиот период. Од тие причини, нема организиран превоз од страна на МОН од селото до Тетово.

Проблемот се зголемува со фактот дека во Тетово нема интернат за учениците од средно образование, што значи дека овие деца треба секојдневно да патуваат до училиште. Семејството е дополнително обременето и со високите казни кои треба да ги плаќаат.

Државата прво треба да ги види условите во кои живеат луѓето, а потоа да воведува казни.
*Мајката на Хајрие*

## *4.3. Финансиски ограничувања*

Традиционално, социо-економскиот статус на семејствата се смета за еден од главните фактори кои влијаат врз запишувањето и проодноста низ средното образование. Сепак, финансиските проблеми различно влијаат врз машките и женските деца, во зависност од верувањата за важноста на образованието. Семејство со неповолна финансиска ситуација е поверојатно дека ќе го прати машкото дете во средно училиште отколку женското. Женските деца обично имаат потреба од повеќе финансиски средства - сакаат нова облека ако се запишуваат во училиште и се поосетливи ако се одвоени врз основа на нивниот социјален статус и физичката појава (види Студија на случај 4). Освен тоа, вообичаено е верувањето дека можностите да се омажи во семејство со подобри економски услови се поголеми за женските отколку за машките деца.

Анализите на разликите во запишувањето кај девојчињата и момчињата со различен социо-економски статус се ретки, а постоечките истражувања не водат кон јасни заклучоци. Според годишните анализи на УНДП[9] (табела 3), ситуацијата се менува. Додека истражувањето спроведено во 2007 год. покажува дека кај децата од посиромашните семејства има 10% помалку уписи во средно образование во споредба со оние од несиромашните семејства, во 2008 год. оваа разлика изнесува 2%. Социјалните разлики во 2007 год. се најизразени кај девојчињата, додека во 2008 год. ова не е случај.

*Табела 3. Нето стапка[10] на запишување во средно образование според пол и статус на сиромаштија (2007 и 2008 год.)*

| | Момчиња | Девојчиња | Вкупно |
|---|---|---|---|
| 2007 | | | |
| Несиромашни | 90% | 82% | 86% |
| Сиромашни | 84% | 69% | 76% |
| Вкупно | 88% | 78% | 83% |
| 2008 | | | |
| Несиромашни | 87% | 88% | 87% |
| Сиромашни | 85% | 85% | 85% |
| Вкупно | 86% | 87% | 87% |

*Извор: Граѓански засновани анализи, УНДП, март 2008 год и март 2009 год. (податоците се добиени врз основа на теренски истражувања)*

Забелешка: Податоците треба внимателно да се анализираат заради големиот број на контактирани домаќинства кои одбиле да бидат интервјуирани.

**Студија на случај 4**
*Одењето на училиште бара повеќе од само пари за книги и превоз*

Маца живее во село во околината на Струмица. Завршила основно училиште во соседното село, но не продолжила во средно училиште. Иако не била многу добра ученичка во основно училиште, имала желба да продолжи да учи мода (средно текстилно училиште). Сепак, нејзиното семејство е прилично сиромашно и живее од социјална помош. Ги пресметале трошоците за запишување во средно образование и заклучиле дека нема да можат да ги покријат.

Семејството е свесно дека одредени трошоци ги покрива Министерството, но има и други кои паѓаат на товар на семејството (на пр. облека, училиштен прибор, училишни екскурзии, учебници, итн.). Маца сака

9 Граѓански засновани анализи, УНДП март 2008 год. и Граѓански засновани анализи, УНДП
10 Процент на деца на средношколска возраст запишани во средно училиште

да оди во училиште, но доколку има нова облека и други работи кои ги имаат нејзините врсници (на пр. мобилен телефон). Во спротивно, ќе се чувствува одвоена заради нејзината социјална состојба.

### *4.4. Непознавање на јазиците на мнозинската група*

Девојчињата од малцинските заедници се повеќе склони кон понизок успех во основно образование доколку училиштето каде што учат нема настава на нивниот мајчин јазик, бидејќи, за разлика од момчињата, не ги знаат добро јазиците што се говорат надвор од нивната непосредна заедница. Според тоа, некои не се запишуваат бидејќи семејството смета дека нема да можат да го завршат образованието, и парите ќе бидат залудно потрошени.

## *5. Национални политики за родова еднаквост во образованието и нивно спроведување*

Проблемот на родовата еднаквост во образованието се поставува во неколку стратешки документи. Сепак, ниту еден од долу споменатите документи или институции не се особено загрижени за родовата еднаквост во средното образование, туку за пошироките прашања на полова рамноправност и/или образование.

**1. Закон за еднакви можности на мажите и жените**[11]

Законот е донесен во 2006 год. и се состои од одредби за аспектите на родова интеграција во неколку области, вклучувајќи го и образованието. Еднакво образование за мажите и жените се смета за неопходен предуслов за да им се овозможи на двата пола еднакво и активно да учествуваат во социјалниот живот. Според тоа, улогата на **образовните установи е да обезбедат систем на мерки за да се обезбеди еднаков третман за мажите и жените, особено кога станува збор за пристап до образованието**. (член 10)

**2. Закон за средното образование**[12]

Законот за средно образование вели дека секој има право на средно образование под еднакви услови и забранува дискриминација врз основа на пол, раса, национално и социјално потекло, итн.

**3. Национален акциски план за родова еднаквост (2007-2012)**[13]

Релевантните фактори подготвиле петгодишен национален акциски план за родова еднаквост, којшто исто така вклучува и прашања од образованието.

11 Закон за еднакви можности на мажите и жените, Сл. весник на Р. Македонија, 66/06
12 Закон за средното образование, Сл. весник на Р. Македонија, 29/2002
13 Национален план за акција за родова рамноправност, 2007-2012, Скопје, мај 2007 година, стр.36

Посебно, третата стратешка цел на акцискиот план е: **Зголемен опфат и намалување на стапката на осипувањето од образовниот процес на девојчињата од немнозинските заедници и од руралните средини**. Дел од активностите предвидени за постигнување на оваа цел вклучуваат:

- Подготовка на анализи за причините и вклучување на девојчињата од малцинските и руралните заедници во сите образовни нивоа.
- Спроведување на интензивна кампања во етничките заедници (особено во ромската и албанската заедница) насочена кон поголемо вклучување во образованието.
- Спроведување на анализа во врска со почитувањето на правните одредби за задолжително средно образование
- Активности за образование на родителите и/или старателите за потребата од образование
- Спроведување на активнсоти за сензитивизација, едукација и вклучување на наставниците во активните политики на образовниот процес во правец на намалување на осипувањето

Установите одговорни за спроведување на акцискиот план ги вклучуваат: МОН, МТСП, Министерство за земјоделство, УЛСГ, Македонското Собрание, БДЕ, Граѓанските здруженија; а главниот орган одговорен за координација е Министерството за труд и социјална политика.

Сепак, и покрај добрите намери, реализацијата на овие активности изостанува. Една од причините е недоволно конкретно дефинираните одговорности на одговорните институции. Буџетските рестрикции се дополнителен ограничувачки фактор.

## 4. Комисии за еднакви можности

Законот за еднакви можности на жените и мажите (член 13) предвидува задолжително ангажирање на лице – **координатор за спроведување на политиките за еднакви можности во соодветните министерства**. Координаторите се одговорни за подготвување на годишен извештај за нивната работа до Министерството за труд. Сепак, анализите за нивната работа[14] укажуваат на неколку проблеми кои се пречка за спроведување на политиките за родовата еднаквост (на пр. повеќето вршат и дополнителни функции, недоволното искуство во областа на родовата еднаквост и интегрирање, не се вклучени во подготовката на акцискиот план и не се перцепираат дека имаат мандат за спроведување на активностите).

**Комисии за еднакви можности** се исто така воспоставени на **ниво на општини**. Сепак, и покрај тоа што во општините од студиите на случај – Струга и Струмица има воспоставено вакви комисии, спроведените интервјуа откриваат дека нивните претставници не го сметаат родовиот аспект во запишувањето во средно образование како многу значајно, бидејќи веруваат дека овој проблем во нивните општини не е поврзан со полот. Според тоа, не преземале ниту пак

14 Извештај од утврдена состојба и препораки за понатамошен развој и соработка на координаторите/ките за еднакви можности во рамките на министерствата, ПРОЕКТ: Градење на капацитет за вклучување на родовата перспектива во формулирањето на политиките, В.Јованова, З. Шијачки, МТСП, 2008

предвиделе активности за надминување на специфичните бариери со кои се соочуваат одредени групи на девојчиња кога се работи за запишување во средно образование.

Освен тоа, интервјуата со **претставниците од образовниот сектор** во двете општини, исто така покажа дека ниската стапка на запишување не се смета дека е делумно определена со полот. Тие сметаат дека полот не е поврзан со ниската стапка на запишување и дека тоа е првенствено финансиски и социјален проблем.

*****

Може да се заклучи дека политиките се подготвени и соодветните закони и установи се воспоставени. Законите се донесени, но има недостаток на чувствителност за прашањето од страна на релевантните фактори. Освен согледувањето на проблематичните прашања во врска со родовата еднаквост во образованието, не е преземена никаква специфична активност. Полот како проблем не е приоритетен помеѓу креаторите на политиките.

## *6. Препораки*

- Иако на ниво на национални политики постои генерално разбирање за потребите за активности за родово-сензитивни политики за остигнување поголема стапка на уписи на девојчиња во средно образование, реално не се преземени доволно активности за подобрување на вклучувањето на ранливите групи на девојчиња во средното образование. Оттука, постои потреба за лобирање за **зголемена свест за полово-сензитивниот пристап кај релевантните фактори** (особено комисиите за еднакви можности). Тесна соработка со Државниот инспекторат за образование е особено корисна за општините каде родовите разлики се значајни.

- Бидејќи финансиските ограничувања се еден од главните фактори поради кои семејствата не ги праќаат женските деца во средно образование, истите можат да се мотивираат со **стипендии** (во форма на парични трансфери) за запишување во средно образование.

- Важно е да се **детектираат 'ранливите' девојчиња уште од основното образование** и да се известат нивните семејства за можностите за средно образование (видови на училишта, надоместоци за семејството, условени парични трансфери). **На семејствата** треба **директно да им се пристапи** од страна на претставници од локалната заедница, во координација со просветниот инспекторат, НВО-а и претставници на социјалните служби.

- Друга клучна активност е да се соберат податоци за девојчињата од ранливите групи, нивните **приоритети за запишување во средно**

**образование** (дали го гледаат како значајно прашање, каде би сакале да се запишат, итн.) додека се сеуште во основно училиште, со цел да можат да работат со нив на постигнување на целта.

- Очигледно, за одреден број семејства, стандардниот начин на посетување средно училиште не е валидна опција за нивните ќерки. Со цел справување со овој проблем, треба да се истражат **можностите за учење на далечина** за девојчињата од традиционалните заедници. Првично, неопходно е спроведување на истражувања за тоа дали би биле заинтересирани за овој начин на посетување настава, проектирање на можните ефекти (поголемо затворање во непосредната заедница или влијание на развој на свеста за важноста на учењето), како и анализирање на најуспешните модалитети за негово спроведување.

- **Континуирано посветување повеќе внимание на училишниот успех на ранливите групи девојчиња** и подготовка на мотивациски стратегии за овие девојчиња. За таа цел, ефикасна алатка може да **биде поддршката од врсниците во учењето** од страна на останатите девојчиња што одат на училиште.

- **Наставата на мајчин јази**к во средното училишта е многу значајна за девојчињата од малцинските заедници; сепак ова треба да биде **придружено со колку што е можно повеќе активности со девојчињата од мнозинските заедници** од регионот.

7

# МЛАДИТЕ ИМААТ ПРАВО НА СЕКСУАЛНО ОБРАЗОВАНИЕ

## Анализа за потребата од воведување на сексуалното образование од родов аспект

Автор:
МЕС Сања Костовска

# СОДРЖИНА


| | | |
|---|---|---|
| *1.* | *Вовед* | 114 |
| *2.* | *Меѓународни стандарди* | 115 |
| *3.* | *Компаративна анализа* | 119 |
| *4.* | *Анализа на случај-Македонија* | 123 |
| *5.* | *Резултати од теренското истражување (резултати од анкетата и фокус групите)* | 124 |
| *6.* | *Препораки* | 131 |

## 1. Вовед

Сексуалното и репродуктивно здравје е особено важен сегмент во однос на здравјето на жените и мажите. Оваа област е интегрирана во јавната здравствена политика преку релевантните меѓународни конвенции кои Македонија ги има ратификувано, стратешки документи[1], и буџетските програми кои се однесуваат на рано откривање и спречување на болести на репродуктивните органи, откривање и лекување на карцином на дојката, заштита од сида, активна здравствена заштита на мајка и дете.

Сексуалното и репродуктивно здравје претпоставува постоење на свесност за сексуалните и репродуктивни права, како и поседување соодветни информации во однос на ризиците по него. До сега, Македонија не може да се пофали со некоја позначајна и координирана активност на ова поле. Активности за промоција на сексуалните права како и подигање на јавната свест, генерално се должат на напорите од невладиниот сектор, при што активностите главно се насочени кон младите, имајки во предвид дека токму тие припаѓаат во најризичната група кога станува збор за сексуалното здравје. Сепак ова е проблематично од аспект на континуитет и одржливост, поради тоа што недостасува ефикасен институционален механизам, и во образовниот систем и во здравствениот, преку кој младите ќе се запознаат со сите прашања неопходни при процесот на емотивно и сексуално созревање.

Иако советувањата за сексуално и репродуктивно здравје (прашања како контрацепција на пример) се бесплатни, односно се дел од пакетот на здравствени услуги, сепак интересот на младите за овој тип услуги е мал. Во последните десет години, забележан е надолен тренд на регистирани посети на младите со цел советување на доктори гинеколози[2]. „Од вкупниот број на регистрирани први посети заради планирање на семејството 1209 посети (9,9%) во јавните здравствени установи и само 87 или 12,6% од вкупно 924 посети во приватните здравствени установи биле од адолесценти на возраст под 19 години“[3].

Осуда од средината, страв да не дознаат родителите, недоверба во институциите дека постои доверливост се дел од субјективните фактори кои влијаат на нискиот процент на млади кои самоиницијативно се обратиле за совет. Сексот се доживува како табу тема, како нешто „срамотно“, прецепција која ја потврдија

1 Национален план за акција за човековите права; Национален План за рамноправност на половите донесен во 2002 година; Национална програма за борба против трговија со луѓе; Национална стратегија за млади; Национален план за акција за децата во Република Македонија; Националната стратегија за изедначување на правата на лицата со хендикеп ; Националната Стратегија за Ромите; Здравствена стратегија на Р.Македонија; Национална стратегија за ХИВ/СИДА (нова за периодот од 2007до2011 година); Национална Стратегија за ТБЦ (2000-2005, и 2007-2015 година); Национална стратегија против алкохолизмот, усвоена во 2007 годинa;Национална политика ментално здравје (усвоена во 2005 година);Национален акционен план за превенција и рано откивање на ракот на дојка;Национална стратегија за незаразни болести;Национална стратегија за адолесцентно здравје;Стратегија за Демографски Развој на Република Македонија 2008-2015

2 Стратешка проценка на политиката, квалитетот и пристапот до контрацепција и абортус во Република Македонија, Министерство за здравство, мај 2008, Стр.48

3 Стратешка проценка на политиката, квалитетот и пристапот до контрацепција и абортус во Република Македонија, Министерство за здравство, мај 2008, Стр.52

и резултатите од фокус групите спроведени во рамки на истражувањето.

> *„Сексот е табу тема.Кај нас, во нашата средина тоа се смета за срамота.“*
> ***17 годишно момче, Македонец Струмица***
>
> *„Сексот се смета за табу тема. Тоа е поради менталитетот, а од друга страна за мене би било многу нормално да се зборува за тоа.“*
> ***16 годишно девојче, Албанка Струга***
>
> *„Не се разговара на тема секс.Мислам дека е многу нормално што е така, ние така сме воспитани...“*
> ***Албанка, мајка на две ќерки и еден син, Струга***

Без разлика на полот и на етничката припадност, адолесцентите се согласни дека е потребно повеќе да се зборува, да имат пристап до соодветни информации за ова прашање, и покрај тоа што се свесни за затвореноста на средината. Младите имаат ниско ниво на познавање на своите сексуални и репродуктивни права, и недостиг на соодветни информации за водење на здрав сексуален живот[4], што е главната причина поради која припаѓаат во категоријата на ризично сексуално однесување.

Оттука, оваа анализа има за цел да ја анализира потребата и расположението за воведување на сексуалното образование во образовниот систем, како успешен начин младите да се информираат и да прифатат здрав и одговорен начин на живот. Аргументите и заклучоците се базирани на меѓународните стандарди и релевантните меѓународни документи, компаративна анализа на најдобри практики, како и на перцепциите за потреба од предмет сексуално образование. За последното, информации се добиени од национална анкета направена на репрезентативен примерок и од фокус групи спроведени во два града Струга и Струмица, помеѓу претставници од албанската и македонската етничка заедница.

## *2. Меѓународни стандарди*

Одамна е сменета перцепција за сексуалното и репродуктивното здравје и права од „приватна работа“ во проблем кој треба да се третира како „јавно здравствен проблем“.Клучен чекор на меѓународно ниво беше направен на Меѓународната конференција за популација и развој во Каиро, 1994, кога сексуалното и репородуктивно здравје беше издигнато на ниво на приоритет во рамки на националните здравствени системи.

Врз основа на препораките на СЗО, сексуалното здравје се дефинира како состојба на физичка, емоционална, ментална и социјална благосостојба во однос на сексуалноста. Ова не претпоставува само негативна дефиниција на поимот, односно не опфаќа само отсуство на болест, дисфункција или деформитет, туку

4 Ибид

пристапот на дефинирање на сексуалното здравје е позитивен при тоа опфаќајки сексуалност и сексуални врски без принуда, дискриминација и насилство. Областите сексуално здравје (одговорен, задоволителен и безбеден сексуален живот), репродуктивна слобода (пристап до информации, методи и услуги) и безбедно мајчинство (безбедна бременост, порагање и здрави деца) се исто така вклучени во оваа дефиниција[5].

Сексуалното образование е препознаено како **најуспешен одговор** на ризиците по сексуалното и репродуктивното здравје. Токму затоа меѓународните организации го промовираат како еден од основните пристапи на кои треба да се базираат државните стратегии во искоренување и борба против ХИВ/СИДА, СПБ и непланирана бременост. Отука, во овој дел од анализата ќе се даде краток преглед на релевантните меѓународни документи, како и правната основа која ја даваат овие документи за воведување на сексуално образование во наставната програма.

Двата можеби најзначајни меѓународни документи, каде се препознава правната основа за воведување на сексуалното образование, се:

- Конвенцијата за елиминирање на сите видови на дискриминација против жената
- Конвенцијата за права на детето

Членот 10 од Конвенцијата за елиминирање на сите видови на дискриминација против жената ги обврзува државите да ги превземат сите неопходни мерки за елиминирање на дискриминација на жените со цел да им се овозможат еднакви права со мажите во делот на образование, врз основа на начелото на еднаквост на половите, при што треба да им се овозможи „пристап до образовни информации за здравјето и семејната благосостојба, вклучително и информации и совети за планирање на семејството".

Како аргумент за воведување на сексуално образование, се посочува и Конвенцијата за права на детето, која правно ги обврзува државите да овозможат „децата да имаат прво на слобода на изразување, што вклучува слобода да бара, прима и соопштува информации и идеи од било каков вид, без разлика на граници..." (член 13). Имајки во предвид дека сексуалното образование го унапредува и подобрува здравјето на младите од една страна (позитивните имликации на сексуалното образование ќе бидат дискутирани подолу во текстот), а од друга страна право на младите е да добиваат информации од било каков вид, се наметнува општествената обврска младите да добијат соодветни информации од сферата на сексуално и репродуктивно здравје[6].

На ова се надоврзува и членот 24 од конвенцијата за права на детето, кој ги обврзува државите да овозможат „децата да уживат највисоки стандарди во сферата на здравјето..." при што секоја држава за постигнување на оваа цел, меѓудругото ќе треба да „развие превентивна здравствена заштита, насоки за родителите и образование за планирање на семејство и услуги."

5 Web site of the German Federal Center for Health Education,
http://english.forschung.sexualaufklaerung.de/3029.0 html

6 Andrew Copson; Unbiased sex education is a child's right, Tuesday 28 April 2009 16.00 BST www.guardian.co.uk.

Иако Конвенцијата прилично општо ги дефинира обврските на државите во оваа област, нејзината интерпретацијата од страна на **Комитетот за права на децата**[7] **јасно се залага и го подржува воведувањето на сексуалното образование** како успешен начин за унапредување на сексуалното и репродуктивното здравје на адолесцентите. Редовно, Комитетот во своите извештаи заклучува дека обврска на државите е воведување на сексуално образование, при што препорачува и охрабрува интегрирање на таков предмет во рамки на обрзовниот систем.

Комитетот досега за Македонија има изработено два извештаи во 1997-та и 2000-та година, при што заклучува дека за адолесцентите од 15-18 години е лимитиран пристапот до здравствена заштита, конкретно посочувајки го недостигот на сексуално образование[8].

На ова се надоврзува и ставот на Светската здравствена организација (СЗО) која силно подржува и се залага за воведување на сексуалното образование во образовниот систем. Ставот на СЗО е аргументиран со резултатите до кои СЗО дојде преку истражувањето спроведено во рамки на Глобалната програма против СИДА (Global programme on AIDS)[9] кое од една страна ги потврди позитивните ефекти на сексуалното образование, а од друга страна ги сруши митовите со кои како аргументи се служат противниците на воведување сексуално образование во рамки на наставната програма.

Најголемиот страв на противниците на сексуално образование е дека таквиот предмет би ги поттикнал и охрабрел младите порано да започнат со сексуални односи.

*Резултатите од истражувањата покажаа дека сексуалното образование доведува до зголемување на возрасната граница кога се започнува со сексуални односи. Понатаму, сексуалното образование не доведува ниту до зголемување ниту до намалување на сексуалната активност кај адолесцентите, меѓутоа влијае на сексуално активните адолесценти да прифатат неризично сексуално однесување. Исто така, располагање со информации од областа на контрацепција и советување за сексуалното здравје не стимулира прерана или зголемена сексуална активност.*

Придонес во однос на рушење на митовите за негативните последици од сексуалнтото образование даде и извештајот на УНЕСКО каде врз основа на сеопфатна анализа на досегашните истражувања, регистрирани се позитивните ефекти на сексуалното образование врз сексуалното однесување на младите[10]. УНЕСКО со овој извештај ги постави рамките за ефикасно и успешно сексуално образование,

7 Тело одговорно за мониторирање на имплементација на Конвенцијата за права на детето.

8 UN Committee on the Rights of the Child: Concluding Observations: The Former Yugoslav Republic of Macedonia, 23 February 2000, CRC/C/15/Add.118, стр.6 http://www.unhcr.org/refworld/country,,CRC,,MKD,4562d8b62,3ae6afc5c,0 html

9 Sozial- Und Präventivmedizin [Soz Praventivmed] 1994; Vol. 39 (5), pp. 325.; http://search.ebscohost.com/

10 International Guidelines on sexuality education: An evidence informed approach to effective sex, relationships and HIV/STI education, June 2009, UNESCO.

давајки притоа конкретни и практични препораки за имплементација на успешна програма за сексуално образование. Извештајот потенцира дека програмата во секој аспект треба да биде базирана на родовиот пристап, имајки во предвид дека сексуалноста различно се перцепирани во зависност од полот, како и во зависност од општествени улоги и конструкции. УНЕСКО препорачува воведување на сексуално образование на 4 нивоа, при што би биле опфатени четири возрасни категории[11] на деца и млади од 5 до 18 годишна возраст со прилагодена програма во однос на нивната возраст. На секое ниво предвидено е да се опфатат неколку области: врски; вредности, ставови и способности; култура, општествени норми и легислатива; човечки развој; сексуално однесување; сексуално и репродуктивно здравје.

Препораките се сеопфатни и се однесуваат како на процесот на подготовка на програмата, така и на нејзината имплементација. Притоа, сугеираат дека за успешна програма фондот на часови не треба да биде помалку од 12 училишни часа, потребно е учениците да имаат домашни задачи преку што и родителите би биле индиректно вклучени, родовиот пристап да е присутен во сите фази и на подготовка и на имплементација на предметот, предметот да опфаќа и хомосексуални врски при што пристапот би се засновал на промовирање и почитување на различноста и толерантност итн.

Сексуалното здравје е прашање кое е од значаен интерес и за ЕУ. Под закана на ХИВ/СИДА, уште во 1980-тие години се превземени акции за спречување поголем залет на територијата на Европа. Со проширувањето на Унијата, ЕУ се соочува со нови соседи, се соочува со ситуација во одредени делови на Европа стапката на СПБ и ХИВ/СИДА драстично да се зголемува, што наметнува потеба од брзо и заедничко делување.

Значаен чекор на ниво на ЕУ е направен 2001 година со Европската Стратегија за сексуално и репродуктивно здравје[12] која има за цел да обезбеди стратешки насоки за земјите членики во смисла на соработка за развивање и имплементација на програми за унапредување на сексуалното и репродуктивно здравје на граѓаните на ЕУ, како и за намалување на регионалните нееднаквости. Со овој документ сексуалното и репродуктивно здравје се издигнува на ниво на врвен приоритет на Европската регионална канцеларија на СЗО и земјите членки на ЕУ.

Она што со загриженост констатира стратегијата, е дека адолесцентите се порано стануваат сексуално активни, а немаат соодветно образование и советодавни услуги од оваа област[13].

Отука една од целите на стратегијата е **„образование на адолесцентите за сексуалноста и репродукцијата“** што треба да се постигне со воведување на сексуално и репродуктивно образование во наставната програма во средните училишта, и со усвојување и имплеменатција на образовни програми за сексуалноста и репродукцијата надвор од школскиот систем. При тоа од најголема

11 Ниво 1 деца на возраст од 5 до 8 години; ниво 2 деца на возраст од 9 до 12 години; ниво 3 адолесценти на возраст од 12 до 15 години; ниво 4 адолесценти од 15 до 8 години

12 WHO REGIONAL STRATEGY ON SEXUAL ANDREPRODUCTIVE HEALTH, Reproductive Health/Pregnancy Programme, Copenhagen, Denmark November 2001, http://www.euro.who.int/document/e74558.pdf

13 Ибид. Стр.10

важност е сексуалното образование да биде воведено пред адолесцентите да станат сексуално активни; да се користат интерактивни методи; фокусот да биде ставен на знаење, вредности и развивање на начин на однесување итн. Она што е особено воочливо е инсистирање на родово сензитивен пристап односно вградување на посебен пристап за девојчињата во насока на подигање на нивната самодоверба и преговарачки вештини, како и пристап за момчиња во насока на нивните потреби од една старна и одговорности од друга.

Потребата од сексуално образование е наведена и во други стратешки документи на ЕУ [14], меѓу кои и Даблинската декларација [15]. Во контекст на промовирање на родовата еднаквост и унапредување на репродуктивното и сексуално здравје, пристапот до сексуално образование, информации и здравствени услуги како и отвореност во однос на сексуалноста се поставени како основни постулати во борбата против ХИВ/СИДА.

Европската комисија[16] активно вложува напори за промоција на ефикасни начини за превенција од СПБ и ХИВ/СИДА. Во комуникацијата на Комисијата до Советот и Европскиот Парламент за борба против ХИВ/СИДА во ЕУ и во соседните земји за периодот од 2006-2009, се предлага во рамки на здравствените образовни програми, фокус да се стави и на развивање на животни вештини. Училиштата се препознаени како најсоодветното место за искоренување на предрасудите, стигматизирањето и дискриминација во однос на луѓето заболени од ХИВ/СИДА. Комисијата се обврза да ја олесни имплементацијата во училиштата во земјите членки, преку анализа и упатување на најдобри практики, како и развивање на наставните модули.

Денеска, на меѓународно ниво нема никакви дилеми за потребата и значењето на сексуалното образование во свет кој го демнат ризици со разорни пандемски ефекти. Оттука нема доволно силен и оправдан противагрумент, ни од религиозен, ниту пак традиционален или културен аспект, кој би можел да биде контратежа на воведувањето на сексуалното образование.

## *3. Компаративна анализа*

За цели на компаративната анализа се анализирани истражувања спроведени во Америка и Велика Британија. И покрај тоа што статистиката упатува на прилично високо ниво на ризично сексуално однесување во споменатите држави споредено со други европски земји (како на пример Шветска и Холандија) на академско ниво се обезбедени квалитетни анализи и истражувања кои дефинираат насоки за воведување ефикасно и квалитетно сексуално образование.

---

14 http://ec.europa.eu/health/ph_threats/com/aids/aids_en htm

15 Dublin Declaration on Partnership to fight HIV/AIDS in Europe and Central Asia, Dublin Ministerial Conference, February 2004, "Breaking the Barriers – Partnership to fight HIV/AIDS in Europe and Central Asia" http://www.unicef.org/ceecis/The_Dublin_Declaration.pdf

16 COMMUNICATION FROM THE COMMISSION TO THE COUNCIL AND THE EUROPEAN PARLIAMENT on combating HIV/AIDS within the European Union and in the neighbouring countries,2006-2009; COMMISSION OF THE EUROPEAN COMMUNITIES Brussels, 15.12.2005; COM(2005) 654 final http://eur-lex.europa.eu/smartapi/cgi/sga_doc?smartapi!celexapi!prod!CELEXnumdoc&lg=en&numdoc=52005DC0654&model=guichett

Повеќето истражувања[17] од оваа сфера тргнуваат од социолошката претпоставката дека секое општество ја регулира сексуалноста на своите членови, вклучително и преносот и пристапот до информациите (на што особено влијаат општествените институции-семејство  и религија). Покрај социјалната класа, етничката припадност како и степенот на образование кои се фактори кои влијаат на перцепциите во однос на сексуалното и репродуктивното здравје, полот можеби е најважниот фактор. Така истражувањата[18] користејки ја родовата теорија, заклучуваат дека поделбата на машки и женски улоги, односно општествените конструкции за тоа што е „машко“ а што „женско“, различно влијаат на сексуалноста на момчињата и девојчињата. Машките се соочуваат со многу поголем притисок да станат сексуално активни, за разлика од девојчињата кои се соочени со обратна ситуацијата, т.е. соочени се со притисок од средината за одложување на првиот сексуален чин. Истата ситуација е пресликана во однос на прашањето на бројот на сексуални партнери.

Изворите за информирање се различни во  зависност од полот, освен т.н. извор „врсници од ист пол“ кој се јавува како највлијателен извор и кај двата пола. Иако родителите не котираат меѓу „најексплоатираните“ извори за информирање[19], сепак се забележува дека девојчињата многу повеќе од момчињата го користат овој извор. Уште поинтересен податок е дека најчесто мајките се порасположени и отворени за разговор на тема сексуално и репродуктивно здравје. Како секундарен извор на инфорамции освен врсниците од ист пол, девојчињата користат списанија[20].Најзначаен и најкористен извор на инфорамции за момчињата е  порнографијата[21].

Други истражувања[22], имаат регистрирано различна реакција по полова основа на тема секс. Нивото на заинтересираност за време на предавањата на предметот сексуално образование, драстично се разликува.  Девојчињата биле позаинтересирани и конструктивни за време на часовите по сексуално образование (доколку ги слушаат предавањата поделени по полова основа), додека работната атмосфера е сосема обратна кога на часовите присуствувале само момчиња (непристојни шеги, гласно негодување околу материјата презентирани на часот, итн).  Тоа е очекувано, од една страна поради големиот социјален притисок врз момчињата за започнување со активен сексуален живот, а од друга страна

17 Susan Sprecher, Gardenia Harris, Adena Meyers, Perceptions of Sources of Sex Education and Targets of Sex Communication: Sociodemographic and Cohort Effects, JOURNAL OF SEX RESEARCH, 45(1), 17–26, 2008 Copyright # Taylor & Francis Group, LLC

18 James W. Stout, MD, and Frederick P. Rivara, MD, MPH; Schools and sex education: Does it work?; Department of Pediatrics, Harborview Medical Center, University of Washington, Children's Hospital and Medical Center, Seattle; vol 83, no.3, March 1989.; Thomas Edward Smith, Julie A. Steen, Andrea Schwendinger, Jennifer Spaulding'Givens, and Robert G. Brooks, Gender Differences in Adolescent Attitudes and Receptivity to Sexual Abstinence Education; 2005 National Assotiation of Social Workers

19 Susan Sprecher, Gardenia Harris, Adena Meyers, Perceptions of Sources of Sex Education and Targets of Sex Communication: Sociodemographic and Cohort Effects, JOURNAL OF SEX RESEARCH, 45(1), 17–26, 2008, Taylor & Francis Group, LLC, pg.18

20 Lynda Measor, Young people's views of sex education: gender, information and knowledge; University of Brighton, UK; Carfax Publishing; Sex Education, Vol. 4, No. 2, July 2004, pg.155

21 Ибид, стр. 156

22 Lynda Measor, Coralie Tiffin and Katrina Trina Fry; Gender and Sex Education: A study of adolescent responses; University of Brighton; Department of Education, Falmer, Brighton, UK

поради општествената конструкција на значењето на „машкост“ што претпоставува сексуално искуство. Така што, негативната реакција на часовите по сексуално образование е повеќе реакција потикната од помислата дека следење на еден таков вредмет имплицира недоволно искуство, а со тоа и намалување на нивната „машкост“ во свои и во очи на врсниците.

Сепак, полот е ирелавантен кога се анализира нивото на информираност и свесноста за сексуалното и репродуктивно здравје. Ни момчињата, ни девојчињата не располагаат со соодветни и доволно информации за здрав сексуален живот, иако сметаат дека доволно знаат[23]. За споредба истражувањето во Македонија покажа дека најголемиот број на момчиња имаат голема самодоверба во однос на нивната информираност, додека повеќето девојчиња сметаат дека не се доволно информирани. И покрај самодовербата на момчињата, дискусијата во фокус групите покажа дека знаењето го базираат на погрешни информации.

*„Јас сум многу информиран. Сексуално преносливи болести не се пренесуваат само преку сексуален однос, туку може и сосема случајно да се пренесат. Така некои болести може да се пренесат и преку крв, или инсекти како комарци, еве на пример сидата... “*
***Момче, Македонец 16 години***

Америка се соочува со висок процент на СПБ и непланирана тинејџерска бременост (значително поголема стапка од останатите западни високо развиени држави). Оттука, Америка не се зема како позитивен пример на превенција и заштита на сексуалното здравје преку обрзовниот систем. И покрај застрашувачките статистики кои упатуваат на очигледен неуспех на моменталниот пристап, најголемиот број на јавни училишта ја засноваат програмата исклучиво на апстиненција од секс до брак (“abstinence –only” programmes)[24]. Поразителната статистика се објаснува со тоа дека програмите кои се базирани само на апстиненција како начин на борба против ризичното сексуално однесување, се неефикасни[25].Независно од тоа американската влада повеќе од 20 години финансира само програми базирани на апстиненција. За да одредена програма за сексуално образование се квалификува за финансирање од федералните фондови е обврзана да изучува дека „сексуалната активност надвор од бракот има негативен психолошки и физички ефект“[26].

Според Кирби (Kirby), сеопфатните програми (comprehensive programs) кои се осврнуваат и на апстиненција и на контрацепција бележат позитивни ефекти. Ефектите[27] од овој тип на прогами се: сексуалната активност не се зголемува; се поместува границата на започнување со сексуални односи, односно одложување

23 Tina Hoff, Liberty Green, Julia Davis; National Survey of adolescents and young adults: Sexual health knowledge, attitudes and experiences; 2003 Henry J. Kaiser Family Foundation; California

24 Naomi Starkman, J.D., and Nikole Rajani, M.A., The Case for Comprehensive Sex Education; AIDS Patient care and STDs; Volume 16, Number 7, 2002

25 Douglas Kirby, Abstinence, Sex and STD/HIV education programs for teens: their impact on sexual behavior, pregnancy and sexually transmitted disease; William and Flora Hewlett Foundation, 2007

26 Naomi Starkman, J.D., and Nikole Rajani, M.A., The Case for Comprehensive Sex Education; AIDS Patient care and STDs; Volume 16, Number 7, 2002

27 Douglas Kirby, Abstinence, Sex and STD/HIV education programs for teens: their impact on sexual behavior, pregnancy and sexually transmitted disease; William and Flora Hewlett Foundation, 2007, pg.143

на првиот сексуален однос; намалување на сексуалната активност како и бројот на сексуални партнери; зголемена употреба на кондоми и контрацепција.

Дури и истражувањата[28] кои заклучуваат дека нема корелација помеѓу сексуалното образование и намалувањето на ризичното сексуално однесување, сепак сосема не го исклучуваат сексуалното образование како добар пристап, повикувајки се притоа на квалитетот на програмата како значаен фактор кој би влијаел на бројките.

Во моментот, резултатите до кои дошол Кирби се неспорни, и позитивната врска помеѓу сексуалното образование и намалувањето на ризичното однесување, се прифаќа како факт. Сепак квалитетот на програмата се гледа како клучен за постигнување на успешни резултати, така што веќе не е актуелна дебатата дали е потребно сексуално образование, туку какво треба да биде квалитетното сексуално образование.

Врз основа на опсежните истражувања дефинирани се јасни насоки и препораки[29] за тоа што треба да содржи наставната програма за сексуално образование.

- Доволен фонд на часови (минимум 14)
- Квалитетен тренинг на предавачите
- Мултидимензионален наставен предмет чиј пристап и методи на изучување се прилагодени на возраста на учениците, културата, сексуалното искуство, карактеристиките и потребите на ученикот, и притоа овозможуваат ученикот лесно да ја персонализира информацијата.
- Фокус на начини како да се намали ризичното сексуално однесување (непланирана бременост, СПБ, ХИВ/СИДА)
- Интерактивни вежби и симулации на ситуациии на здравствени ризици и начини како да се избегнат
- Интегрирање во програмата на информации, алатки за мотивација и комуникација/преговарање неопходни за подигање на самодовербата на личноста

28 James W. Stout, MD, and Frederick P. Rivara, MD, MPH; Schools and sex education: Does it work?; Department of Pediatrics, Harborview Medical Center, University of Washington, Children’s Hospital and Medical Center, Seattle; vol 83, no.3, March 1989

29 Lisa Smylie, Eleanor Maticka-Tyndale, Dana Boyd and the Adolescent Sexual Health Planning Committee, Evaluation of a school-based sex education programme delivered toGrade Nine students in Canada; Taylor & Francis, Sex Education; Vol. 8, No. 1, February 2008, 25–46; Douglas Kirby, Abstinence, Sex and STD/HIV education programs for teens: their impact on sexual behavior, pregnancy and sexually transmitted disease; William and Flora Hewlett Foundation, 2007;

- Фокус на факторите кои влијаат на однесувањето, вклучително знаењето, согледаните ризици, вредностите, ставовите, прифатените норми итн.

- Промовирање на пристап како да се дојде до одговорна здрава одлука, вклучително подобрени комуникациски вештини, подигање на нивото на самодовреба, и преговарачки вештини за употреба на контрацепција и започнување со сексуален активен живот

- Подигање на свесноста во однос на конкретно дефинирани области од сексуалното здравје, како СПБ/ХИВ, семејно планирање, непланирана бременост, ефект на дрога и алкохол по здравјето, насилство во врска итн.

Реформа на програмата за сексуално образование е предвидена и во Велика Британија која има највисока стапката на непланирана тинејџерска бременост во Европа. Врз основа на опсежна анализа[30] на досегашната програма, произлегоа препораки за усовршување на наставната програма со цел поефикасно постигнување на целта-намалување на ризичното сексуално однесување кај адолесцентната популација. Заклучокот е дека за постигнување на оваа цел клучно е: поголем фокус на „врските“, на вештините и вредностите; сексуално образование кое ќе промовира взаемна почит, права и обврски, родова рамноправност, и прифаќање на различноста; предметот да ја земе предвид различноста на учениците во поглед на нивната сексуалност, хендикеп, етничка и религиозна припадност; воспоставување на подобра комуникација помеѓу училиштето и родителите; партнерство на училиштата со надворешни стручни лица од областа итн.

## *4. Анализа на случај-Македонија*

Постоење на општествена одговорност за превентива и заштита на сексуалното и репродуктивно здравје е особено важна во современото општество, кога под притисок на динамичниот живот границата на склучување на брак се има поместено нагоре, така што периодот од кога младите стануваат свесни за својата сексуалност па до склучување на брак е долг. Времето кога адолесцентите стануваат плодни и сексуалните чувства започнуваат да се будат се поклопува со периодот кога влегуваат во пубертет односно од 12 до 14 години. Ако се има предвид дека просечната возраст[31] кога жените стапуваат во брак е 24,7 години, а мажите 27,7 меѓупериодот е прилично долг, 13-14 години. Ова е долг период во кој треба да се избегне непланирана бременост, СПБ, ХИВ СИДА, а за тоа се потребни соодветни инфомации во однос на начините на заштита.

30 Review of sex and relationship education SRE in schools; A report by the external steering group, DCSF 2008, http://www.teachernet.gov.uk/_doc/13030/SRE%20final.pdf

31 Соопштение, Намален е бројот на склучените и разведените бракови во РМ, Дражавен завод за статистика, 16.06.2009, година XLVII,бр. 2.1.9.17

И покрај ова, во Македонија не постои Стратегија за сексуално и репродуктивно здравје. Сепак постои свесност кај надлежните институции за потребата од ваков докумнет кој би имал интердисциплинарен и интерсекторски пристап со цел унапредување на сексуалните и репродуктивни права и здравје[32].

Статистикатата упатува на не многу позитивна слика во однос на свесноста на адолесцентите за нивното сексуално и репродуктивно здравје. Во Македонија само 13.5% жени користат некаков вид на контрацепција, додека само 9.8% користат модерни средства за контрацепција[33]. Како главна причина за исклучително малиот процент се наведува немотивираноста на здравствените работници да обезбедат услуги од типот на советување за планирање на семејството, како и високите цени на контрацептивни средства и методи, кои не се покриени со здравственото осигурување.

Процентот на тинејџерска бременост (мајки под 20 години) во 2006 година бил 7.1%[34]. Иако стапката на абортуси од почетокот на 90-ите во континуитет забележува намалување е значително повисока во споредба со земјите членки на ЕУ[35]. Уште позагрижувачки факт е дека официјално регистрираната стапка од 14,2 абортуси на 1000 жени не соодветствува со реалната слика. Се претпоставува дека бројот на абортуси е многу поголем[36].

Сите досега спроведени истражувања, упатуваат на ниско ниво на свесност како и недостиг на информации за унапредување на сексуалното и репродуктивно здравје. Очигледна е потребата од воспоставување на координиран, институционализиран систем преку кој ќе се пренесат соодветни информации за репродуктивното и сексуално здравје, до најголемиот дел од адолесцентната популација. Оттука, најсоодветено би било да се искористи образовниот систем, особено ако се знае дека адолесцентите многу малку ги користат советодавните услуги во рамки на здравствениот систем.

Значајно е што стратешката проценка[37] спроведена од Министерството за здравство препорачува воведување на сексуално образование. Оттука интересно би било да се испита расположението кај јавноста за еден ваков чекор, што и беше направено во рамки на ова истражување.

## *5. Резултати од теренското истражување (резултати од анкетата и фокус групите)*

За целите на истражувањето беше спроведена национална анкета и 4 фокус групи. Телефонската анкета беше спроведена на крај од месец август на

32 Стратешка проценка на политиката, квалитетот и пристапот до контрацепција и абортус во Република Македонија, Министерство за здравство, мај 2008

33 Стратешка проценка на политиката, квалитетот и пристапот до контрацепција и абортус во Република Македонија, Министерство за здравство, мај 2008, стр. 53

34 Ибид.

35 Ибид стр.60

36 Светлана Смилевска, Децата раѓаат деца, Глобус бр.33, 04.12.2007 http://www.globusmagazin.com.mk/?ItemID=1952157F2552EE40B270329D22FA7683

37 Ибид стр.85.

репрезентативен национален примерок[38]. Беа спроведени 4 фокус групи, во Струга и Струмица, две со адолесценти и две со родители.

Резултатот од анкетата покажува дека **поголемиот процент од граѓаните се за воведување на предмет сексуално образование**.

| | За сексуално образование | Против сексуално образование | Не знаат |
|---|---|---|---|
| % | 63.7 | 32.8 | 3.5 |

И покрај тоа што на национално ниво е голема подршката за воведување на предмет сексуално образование, сликата е многу поинаква кога ова прашање се разгледува според етничката припадност на испитаниците. Ваква иницијатива би наишла на подршка кај сите етнички заедници, со исклучок на албанската и турската етничка каде поголем процент испитаници се изјаснија против. Кај албанската етничка заедница разликата помеѓу оние кои се против и оние кои се за воведување на сексуално образование не е голема, но сепак мнозинството 47.7% се противат на таквата идеја. Кај турската етничка заедница пак, разликата е поголема, при што мнозинство од 62.5 % е против воведување на таков наставен предмет.

| % | Не знам | За сексуално образование | Против сексуално образование |
|---|---|---|---|
| Македонци | 1.3 | 73.2 | 25.5 |
| Албанци | 9.2 | 43.1 | 47.7 |
| Турци | 0.0 | 37.5 | 62.5 |
| Роми | 6.3 | 56.3 | 37.5 |
| Власи | 0.0 | 66.7 | 33.3 |
| Срби | 10 | 60.0 | 30.0 |
| Друго | 0.0 | 88.9 | 11.1 |

Значаен заклучок е дека нема голема разлика по пол во однос на подршката за воведување на предмет сексуално образование.

| % | Незнам | За | Против |
|---|---|---|---|
| Мажи | 2.7 | 64.2 | 33.1 |
| Жени | 4.3 | 63.1 | 32.6 |

И фокус групите ја потврдија подршката за воведување на ваков предмет. Но, од друга страна укажаа дека иако потивниците се помалубројни имаат силни ставови против таков предмет.

38 Репрезентативен примерок од 600 испитаници, статистичка грешка 4%, при што беа анкетирани 49.8 мажи и 50.2 жени, додека по етничка структура беа анкетирани 64.2% Македонци, 25.5% Албанци, 4% Турци, 2.7 Роми, 0.5% Власи, 1.7% Срби и 1.5% други.

*„Самите деца ќе имаат интерес да посетуваат сексуално образование од причина што со своите родители не можат да разговараат на тие теми. Ваков предмет многу ќе им ја олесни работата на родителите, затоа што и нас ни паѓа тешко кога нашето дете ќе дојде и ќе не праша нешто во врска со сексот. А денеска и помладите деца знаат се, дознават преку интернет, ама прашање е што дознаваат на интернет.“*
***Македонка, мајка на две ќерки и син, Струмица***

*„Ние и да сакаме да кажеме не знаеме многу така што добро е образовани луѓе кои што ги знаат овие теми да им кажат на децата. Сите треба да знаат што ги чека со нивното здравје.“*
***Албанка, мајка на три ќерки и еден син, Струга***

*„Добро е да се воведе таков предмет, ние им кажуваме малку на нашите синови ама тоа не стручно. Е сега треба некој доктор-гинеколог добро да ги информира за да се свесни што може да ги очекува ако згрешат. Сум за воведувањена овој предмет во школо, и тоа е добро од 15 години кога веќе се во пубертет до крај на гимназија сите да знаат што ги очекува.“*
***Албанец, татко на два сина и една ќерка, Струга***

Испитаниците во анкетата кои одговориле дека се противат на воведување на сексуалното образование како главни причини наведуват дека тоа младите „би ги поттикнало порано да имаат секс“ (33.5% од испитаниците кои се против идејата за воведување на сексуално образование) и дека „не треба во училиште децата да учат такви работи“ (33% од испитаниците кои се против идејата за воведување на сексуално образование) . Ова го потврдија и резултатите од фокус групите, каде мал дел од мажите покажаа значителна доза на сомничавост во однос на потребата од воведување, но и од аспект на успешност на имплемнетација.

*„Не би подржал сексуално образование... мало дете 9 години, 14 или 15, тие работи да ги слуша срамота е... На децата може да им биде интересно, ама на наставникот или наставничката ќе им биде незгодно...“*
***Македонец, татко на три ќерки, Струмица***

*„Ако во обрзованието се воведе таков предмет тоа сигурно ќе наиде на неодобрување од страна на родителите без разлика на нивната етничка и религиозна припадност. Па дури и да се воведе како факултативен предмет, иницијативата би пропаднала, наставниците ќе седат сами затоа што нема да имаат на кој да одржат предавање. Никое дете нема да добие дозвола од родителите да посетува таква настава.“*
***Турчин, татко на два сина, Струмица***

Понатаму, 17.8% од испитаниците во анкетата кои се против воведување на сексуално образование сметаат дека „младите доволно знаат“, а 7.6% (од вкупниот број испитаниците кои одговориле дека се против сексуално образование) се повикаа на религијата како причина зошто не треба да се воведе таков предмет во наставната програма. Особено треба да се има во предвид последната категорија, за која и фокус групите покажаа дека тоа се луѓе кои имаат многу потврд и тешко променлив став во споредба со останатите кои се против.

> *„Сексот е табу тема и тоа се должи на самата средина и на самото воспитување. Тоа произлегува и од религиски убедувања, така на пример ако се чита коранот тоа ќе се заклучи... Во муслиманските семејства без разлика дали се работи за Албанци, Турци, Роми, не се разговара за секс. Ако дојде муабетот до тема секс, само ќе се погледнат и престанува разговорот. Тоа е така пред се од религиозни побуди. Ако во образованието се воведе сексуално образование 50% од девојчињата нема да присуствуваат на тој час. Нивните родители нема да дозволат. Прво што ќе кажат ‘е некој маж да предава на мојата ќерка за секс’. И жена да предава би било проблем. “*
> ***Турчин, татко на два сина, Струмица***

Имајки предвид дека првата категорија противници го базира ставот на не информираност, дека сексуално образование би ги потикнало младите да имаат порано секс, треба да се превземат конкретни активности за подобра информираност во однос на вистинските ефекти од сексуалното образование. Повеќе напори би биле потребни да се предомислат оние кои своето противење го темелат на морални вредности и сметаат дека е неморално да се дискутира таа тема во училиштата. За последната и најмалкубројна група која поради религиозни верувања се противи на сексуалното образование, е карактеристично дека без разлика на информациите за значењето, потребата и позитивните ефекти на сексуалното образование е тешко веројатно дека би го променила ставот. Оттука напорите за подигање на свеста треба да се насочат на првите две групи.

Испитаниците во анкетата, кои се согласуваат со воведување на сексуалното образование, како причина за нивната подршка наведуваат дека на тој начин „младите ќе имаат соодветни информации за сексуалното и репродуктивно здравје“ (60.2% од тие кои позитивно одговориле за воведување на сексуалното образование) и дека „сексуалното образование ќе го намали процентот на СПБ, ХИВ/СИДА, непланирана бременост и абортус“ (34.3% од испитаниците кои позитивно одговориле за воведување на сексуалното образование). Интересен податок е дека мал е процентот на испитаници (4.7%) кои како причина одговориле „мене како родител не ми е пријатно да зборувам за такви работи со моето дете“, особено ако се има во предвид дека тоа го покажаа резултатите од фокус групите.

*„Јас не разговарам со своите деца, и мислам дека тоа е грешка. Се срамиме се плашиме, очекуваме тие да прашаат, а не знаеме како е најсоодветно да им се пристапи и да им се одговори на таквите прашања. Може ако детето праша, би било полесно.“*
***Македонка, мајка на две момчиња, Струмица***

*„Нема што да се зборува на таа тема... гледаат телевизија, гледаат се, денеска и малите деца мислам дека се знаат... никогаш не сум разговарал со ќерките за тоа, не знам можеби и до менталитетот е...“*
***Македонец, татко на три ќерки, Струмица (село)***

*„Никогаш не сум разговарала на оваа тема, повеќе сум разговарала за тоа како треба да се однесува во брачниот живот, а за друго не.“*
***Албанка, мајка на две ќерки и еден син, Струга (село)***

*„Синовите не сакаат да разговараат со мене за овие теми, мислат дека се знаат, а со ќерката јас не се чуствувам отворен да зборувам за вакви теми. ..Се плашам дека ако јас како родител зборувам за овие теми дека тие би биле поотворени да направат нешто. Се плашам со разговорот да не ја надминам границата на информирање и мојот разговор да биде сватен дека оправдувам предбарчен секс. “*
***Албанец, татко на два сина и една ќерка, Струга***

Татковците се поотворени и спремни да разговараат со своите синови на оваа тема, додека за таков разговор со своите ќерки воопшто не ни размислуваат.

И најголемиот број на адолесценти кои учествуваа во фокус групите се согласни дека во комуникацијата меѓу нив и родителите постои бариера кога станува збор за прашања поврзани со сексуалното и репродуктивно здравје. Како причина се наведува дека родителите имаат потешкотија да создадат близина за разговор на оваа тема. Во повеќе наврати, особено момчињата во фокус групите истакнаа недостиг на интерес да разговараат со родителите на оваа тема, бидејки веруваат дека нивните родители нема да им дадат повеќе информации од тие со кои веќе располагаат.

*„Мислам дека нема потреба за вакви работи да се разговара со родителите. Родителите не се повеќе информирани од мене, па затоа не се ни обидувам да се обратам кај нив за такви работи.“*
***Македонец, 16 години, момче, Струмица***

Интересно, фокус групите покажаа дека девојчињата се подготвени и сакаат повеќе да разговараат со своите родители на оваа тема, за разлика од момчињата. Сепак заклучокот од фокус групите е дека семејството ретко е примарен извор на инфомации на младите за време на нивното сексуално созревање.

Во однос на програмата, што би требало да се изучува предметот сексуално

образование, четири теми (апстиненција; контрацепција и превенција; однесување во емотивна врска и комуникација со партнерот; и сексуалана ориентација) беа поставени како посебни прашања на кои испитаниците требаше да одговорат со „Да“ или „Не“.

Табела[39]

| | Да | Не |
|---|---|---|
| Апстиненција | 74.06% | 25.9% |
| Контрацепција | 94.8% | 5.2% |
| Однесување во емотивна врска и комуникација со партнерот | 94.8% | 5.2% |
| Сексуална ориентација | 76.7% | 23.2% |

Се забележува дека мнозинството подржува сите четири прашања да бидат покриени со програмата, при што особено е висока подршката во делот на превенција и контрацепција, како и емотивниот аспект на врската. Изненадувачки резултат е високиот процент на подршка предметот да опфаќа и тема „сексуална оринтација“, особено ако се има предвид затвореноста на македонското општество во однос на хомосексуалните врски и високиот процент од 91,6% граѓани кои не опрвавдуваат хомосексуалност[40]. Оттука, не треба да се избрзува со заклучок дека се работи за драстична промена и прифаќање на различноста кога станува збор за сексуалната ориентација. Високиот процент на неодобрување на хомосексуалноста, како и резултатите од фокус групите, за жал упатуваат дека промовирање на различноста и интеграција не би бил одобрен пристап од мнозинството граѓани кон оваа тема во рамки на предмет сексуалното образование.

*„Треба да се изучува како да се заштитат од таа појава, многу е распространета...“*
***Албанец, татко на две ќерки, Струга***

*„Не може нормален човек да е хомосексуалец. Тоа се хормони не можеш да го разубедиш.“*
***Турчин, татко на два сина Струмица***

*„Има многу хомосексуалност...Ако започнеме со едукација на родителите и со едукација во училиштата, нормално е дека нема да има такви појави. Нема да е толку голема бројката како денеска.“*
***Македонка, мајка на две ќерки и син, Струмица***

39На овие 4 прашања одговорија само испитаниците кои подржуваат воведување на предмет сексуално образование. Во табелата се земни во предвид само оние кои одговориле „Да“ или „Не“ кои се анализирани како вкупна бројка односно 100%. Бројот на испитаниците кои одговориле „Не знам“ или „Одбивам“ е незначителен и поради тоа изоставен.
40 Односот кон секуларините /традиционалните/ вредности, Македонски центар за меѓународна соработка МЦМС, Скопје, мај 2009 година, стр.6

Подршката за опфаќање и на сексуалната ориентација е повеќе од побуди на „превоспитување“, односно „превенција“. Секој друг пристап кој би промовирал толеранција и прифаќење на различноста како основна вредност, ќе наиде на отпор од најголемиот број граѓани.

Во однос на тоа кој треба да ги држи часовите по предметот сексуално образование најголем процент од испитаниците кои подржуваат воведување на сексуално образование, сметаат дека тоа треба да биде комбинација од доктори, психолози и претставници од НВО.

| Кој да ги држи часовите | % |
|---|---|
| Наставници по биологија | 11.3 |
| Доктори/гинеколози | 28.5 |
| Психолози | 23.3 |
| Претставници од НВО | 0.3 |
| Комбинација од доктори, психолози и НВО претставници | 33.5 |
| Испитаници кои одбиле да одговорат, одговориле „не знам“ и „никој од наведените“ | 3.1 |

На воочлива ралика во ставовите по етничка линија упатија фокус групите. Фокус групата со родители од албанската етничка заедница од Струга регистрираше целосна согласност дека само доктори би требало да ја изведуваат наставата. Ова имплицира дека предметот би требало тесно да биде фокусиран само на медицинскиот аспект. Во фокус групата во Струмица, иако согласни дека во наставата треба да се вклучени **доктори**, повеќето родители сметаат дека не треба да се пристапи исклучиво медицински на темата. Воочувајки го недостигот од соодветен **кадар како сексолози**, повеќето родители сметаат дека голем удел во предавањата треба да имаат психолози.

Анкетата покажа дека меѓу подржувачите на овој предмет најбројни се оние кои сметаат дека предметот сексуално образование треба да се воведе уште во основно училиште од 7-8 одделение.

И покрај високата подршка за воведување на предмет сексуално образование, на што упатија резултатите од анкетата и фокус групите сепак може да се заклучи дека воведување на таков предмет може да наиде на проблеми и на негодување дури и меѓу оние кои првично изразиле подршка, доколку информациите и концептот на предметот не се вклопуваат во нивниот систем на вредности. Имајки предвид дека ставовите поврзани со оваа тема се прилично силни и често пати оптоварени со стереотипи и конструкции за тоа што е морално, а што не, програмата за ваков предмет колку и да е стручно подготвена може да наиде на противење.

## *6. Препораки*

Главната препорака која произлегува од оваа анализа е воведување на предмет сексуално образование во рамки на образовниот систем. Иако на сексуалното и репродуктивно здравје може да му се пристапи и преку здравствениот систем, препораките се фокусираат само на воведување на наставен предмет во рамки на образованието. При тоа не се исклучува потребата од унапредување на здравствениот ситем. Напротив се охрабрува секоја иницијатива која ќе овозможи поголема достапност не само на информации, туку и на контрацептивни средства.

**Воведување на посебен предмет-сексуално образование**

Потребно е воведување на посебен предмет сексуално образование, наместо оваа проблематика да се интегрира во веќе постоечките предмети (како на пример предметот биологија). Само така пристапот би бил соодветно структуриран и континуиран. Друга значајна причина да се воведе како посебен предмет се и предавачите. Имајќи ја предвид мултидимензионалноста и сензитивноста на оваа тематика потребно е посебно обучен кадар, како и кадар од различен профил во зависност од темата која ќе биде дикутирана.

**Воведување за прв пат предмет сексуално образование во последните години на основното образование.**

Имајќи ги во предвид заклучоците од релевантните здравствени меѓународни организиции, како и од истражувањата спроведени во оваа сфера, најпозитивни ефекти од сексуалното образование се постигнуваат пред адолецентите да станат сексуално активни. Ова не исклучува предметот да продолжи да се слуша и во првите две години на средното училиште при што наставната програма треба да биде соодветно конципирана и прилагодена во согласнот со возраста на учениците.

**Задолжителен предмет, без оценување**

Можно е кај одреден дел од населението ваквата иницијатива да наиде на отпор и негодување, што би се манифестирало со забрана нивните деца да го следат предметот, доколку сексуалното образование се воведе како факултативен предмет. Затоа треба да се воведе како задолжителен предмет, при што учениците не би биле оценувани, а услов за да го поминат овој предмет би била присутноста на часовите.

**Сеопфатен предмет кој нема да има тесно дефиниран медицински пристап и ќе опфаќа повеќе димензии**

Предметот сексуално образование освен што ќе покрие теми како СПБ, непланирана бременост, ХИВ/ СИДА како и начини на превенција и заштита, теба да се осврне и на емотивниот аспект на партнерската врска. Во оваа насока самиот предмет треба да придонесе за подобрување на способноста на младите

за донесување на одговорни и здрави одлуки, подобрување на комуникациските и преговарачки вештини, како и подигање на самодовербата. Оттука, особено е важно при подготовка на програмата на предметот да се пристапи родово сензитивно при што треба да се имаат предвид факторите и притисоците кои ги чувствуваат младите девојчиња, како и младите момчиња во однос на нивната сексуалност. Програмата би содржела активности во насока на искоренување или намалување на притисокот врз адолесцентите. Особено е важно предметот да биде базиран на јасно дефинирани вредности кои ќе промовираат взаемна почит, права и обврски, родова рамноправност и прифаќање на различноста (земајќи ја во предвид сексуална ориентација, хендикеп, етничка и религиозна припадност).

**Квалитетно обучен кадар и кадар од различен профил**

Успехот на една ваква иницијатива во голема мерка зависи и од квалитетот на предавачите, што претпоставува соодветна и квалитетна обука. Понатаму потребно е да бидат вклучени различни профили во изведување на наставата, на пр. медицински лица, психолози, претставници од невладини организации итн. Корисни препораки во овој дел може да се најдат во Меѓународните насоки на УНЕСКО.

**При подготовка на програмата за предметот сексуално образование да бидат вклучени експерти од различни профили кои мултидимензионално ќе пристапат на оваа тематика.**

Во овој дел особено е важно да бидат земени во предвид како насоки и рамка препораките на Кирби и Меѓународните насоки на УНЕСКО но и други компаративни искуства.

**Пилот проект, пред да се воведе предметот сексуално образование.**

Воведување на предмет сексуално образование како пилот проект во училишта во неколку општини, каде живеат припадници од различни етнички заедници. Врз основа на тоа да се анализираат реакциите и евентуалните проблеми од културен и родов аспект. Особено големо внимание треба да се посвети на родовите импликации, со оглед на компаративните искуства кои упатија на различни реакции од родов аспект во смисла на внимание, активност и ангажираност за време на часовите, се со цел се изнајде најефикасен пристап до адолесцентите. Проценката треба да собере информации врз основа на кои ќе биде дефиниран ефикасен пристап не само од родов аспект, туку и од аспект на културата која како што упати истражувањето е различна кога различни етнички заедници се анализирани.

CIP- Каталогизација во публикација

Национална и универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски“, Скопје
342.722(497.7) (047.31)

КОН родово рамноправна Македонија. – Скопје : Центар за истражување и креирање политики, 2010. – 133 стр. : илустр. ; 24 см

Фусноти кон текстот

ISBN 978-608-4586-05-0

а) Родова еднаквост – Македонија - Истражувања

COBISS.MK-ID 81074954

